СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28.08. 1997 година

Скопје, август 1997 година

**III ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 74-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28.08.1997 г.**

**1**. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - стр. 45, 48 др.информација на МВР – за Гостивар
2. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 43, 44
3. ЛАЗАРЕВОКИ МИРКО - 42
4. МАЛИЌИ НАЗМИ - 79
5. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 128
6. ПАВЛОВ БОРИС - 133
7. РУЖИН НАНО - 71
8. РАМАДАНИ САЛИ – 85, 87, 95, 105, 103, 117, 124
9. РАМАДАНИ ИСМЕТ -128, 132
10. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 50, 56, 133
11. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 2
12. ТАИРИ МЕВЉАН - 62, 64
13. ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 67
14. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 2,14, 16, 18, 20, 44

седницата продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28.08. 1997 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседавање Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 74-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илија Гоцевски, Ванчо Чифлиганец, Марјан Начевски, Митко Илиевски, Драган Митевски и Слободан Најдовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Сакам да ве информирам, дами и господа пратеници, дека од 3-ти септември , кога е закажана наредната седница на Собранието, ќе ја поместиме во 11,00 часот, ќе чекаме до 11,15 часот. До колку нема кворум, седницата ќе биде презакажана за некој друг ден. Ова малтретирање навистина не е достоинствено за Собранието.

Има збор г-динот Харуни.

Деловничка интервенција бара г-динот Верко Тантаров.

Почитуван претседателе, најпрво користам прилика на сите земјоделци да им го честитам денешниот празник, со желба да ја соберат целата летина и на време да ја извршат есенската сеидба.

Во текот на вчерашниот ден, г-дине претседателе, Вие рековте дека денес ќе почнеме во 10,00 часот. Ние чекаме тука веќе час и половина, господата ја нема.

Предлагам денес да го прочитаме списокот кои пратеници се тука и кои не се тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секој пратеник пополнува лист за присуство на седницата. Според тоа, се знае кои присуствуваат, кои не присуствуваат.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** ( од место)

Заради јавноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јавноста гледа, бидејќи директно се пренесуваат нашите седници.

Г-дине Харуни, имате збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници, повод за денешната расправа е Информацијата доставена од Министерството за внатрешни работи, подготвена од г-динот Томислав Чокревски.

Да напоменам дека на почетокот ние баравме една таква анализа за настаните во Гостивар и Тетово. Набрзина туку така беше подготвена една информација и таа верзија беше доставена до Владата на РМ и

истата не била прифатена. Потоа, втора верзија презентирана пред Владата на РМ , исто така членовите на Владата
на Рм не се изјасниле за таа Информација, дека таа е непотполна, необјективна и како таква му се врати на МВР да се дообработи.

Истото мислење и јас како пратеник уште на почетокот го делам дека Информацијата доставена од МВР, подготвена од г-динот Томислав Чокревски, е нецелосна, необјективна, Информација која нема докази за овие трагични настани и допрва таа истата Информација од официјалната комисија која е формирана во Владата на РМ треба да се дополни, а можеби ќе се формира и анкетна комисија од страна на Собранието и истата информација од страна на Анкетната комисија и од Комисијата на Владата на РМ барам да се достават до Собранието и по нив пратениците да расправаат.

Јас не би рекол нешто повеќе од она што треба да се каже само поради тоа што веќе една комисија во состав на Владата на РМ е формирана и дека тука има малку пречекорувања на овластувањата на МВР, тука има и ред други можеби и вандалски однесувања

Политичкото организирање на албанците во Македонија се роди како резултат на општата општествена економска, политичка и морална криза во државата. Со измените, сега добро познати, од Централна и Југоисточна Европа, системи кои фактички ги има потрошено и последниот здив на нивната позитивна енергија се заменија со повеќепартискиот систем. Тоа што е вистина, политичкото организирање на албанците беше истовремено и резултат на една груба антиалбанска политика која што се спроведуваше со децении и на крајот како резултат на дамнешните желби на овој дел од албанскиот народ да одлучи за фундаменталните прашања кои се во врска со перспективата на ова население во создадените услови и околности во промените што се спомнаа погоре.

(Му се обраќа на г-динот Зоре Темелковски)

Добро, бе, смири се сега, што.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да зборувате.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Зошто ми се обраќаш? Ти забележи, запиши што имаш, реплицирај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Харуни, продолжете со вашата дискусија, ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако не по друго, потежок си и поголем од мене, можеш да реплицираш.

Албанското население, политичкиот и партискиот плурализам го сваќање и го чувствуваше како борба во разни идеи и програми каде што има простор доволно за дијалог и конкуренција на идеи,при што толеранцијата и разбирањето се на доследно ниво. Дел од македонскиот политички субјект, користејќи ги создадените позиции со децении порано, партискиот плурализам го искористија како еден поволен маневарски простор за продолжување со старите адети на нови околности. Албанското население уште еднаш со надеж дека ќе ги исправи историските неправди, системот , наследени од блиското или далечното минато , но тие останаа само желби и ништо повеќе. Барањата на албанците, без оглед колку се праведни и природни, секогаш се негираа под изговор дека го загрозуваат македонското битие. Македонското битие, интегритетот и суверенитетот на државата. Од каде сте убедени дека од права на други се доведува во прашање државата? Јас такво убедување лично и немам.

Бруталниот поход на полицијата во Гостивар е една драстична епизода во низа антиалбански дејствија кои организирано ги презема Владата на РМ, и тоа подолго време. Јас не би рекол интервенција, туку поход. Овој поход треба да се свати како продолжение на трагичните

настани по 1945 година, кога сите офицери кои беа вклучени во НОВ и Социјалистичката револуција, по враќањето тие беа отстранети и дел од нив ликвидирани.

Исто така, настаните од 1948 година, наводно Инфор-биро, во кое албанците најмалку беа вклучени, и во тој дел беше свирепа одмаздата и со активисти албанци. Сета неправда околу тоа што продолжува во 1949 година, - само еден драстичен пример за некој наводен атентат што се изврши во делот на Пирочкиот пат беа интернирани семејства во с. Градец и најпосле се покажа дека истите семејства воопшто не биле вклучени и биле невини, ама тие платија со 12 луѓе од семејството кои не се вратија од интернација. Тоа е семејството на Мемет Кока од Градец. Да не ги набројувам и другите години во кои исто така перманентно албанците биле во посебна обработка на системот и полицијата. Така продолжуваат годините 1950, 19 56, 1981 година, потоа ги имаме настаните на Бит Паза, Радолишта, Мала Речица и кои имаат само една цел, албанците во Македонија да се откажат од нивните природни барања, под перманентен притисок на насилство да го прифатат статусот на национално малцинство, нешто што во балканските услови и околности се подразбира како граѓанин од втор ред и уште најлошо, насилството и теророт што се врши над нив да создаде несигурност и услови кон масовни миграции и етничките чистки на просторите во Западна Македонија.

Случајот Гостивар им стави капак. Националното албанско знаме и неговата употреба зема учество во историското практицирано право. Тој беше добредојден кај македонците во многу етапи од историскиот развој на балканот, кога албанците се собираа околу националното знаме и се бореа против заедничкиот непријател. Во тие фази ова знаме беше прифатено добро и не го загрозуваше македонското битие. Напротив, бевме појаки и бевме посилни заедно.

Во поновата историја употребата на националното знаме беше регулирана со посебен закон во 197 3 година. После познатите настани на Косово во 1981 година, кои настани направија одек и во РМ , со уставните амандмани во 1989 гадина, овој закон беше укинат. Барањето за употреба на знамето започна да се интензивира посебно во вториот дел од 1992 година, на прагот на манифестациите за Денот на знамето кај албанците 28 ноември.

Имајќи ги предвид моментот и времето, реалната позиција на Македонија, потребата пред надворешниот фактор да се прикаже како држава која ги почитува правилата на модерната демократија и се разбира, да се затегнуваат меѓунационалните односи, свесна дека албанците ќе одиграат доминантна улога за меѓународниот прием на Македонија, раководечката македонска структура врши еден компромис со ПДП и се согласува албанското национално знаме да се употребува заедно со државното знаме. Непостоењето на посебен закон за употребата на знамињата поставуваше отворено национален маневарски простор и рационален маневарски простор. Веднаш по конституирањето на локалната власт во општина Гостивар, меѓу другото се донесуваат акти за регулирање на употребата на знамињата. Советот на општината Гостивар на 13 мај 1997 година, го усвои Статутот на општината и со членот 140 од овој акт го уредува во целосна форма прашањето за употребата на знамињата. Од овој момент пред општинската зграда се истакнува и се вее државното, албанското и турското знаме.

Ова беше причината што советниците на партијата на СДСМ од Гостивар покренуваат пред Уставниот суд постапка за оценување на уставноста и законитоста на овој акт на Советот на општина Гостивар. Истовремено, македонската јавност започна со перманентната антиалбанска политика, сензибилизира вонредни размери.

Тука доста придонесоа и средствата за информирање. На 21 мај оваа година, Уставниот суд донесува привремена мерка за забрана на употребата на знамињата во Гостивар, односно го стави вон сила членот 140 од Статутот на општина Гостивар. Тука ќе се вмеша и претседателот на Уставниот суд Милан Нетков, кој што во меѓувреме е избран за претседател, ги учи албанците од Македонија дека според. член 48 од Уставот на РМ не се подразбира правото за употреба на националното знаме и дека со националните особености се подразбира нешто друго, но истиот не прецизираше што.

Ситуацијата во Гостивар станува уште по затегната по симнувањето на албанското знаме од четири лица македонци, околу 4 часот наутро , на 25 мај оваа година. Во оваа затегната ситуација која што се закануваше со ескалација на меѓуетнички конфликти влијаеше Владата ургентно да изготви и да даде виза на законот за употребата на знамињата на националностите. каков, таков законот се усвои.

По усвојувањето на овој Закон и интервенцијата на полицијата, два три часа подоцна, во Тетово и Гостивар ни дава за право да мислиме дека акцијата за поход била со време организирана, за што потврди и самиот министер Чокревски со неговото појавување во Парламентот на минатата седница, на 25 јули о.г.

Од друга страна, по неговото изјавување овде на говорница не биле министрите албанци во Владата на РМ. Ако не никој друг, барем потпретседателот на Владата, зошто да не се информира и да бидат и другите информирани барем потпретседателот на Владата. Ако е тоа така, тогаш е повеќе отколку болно, повеќе отколку трагично, членови на една Влада да не бидат информирани. Тоа што министерот сакаше и се обидуваше да го исправи, заправо да ја оправда целта на тој поход јас мислам дека е неаргументирано.

Анализите покажуваат дека за походот на специјалните единици во Гостивар е претекс одлуката на Уставниот суд за употребата на знамињата, а со цел да се постигне следното:

Дисциплинирање на албанците за да се откажат од нивните природни права.

2. Политичкиот рејтинг на СДСМ беше паднат а имаше потреба да се подигне.

3. Пренесување на вниманието на македонската јавност од тешката и социјална криза за чие што решавање оваа Влада неможе

да изнајде адекватен рецепт.

Походот на полицијата се одвива во неколку фази во Гостивар. Првата фаза ја започнува полицијата некаде околу 02,00 часот по полноќ во Гостивар и до 15,15 часот кога состојбата почнува да ескалира. Тука на овој поход на полицијата и помогнаа и други организации како што е ПТТ комуникации, Поштата, Електро-дистрибуција исто така, со тоа што тоа население и тој дел беше во потполн мрак без никакви комуникациски врски.

Втората фаза започнува околу 15,15 часот кога специјалните полициски сили вооружени до заби ја напаѓаат масата во почетокот фрлајќи солзавец кон нив, а потоа употребувајќи и огнено оружје, при што се потрошени над 2800 куршуми, податок што го призна и самиот министер Чокревски. Оваа фаза завршува до 17,30 часот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Третата фаза ја карактеризираат притворите и претресите на куќи и станови околу местото на настанот. Токму во таа фаза доаѓа до израз бруталноста на полицијата кон насобраните Албанци. По мирните протести, влегуваат по куќите. Полицијата по нив во куќи без милост, ги малтретираат и тероризираат, не разликувајќи ни возраст ни пол, и причинувајќи огромни материјални штети, пљачкајќи разни лица и др.

Ова, г-дине Чоклевски имаме податок, имаме изјави,писмени. Не дека не е вистина. А, вие за сходно не најдовте ништо во таа Ваша Информација да наведете.

(Реакција во салата)

(Претседателот предупредува со ѕвоното за ред). Слушај, ако е министер, но, гримаси не сакам пред мене!

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, Ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не сакам гримаси дека не е тоа така. Ако не е тоа така јас сакам (претседателот постојано предупредува со ѕвончето на ред) на лице место да се излезе и да се види.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Харуни, дозволите...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ма, извини молим те председниче, јас сум пратеник..

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам што ве прекинувам...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сум пратеник како што сте и Вие. Дај, молим те дозволи јас оваа дискусија до крај да ја извршам и молим те дај ми услови за ова да го направам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, прво дајте ми услови прво јас да кажам нешто...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако не е ова вака што полицијата има влезено внатре, има пљачкано, има грубо насилство према граѓаните во куќи, да се излезе на лице место и нека ги потврди. Тоа е власт. Тој ја има таа можност и институција во рака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Харуни...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

А не јас и некој други, Мето Јовановски да одиме по куќи и да ги земаме таквите изјави» Тие изјави не се дадени пред Сејфедин Харуни...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Мене ми е потресно ова што го кажувам. Се извинувам молим вас лепо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Харуни ве молам...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Мене ми е потресно и језиво ова што се случува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас сакам друго нешто да ви укажам...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Кажи молим те и не само друго,него вие, дајте ми услови јас оваа дискусија да ја извадам до крај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама, дајте ми услови јас да кажам нешто, ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Кажете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, до колку сакате да се обратите лично до министер или до пратеник, ќе побарате дозвола од мене, како претседавач...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Како ќе барам...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, тоа се деловнички обврски. А, вие треба да се обратите на Парламентот, на пратениците. Според тоа, затоа се реакциите. Ако се обраќате лично на пратеник или министер, реакциите природно ќе следат од таа страна.

Ве молам, почитувајте го Деловникот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Председниче, господинот е пред вас и тој нафрлуваше. Вие ништо кон него не презедовте.'

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас реков, ги замолив пратениците од место да не дофрлуваат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дозволи, не ме ставајте во ситуација јас да дигнам глас кога нема потреба од глас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде, продолжете, продолжете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Епилогот на втората и третата фаза изгледа како во продолжение: двајца мртви Шпенд Исеини, 31- годишен, доктор по стоматолошки науки од с. Фросино, Назми Сапиу, 31-годишен, од с. Мало Турчане. Споменатите жртви се убиваат од огнено оружје.

Министерството за внатрешни работи има покренато обвинение против лица кои воопшто не се идентификувани, кои немаат пукано во нив. И, кажи молим те председниче дали таква информација треба да се земе предвид и да се по неа овде дискутира? Да не можат лицата кои пукале во таа маса месец и кусур да не се идентификуваат. Скоро два месеци. Можно ли е тоа/

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе каже министерот за тоа на крај.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Нема што да каже министерот кога до сега тој не ја дополни таа информација!!

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Е, па, немојте, ем барате...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ете така.

(Џагор во салата а претседателот со звоното предупредува за мир).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**:

Не разбирам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Очевидците што биле во толпата виделе дека специјалните единици на полицијата немаат пукано во тој дел и жртвите и сите ранети не се од полицијата, туку е пукано од зградите. Јас не сум бил таму. Јас заедно со Вас бев тука и баравме да ни се презентира состојбата во Гостивар. Но, болно е трагично тоа од згради да се пука и до ден денес да не се идентификуваат лицата. Тоа би било исто како што реков вчера, ништо не ни причинува ако некои други еве вака може да подлегнат од заскитан куршум од истрели на полиција или од истрели на некои доброволци, вака, што се инквадрираат во таа валкана игра. Валкана би рекол игра.

Споменатите жртви се убиваат од огнено оружје од згради.

При овој случај имало над 300 притворени, над 200 лица тешко повредени, над 700 претепани и малтретирани, над 50 лица излезени пред судските органи за прекршочни дела, кои се казнети по 60 дена затвор, над 10 пријавени за кривично дело, а меѓу нив и Градоначалникот на Општина Гостивар, заедно со претседателот на Советот.

За прекршочни мислам казнети со 60 дена, фатени се во утро млекарите што имаат дел продадено млеко. А, истите полицајци, ако не биле од Гостивар, другите, нивните колеги од нив имаат купувано секој ден по поевтина цена. И, дошле да демонстрираат, каобајаги. Ќемал Адиним од Градец е. Роден е 1920 година. Тој е инвалид. Секој ден тој носи по 200 и повеќе литри млеко така. И, тој ти бил наводно демонстрант и ќе ја загрозува државниот интегритет и суверенитет.

Четвртата фаза започнува по 9 и 10 јули. полицијата во оваа фаза продолжува информативни разговори, тепањето, малтретирањето, заканувањата, уценувањата, тероризирањата и сличните примитивни и брутални однесувања на полицијата кон граѓаните. Беше евидентна.

За ова, поседуваме господа слики. Нема човек кој е фатен и малтретиран и тепан до бесвест кој не е сликан. Немам што јас тука да дрдорам, она што го рече вчера нашиот координатор ќе беше многу фино и многу добро да се видеа тие траки, тие видео снимки. Јас, најмалку би сакал тука на говорница да излезам, а таа можеби ќе

поттикнеше, Вие браќа македонци да излезете на говорница по видените тие видео снимки. И, после ќе седнеме и ќе разговаравме. Сите тогаш ќе се сложевте дека г-дин Чокревски касни што не поднел оставка. Сите ќе се сложевте. Јас не би кажал нешто повеќе него тоа како негова сатисфакција, оти лично го почитувам.

Овој брутален полициски напад го аргументираат видео траките снимени и емитувани преку телевизиските канали, многуте писмени изјави и декларации на еден голем број албански и турски граѓани, сведоци очевидци од местото на трагичниот настан на ул. "Б. Ѓиноски" во Гостивар, голем број на фотографии на "казнетите" од страна на полицијата, физички казнети и други понижувања на верска, национална и фамилијарна основа. Тоа е језиво господа. Тоа е многу трагично. И тоа на 70 км. на 67 км. од центарот на државата се прават дејствија што, истите се она што полицијата, елитна полиција и армија на Канада ги направи 92 година против етничките Индијанци. Ако тоа го сметате дека сме Индијанци, мене би ми било брука да останам пратеник овде, бидејќи често пати сум рекол дека не сум пратеник само на апбанската припадност. Јас сум подеднакво пратеник и на тој од Гевгелија и тој од Кичево од Валандово и било кој. Јас сум народен пратеник. А, никој од нас тука воопшто не е во состојба да каже нашите избраници не ни веруваат затоа што вака се постапува. Вака се постапува.

Да сме само малку поконкретни и покоректни немаше да се случи Гостивар. А, јас сум сигурен дека таму имаме знатно негативен ефект. За кратко време Гостивар ќе ни биде чист, без македонци. Штета ќе биде тоа.

(Реакции од страна на пратеник)

Да, да, да, применувајќи ја оваа сила и присила над нас албанците тие не се осеќаат сигурни тука со првиот комшија, со првиот еснаф.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам од место. Немојте да дофрлувате.

(Дофрлување од страна на пратеник).

Па, немојте ве молам. Ќе добиете збор.

(Реакции од страна на пратеникот).

Па, па, јас ако реагирам на секоја ваша дискусија, нема дискусија. Немојте да разговарате од место. Кога ќе добиете збор ќе разговарате. Тогаш ќе говорите. А, сега престанете ве молам.

Продолжете г-дине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Зачудени од невидената интервенција на полицијата со сите современи воени средства на располагање (блиндираните коли, автоматско оружје, бомби солзавци, гумени пендреци, специјални ножеви, со цевовите вперени према насобраните граѓани удирани со кундак, населението почна да се разотидат во паника, во разни правци. Барајќи засолниште од нападот на полицијата, еден дел од населението трчаа во правец на Домот на културата. А, воедно разотидената маса бараше засолниште лево и десно на тој булевар "Браќа Ѓиновски". Масата била растурана со куршуми и сила. Секако се пукало во воздух. Да беше тоа пукање во маса ќе беше покољ.

Но, тој што бега и тој што слуша не гледа што зад него се случува. Тој мисли дека во маса се пука.

Тука паднаа тие две споменати жртви, пред Домот на културата во тој дел и од зградите очевидците кажуваат дека е пукано. Истото го потврди и написот во "Нова Македонија" дека МВР има покренувано обвиненија против убијците на настаните во Гостивар. Тешко се ранети неколку десетици албанци и паднаа во несвест неколку стотини од полициските куршуми. Од ударите со оружје, гумени папки и други тврди предмети. Над беспомошните тела на луѓето во несвест газеше полициската чизма. Албанците таа порака добро ја знаеја и ја осеќаа. За ова исто така зборуваат луѓето, видео снимките, емитувани на приватните канапи. Исто така, дел од тие фрагменти има емитувано и централната телевизиска куќа.

Во овие морбидни епизоди причинети од полицијата, поседуваме документација односно релевантни докази, видео касети. Од ова на улица полицијата не беше задоволна. Репресијата кон албанците до опишаните моменти а со цел да ги задоволи шовинистичките и расистичките чувства кон албанците го зголеми насилството, не

дозволувајќи да помине ниту еден албански граѓанин без да се казни и физички малтретира.

Така во споменатите моменти, полицијата ги става во функција своите транспортни и други дополнителни комуникациски средства со цел да ги транспортираат за ОВР Гостивар сите граѓани што се нашле и случајните минувачи фатени по пат. Приведени се и граѓани од деловните локали и стамбени згради на ул. "Б. Ѓиноски" , на улица "Кочи Зози" , "ЈНА", "Борче Јовановски" плоштадот "Маршал Тито" и некој други.

Таа ги носеше во тие транспортери во збиени редови еден над друг. полумртви ги носела во зградата на полицијата и во холот на полицијата. Таму, одморени касапи ги имаат чекано нив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, ве молам, говорет...

(Реакции во салата а претседателот предупредува со ѕвоното за ред)

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Повеќе него ова што го кажувам.

(Реакции од страна на претенциите)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се наоѓате...

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Луѓето биле тука во полунесвест...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Харуни..

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

... одморени почнале да ги газат нив таму во тие гаражи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, однесувајте се коректно кон вашите колеги, ве молам.

(Реакции од пратениците)

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Другите што биле во центарот таму каде што била таа големата хајка биде уморени и ваму ги чекале одморени полицајците. Тука почнува језивото третирање и малтретирање на масата. Збиени и така полумртви, полунесвесни во тие дворови, со клоци кон нив, газејќи по нивните тела и пцуејќи ги и навредувајќи ги лично нивните семејства во национална и верска основа.

Кога просториите на полициската станица во Гостивар се наполнија полно со Албанци, Турци и муслимани и нема капацитети за да примат други луѓе за казнување, тогаш се случува во Гостивар нешто невидено до сега. Парковите се сторија логор-паркови. Тоа се виде и во видео снимката. Паркот во Собранието на општина Гостивар, влечејќи ги зеле луѓето од дома, од своите дуќани и тука на грамада ги имаат пуштено. Јас тоа го видов од телевизиските снимки на државната телевизија. И, како се изживуваа тука полицајците. Воопшто жртва која не реагираше, со подигнати раце да се зема и така на половина тој да се кине и да се гази како што видовме. Големиот парк во Гостивар исто беше логор-парк невиден до сега за Гостивар. Така, во Гостивар полицијата ги употреби, ги стави во движење и во употреба и некои микрко-локации влечејќи еден голем број граѓани останати беспомошни на улица, во бесвест од примитивното полициско насилство со тешки телесни повреди. Вака полицијата парковите ги претвори во логори. Тоа го реков и пресека. Многу ми е тешко и тоа 67 км. од главниот град на

Република Македонија, од главниот град на оазата на мирот. Во парк логорите биле донесени не само тие што биле во толпата туку луѓе од своите дуќани, од своите куќи, бизнисмените на РМ, ценетиеенафи во Гостивар. И Турци, и Албанци. Тука не биле донесени само македонците. А заедно, пиеле и кафе во утринските часови со . Бившиот претседател на Општинскиот суд I Атанас Јанковски бил тука пиејќи кафе во слаткарницата "Мињони" заедно со заменикот на Јавниот обвинител. Полицијата, не само Атанас Јанковски, туку бил и некој Ристо не му го знам презимето и некои други и тоа нивното седнување, влага полицијата и ништо воопшто и покрај тоа што тој рекол јас сум македонец. Другиот рекол јас сум заменик јавен обвинител, другиот рекол јас сум турчин, некој трет рекол дека е од ромска национапност. Така се собираме ние во Гостивар, бидејќи таква ни е средината.

Во таа средина е задирано. Треба да се напомне и нешто друго тука од оваа говорница, јас се обидов, но беа одморите, морам тоа да го кажам по една друга прилика македонец ги засолил некои што се растурале од толпата. Во својот подрум ги има ставено околу 50. А, Андреа Огњановски, еден од нашиве заправо бившиве политичари на кого ние и некогаш му се колневме на улица кога го видовме, тој им рекол дека таму има некои кои влегле.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Храбриот македонец тоа не го направи. Во една друга прилика ќе кажам дека така го чувствува еснафот во Гостивар. Зачудува фактот што полицијата му рекла на него дали си крстен, за да го препознае дали е Аабанец, турчин или некој друг. Што има тоа врска дали сум јас Петко или Јанко, така се претставил и полицијата се вратила. Тој еден по еден ги има издадено сите други што биле во подрумите, во касните вечерни часови.

За време на овие претреси полицијата крајно маптретирање еден голем број албанци и турци, оставајќи траги на еден терор и скандал што може да се види само во филмовите на ужасот.

Во споменатите логори донесените граѓани се влечени окружени од полицијата и малтретирани неколку часа. Насобрани така и беспомошни врз овие граѓани полицијата вршеше терор со средновековни методи. Други методи, да се гази врз човек кој воопшто не дава отпор, тој лежи а ти го газиш, правиш кеф, или демонстрираш сила и тоа в очи на јавноста, што е тоа. Воопшто никој од нас овде не мисли што сме ние тука во Македонија. 2.000 000 народ сме. Милион и нешто има македонци, другото е останато (албанци, турци, срби, роми).

Ме навреди еднаш Голубовски рече дека вие сте шака јад. И навистина сме шака јад, малку сме, а разединети и вперени едни спрема други со голема омраза. Сигурно нема да бидеме ние некоја сила. Каква сила ние ќе демонстрираме кога ништо не сме.

За ова што го реков погоре ние имаме исто така видео касети, имаме изјави, имаме фотографии што ги имаме прибирано од жртвите.

Полицијата во овој случај не почитуваше никаква законска ни хумана норма и дека во трагедијата во Гостивар ја суспендира таканареченаата правна држава, без службено да прогласи вонредна состојба, а што има за цел прикривање на насилството и теророт кон Албанците пред релевантните меѓународни фактори и задоволувањето на националшовинистичките страсти на некои македонски политички сили, докажани со антиапбански фобија.

За сето ова зборуваат и истрелите со огнено оружје од полицајците во некои куќи, господа фасадите надвор што се изрешетени од рафалите на куршумите воопшто ги нема земено предвид. Никој не може да ме убеди дека од надвор со рафал е решетиран таванот на гостинска соба, туку при претресот луѓето влегле внатре и кога виделе дека нема мажи, само жените се тука си направиле ќеф и во таванот испукале рафали. Куќата уште не е направена, уште не е заправо мереметирано. Траги од тоа пукање има и во подрум и во куќи. Такви примери г-да има во куќата на сопственици се: Бавтјар Шурбани, ул." Б.Ѓиноски", Менфи Сагари ул." Б. Ѓиноски" на Ул. ЈНА Гајур Демири, Бујар Агаи ул. " Н. Парапунов", дуќаните на браќата Сани и Кујтим Алиѓега. Кога е влезено во куќи секако реагирале и децата и жените и се што се нашло дома. Полицијата тука воопшто го нема поштедена. Тука беа жени деца, домаќини старци, претепани семејства, плач и ужас невиден и малтретирањата од страна на полицијата. Така ги имаат земено од куќа, ги влечеле и ги носеле во ПарКпогорите и во полициската станица во Гостивар. Така е постапено со Дилавер Зулфиќари, еден познат бизнисмен, познат политичар, познат граѓанин во таа средина заедно со некој друг помлад од него ги врзуваат за знакот на патниот правец центар-Гостивар спрема Маврово, со лисици, на сред бел ден, во центарот на градот.

На ул. Коч Зози се врши варварско и нечовечко однесување кон семејството на Иса Реџепи, Адем Реџепи, Ислам Мемеди, Халит Јашари , во Кочит Зози. Јас и да се обидам тоа да го опишам не сум во состојба. Овие лица се претепуваат пред членовите на семејството и децата пред нивните жени. На Адем Реџепи полицијата му крши две ребра, 11-то и 12-то, над 60 години е стар. Така влечејќи го имаат носено низ Бул. " Браќа Гиновски до пред Домот на Културата, во полусвесна состојба. Јадниот го земал кичето в рака и така го влечеле. Му рекле џвакај ја капата. Тој почнал да ја џвака. Истата изјава тој ја даде кога бев во присуство со Мето Јовановски. Тој има ставено вештачки заби, замислете со непцето што може да направи. Почнал да крвари и паднал. Повторно е дигнат. Моли се на господ му рекле, било тоа во 16 и нешто часот. Тој почнал да се моли. На кој се молиш бре. Јеси ти у при свест. Вака тој ја даде таа изјава. Па тој не е твој господ. На овој господ, го терал да се крсти. Така ја има дадено изјавата човекот. Тука нема прекорачувања и друго оправдување што министерот Чокревски ја напишал таа Информација.

Таа информација г-да ако се излезе на терен и овие изјави се земат од лицата, да не се потресе човек, не може. Така, со скршени 11 и 12 ребро го имаат носено, влечејќи го до полициска станица и таму оставен на другите, она што го реков пред тоа, јас се извинувам, може би малку сум и емотивен во конкретниот случај, го газеа тие што беа одморени полицајци. Тој ја џвакал, џвакал капата и најпосле полицијата му ја зема, ја ќине и му рекле па не можеш да ја голтнеш. Па голема капа е, не може сигурно.

(Упаѓање од место)

Г-дине Мирко биди мирен. Затоа реагирав вчера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Затоа реагирав вчера, баш од твоја страна дека волкот го јал магарето. Ништо не станало во Гостивар затоа што жртви биле...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам пратениците од место да не дофрлаат, а и вас г-дине Харуни да не провоцирате.

Господине Лазаревски немојте од место.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Истиот ден јас бев тука заедно со тебе г-дине Мирко и кога реагираше нашиот одговорен на Пратеничката група ние тука бевме и баравме изјава од министерот Чокревски и не се занесувај. Јас знам дека си шегаџија но до тој степен...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам, не излеговте да разговарате со пратениците.

Сега, имаме два господа, господо. Едниот е господ на полицајците што мора да се крсти, другиот е господ што ние мора почит да правиме при оние верски обреди. Ова е за мене несфатливо.

Какви зборови би рекол тука, дали е тоа фашизам, дали е тоа нацизам. Вака постапија нацистите за време на Втората светска војна. Било што јас да кажам тоа не можам да го опишам.

Турчин, Ќазим Ѓаковица на Ул. ЈНА, влегле полицијата, четворица насилно и му ја имаат скршено вратата. Тој јадниот рекол јас сум турчин. Овие со еден погрден израз му вратиле, а...а... едно исто, се подразбира. Тие четворица толку го имаат мавано додека го имаат извадено во неговиот двор и така го имаат извлечено. Човекот има внатрешно крварење. Излечен е во државната болница, Ќазим Ѓаковица, 1935 година е роден. Отпусна листа негова имаме.

Одкако е излезен од дворот на куќата два други кордона на полицијата колку што можеле, овие четворица го влечеле, кој не можел да оди. Разбирате во која состојба тој бил. Да одел тоа е сосема друго. Тој реков, внатрешно крварење имал, опериран тука и изгледа едниот бубрег му е надвор од функција. Така овие четири момци, Чокревиве момци го влечеле а другиот кордон и две колони на полицијата мавале. Воопшто не гледале дека тој е надвор од свеста. Реков отпусна листа има, лечен е во државна болница. Истиот има дадено изјава пред Мето Јовановски и рече дека ќе тужам, да го искористам правото, бидејќи ако немам право на улица барем институциите на системот ќе го направат она што секој човек заправо се наслонува на нив.

Исто така на таа улица постапено е исто спрема Гајур Демири, неговиот син 19 годишен, потоа, према Енвер Хасани, Шинаси Азизи и други семејства што биле тука. Имале и гости. Дента кога бевме гостите не можевме да ги најдеме.

Се поставува прашање што објектив беше интервенцијата на полицијата, дали само да ги симне знамињата или пак да го направи и ова што го направија. Ако и ова било во фокусот на нивните дејствија тогаш јас да се оградам да ги земам овие страници што ги имам

напишано, а сакам да помогнам бидејќи информацијата треба да се дополни а пратениците треба да имаат и појасна слика, тогаш треба да одам и да си седнам на место.

Понатаму, јас ќе набројам име и презиме на луѓе и колку средства се одземени, во девизи и злато и денари. Ќе ги набројам јас нив по име и презиме бидејќи таквите изјави ние ги имаме добиено и нека се проверат. Ако и ова г-да се деси од наша полиција во една демократска земја каква што е Македонија, таа не престана нашиот ценет претседател низ Европа и метрополите на светот да вика дека ние сме оаза на мирот, па барем ако не друго претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров за овие настани треба да биде информиран.

Бесник Даути од Гостивар случаен минувач полицијата му одзеде 300 ДМ во близина на Домот на културата, Бесник Нуредини од Гостивар му одзеле 2500ДМ и 3000 ден., на Забедин Садику му го одзеле рачниот часовник вреден 13000 ден и 100 ДМ, на Имер Зеќири од Гостивар враќајќи се од привремена работа од Германија му одзедоа 20000 ДМ, на Џеват Бејта секретар на СО - Гостивар му одзедоа 23.000.ден. и 560 ДМ.

(Реакции на пратениците од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не станува збор за записник г-дине. Истиот е секретар на Собранието на општина Гостивар. Тој ми е опонент. Воопшто не сакам да знам доколку не е исправно. Еве, најотворено го кажувам. Од дома е земен, имал 23.000 денари во џеп и 560 ДМ. Донесен од од Гостивар во Скопје, во која полициска станица никој не е свесен да каже. Да претпоставиме дека тој лаже. Меѓутоа од овие стотици што ги имам овде барем еден ако е евидентиран така, мене ми е доволен факт. Имаме писмени изјави. Зададени писмени изјави од секој граѓанин кој е ограбен од полицијата, имаме орган, имаме институции, имаме систем на кои ние им веруваме, нека го испитаат до крај проблемот. Ако не е вистина јас тогаш ќе излезам овде на говорница и ќе кажам другар ти ме стави во ситуација јас пред јавноста и пред пратениците да го кажам тоа и

тоа, нека ти е страм, нека ти е на чест. Инаку, на што друго би се базирал јас и мојата дискусија тука.

На Сани Алигега (во деловниот простор) полицијата му одзеде 600 ДМ, на Шенази Азири му одзеде 23009 ДМ, на Нијази Селмани му одзеде 100 ДМ и 2000 ден., на Бесник Нуредини му одзеде 2600 ДМ, на Агим Сејфулаи му ја одзеле златната огрлица во вредност на 500 ДМ, на Јусуф Асани (с. Дебреште) му одзеде златна огрлица и нараквица во вредност од 1200 ДМ и 1500 ден., на Абдула Беџети (с. Дебреше) му одзедоа 100 ДМ и 5000 ден., додека жената на Хапит Јашари (Гостивар) , на Ул. Кочи Зози полицијата насилно има влезено внатре , ниту еден од мажите не бил. И побарале дај го клучот и рекле и отклучи го сефот. Тие имаат сеф, тие се бизнисмени луѓе, видни во чаршијата во Гостивар. Таа отворила. Децата виштеле. Го отворила сефот меѓутоа, за среќа ништо немало. Реков, никој од мажите внатре не бил. Значи ја натерале со сила да го отвори сефот и потоа со пцовки и малтретирања луѓето се вратиле назад. Сега замисли некој да ти влегува во куќи наоружан, непознат. На што тоа личи.

Исто така, посебно подвлекуваме за време на насилните и незаконските интервенции на полицијата по куќите, становите, деловните простории и други вандализми имаат предизвикано голема материјана штета: кршење на врати, прозорци, намештај и домашни апарати, кршење на витрини и инвентар по продавниците како и демолирањана некои автомобили по улици. Овие штети се оценуваат во повеќе стотици илјади ДМ, во врска со што ќе побараме законска компензација на оштетените граѓани. Сите што имаат штета ќе побараат таа штета некој да им ја компензира. Некој тоа мора да го плати господине Чокревски.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:(**продолжение)

Г-дине претседателе ако можете да ми помогнете бидејќи јас и така се задржувам, можеби не се волни луѓето да следат и да слушаат Ве молам на Слободан Даневски обрнете му внимание не да ме слуша, туку да не прави такви смешки спрема мене.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да ги провоцирате и вие.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Воопшто не ги провоцирам, што реков за Слободан Даневски, кога го имам провоцирано него, како да не знам каков е тој, па ќе го провоцирам. Јас можам да се шегувам со некои други што ги познавам тука, но Слободан Даневски ќе го провоцирам?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, вчера се договоривме за поголма ефикасност.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам голема почит кога излегуваш на говорница и некогаш кога скршнуваш од она. Не те гледам дека си толку вооружен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да разговарате. Па не излеговте овде да разговарате со пратениците од говорница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Те молам, бидејќи не сакам ни јас да провоцирам. Никогаш не сум провоцирал од место.

Овде потсетуваме дека од тешките физички телесни повреди умира на 14.07. Миљаим Даути од с.Добридол. Миљаим Даути јас лично сум го познавал, помлад од мене една или две години, не знам мој врсник. Тој дента отишол да земе уље за моторното возило неговите најблиски бидејќи тој почина поле 3-4 дена од настанот и рекол дека кога видел дека крстопатите биле блокирани, требаше да се вратам, но не знам што ме тераше да ги убедам полицајците дека одам по уље за моторното возило и тие го пуштиле. Така тој изјавил се додека бил во живот. Зошто да ги убедам, тој така и делуваше, убедително делуваше. Тој не е починат од заскитан куршум, не е од огнено оружје починат. Сега замислете јак, силен, здрав, сподобен човек од удари, од малтретирања да почине после 4-5 дена и покрај онаа укажана помош 57 лица имаат добиено повреди и претрпено телесни оштетувања со трајни последици и поголемиот дел од нив сега ќе сметаат дека ќе останат за секогаш трајни инвалиди. Една евиденција од категорија на лица што имаат претрпено од полицијата се составени во медицинскиот центар во Гостивар и повеќето од медицинскиот центар во Гостивар кои се лекуваа и дел од нив таа документација ја имаат прибирано кај приватните амбуланти. Прилог за ова ги имаме изјавите, ги имаме нивните отпусти листи, прилог ги имаме и видеокасетите. Посебно е да се истакне фактот без оглед на реагирањето на албанските политички субјекти и на некои меѓународни фактори за насилствата што ги врши без потребно кон албанското население во Гостивар полицијата продолжи со своите драстични мерки кон албанците на 10-ти, 12-ти. 13-ти и 14-ти јули со наводно во разговор и ред други работи. Од ова примитивно насилство не се штедеа ниту способните лица, жените, децата, старите и старците кои што посебно ги имаат навредено и псуено полицајците врз национална и верска основа. Во главје во себе е и кршењето на законите и нечовечкото однесување на полицајците е тоа кон лицата кон кои беше

извршена прекршочната и кривичната постапка, посебно нивното тепање и малтретирање пред судиите во основните судови. Никакво почитување на основните хумани принципи, прекршочната, кривичната постапка и судењето се одржува во присуство на вооружени полицајци. Тие се однесуваат заканувачки за време на судењата кога бранителите на обвинетите немаат право да организираат законска одбрана, да поставуваат прашања и да контактираат со нивните клиенти за време на судската постапка. Што се однесува до претходните постапки и начините како се довивале тие ќе дозволиме да се подразбира од гореспоменатите многу илустративни примери. Вооружените полицајци во текот на целото време седеа пред салите за судење, вршеа психички притисок кон обвинетите и сведоците со цел да секоја цена да се потврди нивното обвинение. За да се илустрира она што се наведе погоре го споменуваме случајот на Сабри Демири од Врапчиште, кого го има удрено полицијата пред органите на Судот, во судска сала. Сето ова укажува г-до дека во споменатите моменти беа суспендирани правосудните органи на сметка на полициското делување. значи и тука пред Суд, замислете во државна установа Полицијата зела храброст да го покаже својот гнев. Значи полицијата може секаде да делува. А јас сум сигурен дека таа делува само таму каде што затајува поготово правната држава. Досега се обвинети 10 лица за полесни и потешки кривични дела, 50 лица се со прекршочни дела исто така илустративен е фактот дека судските постапки се одвиваат по скратена постапка недовзлоувајки т можност на бранителите на обвинетите и нивните клиенти заправо да ги аргументираат, или пак нивната одбрана. Исто така, за илустрација го спомнуваме ажуритетот на Апелациониот суд во Скопје кој што во текот на еден месец ги утврдил одлуките на Основниот суд на Гостивар од ден 14-07.1997 година против еден број обвинети албанци од случајот на 9 јули 1997 година.

Видете, колкава е ажурноста на Апелациониот суд кога се во прашање немакедонците. Јас мислам дека би било болно и трагично така да се однесува. Тука исто има пријава оној што го спомнав Кемал Адеми, млекар, секој ден тој таму носи. И тој е меѓу тие 50 прекршочно казнет. Од денот на трагедијата во Гостивар полицијата повикува граѓани албанци на информативни разговори користејќи кон нив методи на полиции од тоталитарни системи и држави недостасувајќи им службени покани, со пораки преку телефон, или преку некое друго лице некогаш се поканува со покани, но без да се наведе зошто и во кое својство граѓанинот е повикан, дали во својство на сведок, или во својство на обвинет. И кога полициските инспектори ги имаат пред себе на тој информативен разговор луѓето, тука веднаш му менува, тој што е повикан со покана во својство на сведок му преиначува обвинет, а тој што е обвинет му се преиначува поканата на сведок и така до бескрај почнуваат и натаму малтретирањата на соодветните лица. Полицијата значи во секој случај во истиот момент му ја менува улогата на повиканото лице, ако е поканет за сведок и ако е инспекторот незадоволен од неговите изјави, веднаш тоа го преиначува на обвинет. За време на информативни разговори исто така даваме на знаење дека во спротивност на законот не се дозволува присуство на бранители со цел да уште од претходната постапка да се става во законска одбрана кон оваа категорија на лица, бидејќи законот забранува информативни разговори. Има стотици такви случаи на суспендирање на правните институции.

Г-дине претседателе, со настаните на 9.07.1997 година во Гостивар и Тетово ние сме длабоко загрижени со процесите кои се одвиваат во дел на нашата земја. Настојуваме во рамките на нашите можности и одговорности кои ги имаме некои прашања да ги покренеме како што мислиме и како што е допуштено за да го сториме тоа што навистина на сите нам ни треба. Мислам дека последните настани се

сигнал на една трета балканска војна , затоа што тие што го предвиделе тоа не гледаат повеќе, туку дометот на еден топ. Тоа не се однесува на внатрешните снаги на Македонија иако дел подлегнуваат на такви други сили кои сакаат огнот наравно да им биде и жртва повторно Балканот. Тие не се свесни дека можат да го загрозуваат и својот опстанок ако се помагачи на такви монстроозни планови. Сега тоа по нив не е ништо друго, ако тоа се наметне би било прошетка низ површините, ако било вчера Бит Пазар, Радолиште, Речица, денеска Гостивар и никој овде не е во состојба да гарантира дека такво нешто монструозно нема да се случи и во некој друг дел на РМ. Никој од нас овде нема ниту снага, ниту мудрост, ниту храброст за хируршки интервенции. За ова што ние ја сметаме за наша реалност да се подвлече една длабока црта и да се види добро кои сме, што сме, каде се наоѓаме и кон што се ова не води и баш никој ништо на тоа не мисли. Токму тоа треба да не загрижува сите нас. Тоа што го реков пред малку, г-да ние сме мала земја, ние сме мали народи овде на Балканот и за наша несреќа секогаш сме биле рецепт за други туги интереси, рецепт за туѓи увезени идеологии, а секогаш самите ние имаме настрадано. Тоа што го реков дека ќе ни се случи трета балканска војна. Можеби тука има историчар и ќе помогне. Балканските војни господа беа само вовед во една тераа балканска војна. Да не ни се случи ние да се најдеме во тој лонец на таквите интереси., Јас така кажувам затоа што и ние сме дел од Балканот. За жал Балканот секогаш инспирирал, или пак бил инспириран од другите завојувачки походи што странските сили и странските идеологии на Балканот нашле примена. Тоа е наша реалност и не шега.

Тие што ни ја доставуваат Информацијата денеска МВР што реков уште во почетокот таа е непотполна. Тука немаме никакви аргументи. Таа повеќе како да е тоа шега, а недопустливо е за г-динот министер

Чокревски една таква информација да ни се дава. На нас алабанците ни се спремаат стапиците, а истите стапици и им се спремаат и на македонците. Тие стапици се многу толку и невидени што ние не сме никаде и албанците и македонците, а на стапица доаѓаме. На тоа треба многу да внимаваме. Тие стапици како ни се спремаат? Некаде се промовира духот на грабежот, некаде ајдутсвото, а за жал тие се сите заправо закони на ножот, а воедно сите ако тој мозаик го комплетираме тоа веќе пред нас претстои само војна. Гостиварскиот феномен е само една од редицата такви што полицијата ги наредува паралелен систем за настаните за случајот Знаме, додека нивното вистинско име и политичко сценарио за една општа позната цел дестабилизирање на РМ токму од силите што неа не ја сакаат независна и суверена држава. Тука ги вклучувам сите граѓани во РМ. Тука ги вклучувам и албанците, тука не ги поделувам и ретроградни сили македонци, турци, муслимани и сите тие кои што учествуваат во таа недисциплина, тие што посебно не ја сакаат како правна држава, туку пред се не ја сакаат како демократска држава, туку им се наметнува со свои ставови, свои рецепти, свои конјуктури и ја сакаат како полициска држава да делува повеќе отколку она што сакаме.

Во тој однос гостиварскиот настан претставува само една драстична епизода кулминирана со последици веке видени во пошироки димензии од поранешниот југословенски простор. од настан не се разликува од веќе одиграните настани во БиХ, во Хрватска и во делови на Словенија. Истиот случај само со некои различни димензии. Начинот и постапката не може да се разликува.

И затоа господа пратеници јавноста бидете сигурни дека на една таква стаписа ако не сме. свесни сами ќе дојдеме. Јас не сум сигурен кога таквите сили ќе ги стават во движење и овде во РМ:

Нашите состојби што подалеку од таквите сценаристи. Ако се директно, кои индиректно вклучени во тие сценарија, дали тие г-да имаат фенер со себе и да гледаат во дното на македонскиот тунел дали има светлина. Ако има светлина барем да ги земеме фенерите и да влегуваме во тој тунел, а јас сум сигурен дека во дното на македонскиот тунел нема светлина. Јас сум сигурен во тоа. Можеби ќе бараме светлина но нема да најдеме. Јас од сета таа дискусија се обидувам да ја сместам одговорноста кај власта. Формиравме анкетна комисија да се утврди виновникот во битпазарските настани, формиравме анкетна комисија за случајот Радолишта, формиравме Анкетна комисија за случајот Дебар, формиравме анкетни комисии на наводните труења минатата година во Тетово со цел да се зголеми вниманието на власта за грабежите, за настаните, за насилствата, за се она што најмалку ние имаме интерес и на тој план проблемите со дијало да се решаваат. Бараме анализи за многу други работи, но и за некои други случаи, но одговор по тие комисии и по тие групи кои се определија до ден денес ние немаме. И ќе се потврди она што Черчил своевремено го рекол: ако се формираат комисии и анкетни комисии и групи за расветлување на некој проблем значи "волкот го изел магарето"

СЕ**ЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Ако се формираат комисии и анкетни комисии и групи за расветлување на некој проблем, значи го изел волкот магарето. Значи, ако се сака да се стави под сенка, ако се сака да се заборави, да се покрие тоа, се што се случува.

Денеска ние разговараме овде заклучните проблеми, кои се однесуваат за мирот, за спокојството, иднината на секој ^наш граѓанин, на секое семејство. Ние немаме материјал пред нас за да дискутираме, затоа уште вчера нашиот координатор повлекол едно вака големо внимание. Јас не сакам тука да останам еден час или час и пол за да ве убедам вас, затоа што немаме материјал тука д се расправа, а сигурен сум дека во Собранието има луѓе кои можат и те како да дискутираат за сите проблеми, за сите аномалии што во системот нас ни се случуваат, за жал. Но, за жал оваа информација ништо нема, господо. Во информацијата сакав да видам односно ресорното министерство кое проблемите ги работело. Како ги работело, со кого таа разговарала, ако сакала да го примени овој повод во Гостивар. Иако ми нафрли еден ценет наш колега дека јас сум ги водел. Ако сум ги водел нема да се срамам и црвенеам тука на говорницата. Можеби ќе придонесе и тоа да не се случи. Како работело и со кого разговарало Министерството за внатрешни работи. Кој пречел за да ја остварува таа политика. Господа, ако се нашол некој пироман, тоа не значи со пироманство да му се одмаздам на оние што се најмалку виновни. Мислев дека во информацијата ресорното министерство ќе излезе со материјал кој ќе ги каже резултатите и неуспесите и ќе направи прецизна идентификација на вистинските проблеми, да ја земеме и дел од својата одговорност на

себе и ние како Албанци што учествуваме во оваа расправа, кои сега во земјата во меѓуетнички план е во Гостивар и пошироко. Значи, да земеме одговорност со состојбите во меѓуетнички план кои ни се во Гостивар и пошироко. Наместо тоа, ние имаме друга игра да се влезе на седница на Парламент и да се замагли целиот случај. Ако беше тоа цел, расправа на Информацијата, пошто ние ја напуштивме собраниската сала, како знак на протест за случаите во Гостивар. На Владата со тоа, заправо, наместо тоа ние имавме друга игра, да се влезе во Собрание и целиот случај да се замагли, а со тоа Владата и дадовме шанса да ги презентираат проблемите, навистина како што таа ги гледа.

Каде ја согледува својата одговорност, како таа мисли таа да се постави спрема отворените прашања, кои се тие отворени прашања, макар на меѓунационален план, Македонци, Албанци, за да можеме овде да земеме збор и за тие работи да разговараме. Нашата улога со една најдобра намера, заправо, да помогнеме како Албанци да ја одиграме нашата улога во овие опасни процеси на државата и да можеме да и застанеме на паст, да ги успориме и да ги свртиме нас позитивен правец, да се врати мирот во семејството, да се врати мирот во Гостивар, да се врати мирот на улиците во сите наши куќи и семејства. Воедно да се врати нашата доверба меѓу луѓето на сите населени места во градовите и селата. Македонија е, сепак, е држава која има своја иднина и која е спремна и има сили да му застане на патот на хаосот, мобилизирајќи ги сите сили, а не одвратни чивии кои воопшто не поминуваат низ македонските вашари.

Се разбира во Гостивар не се случи Сребреница. Тоа сигурно е многу добро и верувам дека тоа нема никој право да си го препише

врз себе, а најмалку првиот полицаец господин Томислав Чокревски. Во Гостивар имаме трпелив народ, се најдоа трпеливи и толерантни граѓани, пред разуздавените полицајци свесни што носат внатрешните судири и не наседнаа на таа стапица и не дојде во поголеми размери и пресметки односно крвави пресметки. Но, сакам да кажам дека во Гостивар народот не сакал да војува меѓу себе, Албанци, Македонци и други. Ни најмалку со полицијата, не дека пред интервенцијата на полицијата имаше омраза меѓу луѓето Македонци, Турци и други, туку почнаа политички процеси во Гостивар, за ваша и за наша жал, кои ги ориентира луѓето едни против други, кои ветија крупни работи и дојде ситуацијата до која и таму дојде. Нека ни е срам на сите подеднакво. Никој не се чувствува горд со овие настани во Гостивар туку сме сите понижени подеднакво. Ни една страна немаше повод за такво вандалско однесување.

Интервенцијата на полицијата како непосреден повод ја искористи одлуката на Уставното суд што се донесе во мај годинава, против одлуката на советот на општина Гостивар за незаконското истакнување на знамињата на националностите во јарболите пред општинската зграда.

Дами и господа пратеници, саскам да потсетам дека без оглед колку е тоа површно, ниско, се зависи како некој ќе ги постави прашањата. Многу е важно до кога министерот Чокревски ќе му остане на свеста тоа што си го работел, ако е тоа ваша, заправо, вашиот план, ваша идеја, вие и вашите истомисленици кои ги имате работено тие монструозни планови за ситнодневна политика. Ако е тоа, нека ви е на чест. Дали вие и вашите истомисленици ќе си дозволиш да си добиеш некој поен таму - ваму да помагаш на разгорот на омразата и

пресметките во сопствената земја. Како ќе одите во вечниот дом натопен од непокорната вишна на тие млади што загинаа. Тие се проблеми кои нам ни даваат за право да мислиме дека Владата остварува политика со отстапки, политика со спори чекори, политика со принудни средства за да може во областа на меѓунационалните односи да држи тензија, да може да ни се заканува постојано со некоја опасност, за да сите други прашања за кои мора да се преговара да паѓа во сенка, и во тоа основната закана да ги држи сите Албанци •V.a со нив и другите граѓани, реализирајќи ги во еден страв, случајно да не му ја повредат волјата на тоа што пред малку го реков, Господ на функцијата. На сите овие прашања, а мислев да поставам и многу за да добиеме вистински биланс до каде се доведе состојбите, дали има шпански да се живее и понатаму. Прашање кое ние сите подеднакво затреба да одговориме.

Кога меѓу нас има две вистини по едно прашање, а две вистини, господа, нема. Вистината е една. Ако секој останува на своја вистина, значи тој останува на своја позиција, за жал. Тогаш имаме диверзија на вистината. Ако е таа диверзија на вистината, господа, тоа е јазикот на војната, повеќе не е јазикот на дијалог и на разбирање. Нема што друго, туку вистината станува жртва на тоа. Имам уште 10 страници да дискутирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да ви препорачам господине Харуни, навистина, од здравствени причини и аспекти не е добро час и половина да стоите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Па, јас не сум поздрав од вас. Можеби сум поболен, но морам да издржам сега до крај.

Во Гостивар, на неговата чаршија на 9 јули 19 97 година се случи еден драматичен ден и една драматична ноќ. Таа продолжува да се врши со цела жештина, претресувајќи го секој поединец во информативни разговори, применувајќи бруталност. Тројцата загинати и повеќе десетици граѓани ранети и стотици уапсени, и стотици брутално и ѕверски малтретирани, се опомена дека< фитилот на апаратот гори. Вие, ич гајле немате. Што потоа? Преку разните соопштенија се распалуваат страстите, се разгорува национализмот и шовинизмот, изјави полни со омраза и невистини, со што националистите и шовинистите од сите бои го користат случајот, за да ја докажат исправноста на тој полициски повод. Заборавајќи дека никому ништо нема да му значи ако почне војна против оние немакедонци и против Македонците, цената ништо не им значи, ако утре само почнува војна. За жртвите никој не размислува, само да се постигне целта. Знам господа, однапред дека на ова не верувате, но прашајте ги блиските роднини на загинатите во Скопје, Речица и Гостивар дали има олеснување на нивната болка ако нивниот син, мајка или брат загинал од заскитан куршум. Прашајте ги дуќанџиите од Битола и Гостивар дали им е помило кога нивните излози ги кршат Македонец или Албанец. Прашајте ги кој е за тоа повеќе виновен. Мора преку дијалог и во рамките на институциите на системот да се дадат пред јавноста одговори нас повеќе прашања. Најнапред кои се луѓето кои ги загубија животите во Гостивар. Не само нивните имиња, туку кој и зошто пукаше во нив. Дали се учесници во демонстрациите како ги нарекува полицијата, дали носеле оружје загинатите, дали пукале

или се обични, невини лојални граѓани на државата Република Македонија. Кој се луѓето, како што реков, кај работат, и дали биле случајни минувачи. Без одговор на прашањето на меѓунационални судири од ден на ден се повеќе ќе се разгоруваат. По мене, ако може неказнето да се пролева крв, да се масакрира, да се пука, по кужи и дворови, тоа е веќе почеток на меѓуетнички судири. Тоа е граѓанска војна. Тоа е фашизам, господа,. Тоа е немоќ на системот и немоќ на државата да и застане на пат на овие меѓунационални тензии. А, никој од нас како да не го сфаќаме дека тој систем, тој тоталитаризам и тој нацизам веќе е поразен пред 50 години. Мора брзо да уследи одговор на прашањето зошто полицијата тој ден реши д ги уапси и оние обични граѓани кои што секој ден носат млеко, зошто се затворени и врзани на сред бел ден бизнисмените на сред плоштадот во Гостивар пред своите дуќани, пред своите деца и ѕверски малтретирани, кога тие не биле ниту во толпата ниту во масата, туку од дома луѓето мирно се земени и влечени до овие места..

Со преземените мерки и активности од страна на МВР во Гостивар е пукано во деца, господо. Пукано е во мирот, пукано е во соживотот, пукано е во врз тоа подрачје кое е за наша среќа мешана средина. Тука е пукано врз меѓунационалната доверба, што Гостивар имаше една добра традиција.

Во таква незапаметна интервенција на свои лојални граѓани на Македонија се предизвика страв, а секој наметнат страв создава омраза. За жал, омразата постои, а јас сум сигурен дека тука конкретно во Гостивар тој страв ќе има контра ефекти. Јас сум сигурен, за жал, но тоа треба да се констатира. За кратко време ќе имаме чист град во Гостивар. За наша несреќа. За тоа многу  придонесоа полициските акции и

убивања на недолжни граѓани. Тие акции биле извршени без некоја реална и објективна анализа од страна на министерството. Овде во Информацијата немаш ниту едно име од страна на полицијата која ги пречекорила овластувањата. И самиот полицаец што бил тука, заправо, ранет, од очевидците кажувано е дека од својот колега бил.... ова ни го има речено лекарот. Но, добро е ова да се забележи, пошто и јас сакам да бидам убеден и не можам јас да бидам секогаш рамнодушен, а МВР да е во право и кога мава и кога убива, МВР е секогаш во право и кога уценува и кога казнува граѓани без причина и секогаш МВР е во право и кога влегува во куќите и пљачка.

Ако ова не е ( точно и не е констатирано, јас сакам уште веднаш да бидам: и:одемантирам. Дали е можно да се верува на Ерцан Хоџа, полицајците го имаат извадено од дуќан, човекот е кондураџија, работи во тој дуќан, Ерцан Хоџа, полеван е со бензин и цело време полицајците се изживувале. Дали е можно тоа да се верува и за ова, доколку не е така, јас сакам да бидам демантирам, пошто и јас сакам да бидам, како што се вели, полесен и порамнодушен односно и пораат во душата.

Господине Чокревски, минувачите биле ограбувани, граѓаните биле во куќи ограбувани и малтретирани. За тоа постојат многу сведоштва. Зошто во вашата информација нема ниту еден заправо проблем од ваков вид забележано и дадено, за да ние имаме конкретно што да расправаме. Она што го реков пред два минути, немаме две права, господо, правото е едно. Неможеме да имаме две вистини. Вистината е една. Сега ако останувaме вие на ваше становиште дека такво нешто не е сторено, а јас останувам на она свое ова што го реков, заправо, со име и презиме и место на настанот, јас сакам ако тоа не е вистина да не и

станам на пат на таа ирационалност, на таа невистина, пошто со тоа ништо не придонесувам за разрешување на вакви и други слични проблеми. Вистини две нема, таа е една. Јас реков пред малку ако на вистината и одговараме со невистина, тоа е веќе диверзија на вистината. Јас не сум свесен што би можело да биде после тоа ако што е тоа реално да не се цеди.

Дами и господа пратеници, за оправданоста на овој поход на МВР извршен во Гостивар, проценете сами. За штетите, за насилствата, за загинатите и за целиот овој ќар. Ако сме добиле во тој однос, барем да ни се каже дека во тој однос огромна е добивката во таа насока. А јас лично не сум убеден дека е тоа така. А, дека тоа не е така, оценете и вие сами.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Она што реков и малку погоре, дневните информативни куќи и дневните листови и телевизијата. Тие пароли и извици на плоштади, гасни комори и друго што е досега, заправо ни нудела за нас Албанците, гасни комори тоа што беше протестот со јазикот на Педагошкиот факултет во Скопје. Гасни комори, нас ни се познати низ историјата кои барале и дали прогресивните снаги во РМ ќе дозволат ние да се чувствуваме како Евреите за време на Втората светска војна. Јас сум сигурен дека тука , во Македонија, има доста прогресивни снаги и не смеам да наседнам на таква стапица. Јас мислам дека тука е вашата одговорност, одговорност да не наседнеме на такви провокации, да не бидеме ние оние што мораат така да се чувствуваме, затоа што ништо од тој делбен биланс не добиваме, никој нема да профитира, никој тука нема ќар туку можеме да бидеме сите поразени. Историјата исто така не поучува дека големи империи низ Балкан и Европа досега видовме, и тоа бројни нации ама се повлекоа. Римската империја, Турската империја, дали од Македонија, од ова што реков пред малку е малубројна нација и држава ќе направиме ние империи или да сонуваме за некои походи на свои комшии, заправо над свои лојални граѓани.

Дали се потребни уште проби да се убедат Албанците дека за цел живот биле излажани од официјалната политика, дали нешто не е во ред со нас Албанците за ваквото наше однесување, или пак не е во ред со вас Македонците. Тука и едната и другата страна треба да седнеме и да се разбереме каде скршнуваме ние, каде скршнувате вие, да не одиме на она што реков преска, секој на своја позиција, секој на своја вистина и така. Ако сме на исто стојалиште, ако мислите и другите овде во Собранието, како што мислам јас, дајте да седнеме овие круцијални проблеми ние да ги решаваме.

Господа пратеници, да завршам, и покрај тоа што имам доста несакам да ве убедувам, не сакам и од моите ценети колеги да ја напуштат салата да не ме слушаат и најпосле да испаднам она што некој сака од мене да го очекува. Само бидете сигурни, бидете сигурни во АРМ во нејзините редови имаме и ние наши претставници таму, и Македонци и Албанци и Турци и така.

Активностите кога полицијата сакала да ги изврши во Тетово и Гостивар, имаме сознанија, господа, војниците Албанци, Турци и други се разоружани, тие што биле дежурни во касарните, во караулите, во пограничните делови на РМ, извлечени од должноста. Господине Чокревски имаме релевантни докази за да бидете и вие убедени дека нешто многу ни се случува овде во РМ. Јас сум сигурен дека и вие сте загрижени за тоа. Јас сум сигурен дека сите се загрижени.

Е, сега што бараме од тие млади идни бранители на РМ. Да правиме циркус од нив или секогаш да се однесуваме за неповерливи граѓани, за неповерливи војници. Господо, па кај не води ова? Дали ова е во наш интерес.

Јас ве задржав многу, имам уште, али за некоја друга прилика, но нека ни е за добро, не за вакви и слични состојби.

Ви благодарам што бевте со мене и ме сослушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика бара господин Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Господин претседателе, бев наведен на оваа реплика и да останам доследен на својата шеговитост односно духовитост иако е тешка состојбата и времево, сметам дека опширноста нее квапитет, ете таа е една моја духовитост, а во мојата професија не стоио друго, значи и со самата опширност господинот Харуни ја разводни својата дискусија.

Друго ми беше зборот, оваа дискусија на пратеникот Харуни е задоцнета и шири невидене меѓунационална омраза, зборува со повишен глас, прети во повеќе наврати дека ќе се иселат Македонците од западниот дел на Македонија, а заборава едно, што тој сторил со својата пратеничка група како пратеник и како авторитет да не дојде до оваа ситуација. Заборави уште едно зашто дојде до таа ситуација, кој ги водеше тие луѓе седум осум илјади кои надојдоа како луња и кои

нормапно во една психотична состојба правеа и други работи за кои господинот Харуни селективно не сака да зборува.

Затоа ми е жал што сега потсвестум опширно ги кажува одредени детапи кои можеби и немаат целосна вистина, а не кажува зошто и кои се виновниците ние денес овде мачно и тешко расправаме за разрушените меѓунационапни односи во Гостивар. Јас им порачивам на граѓаните да не наседнуваат само на вакви дискусии што биле последиците. Јас жалам што има последици оти оние што биле виновни ги навеле и невините да страдаат.

После војната сите генерали се паметни, така викаат. Зошто не се правеше никаков напор туку како сеирџија господинот Харуни гледаше што се прави на митинзите, Што се прави пред самите настани и ќе повторам по стоти пат дека интервенцијата беше изнудена.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Деловничка интервенција за господин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, се јавувам процедурапно, јас сум Слободан Даневски, не сум Кире Видимче, ова морам да го кажам бидејќи толку сум преплашен од претходниот говорник така да морам да се идентификувам дека сум Слободан Даневски.

Мојата генерална забелешка е на Вас господин претседателе, бидејќи дозволувате од оваа говорница да се прети на луѓето македонци кои се во Гостивар дека ќе се исели Гостивар дека ќе биде чист.

Мислам дека вие како претседавач, претседател на Собранието, требаше да реагирате затоа што од оваа говорница се плаши и се гази и по Македонците и по Македонската држава. Ова не е прв пат, овој пратеник е коалиционен партнер во Владата и немојте да се додворувате и не дозволувајте да се гази Македонија, да не се плука по државата. Вие сте претседател, вие сте прв меѓу еднаквите и треба да го спазувате редот. Ако треба ќе прекинете и ќе отстраните. Тоа е

недолично однесување према министерот Чокревски. На десет пати му се обраќаше дирекно, пратеник, што не е дозволено. Затоа сте вие да воспоставите ред. Ако не сте во состојба, заминете си.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро господине Даневски, ве молам и вие лично да се придржувате на ова што го говорите. Вие на секоја седница лично се обраќате и на премиерот и на министрите, зависно од точката на дневниот ред. Само министерката за образование стопати сте ја прозвале. (пратеникот Данески бара збор) Не ви дадов збор, одете на место, јас не сум завршил. Не, не сум ве повикал. Седнете на место.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Уште еднаш ве замолувам не работите против Македонскиот народ и македонската држава, господин претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете ја таа демагогија, знаат луѓето, и Македонскиот народ и луѓето што ја претставуваат државата.

Господин Харуни реплика.

Оставете ги тие касети, господине Харуни, тоа не е.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам една, имам втора и трета касета. Има една српска изрека, Ако трап лаже, баба не лаже." Едно, ако реков јас дека ќе имаме контра ефект, дека Гостивар за жал, јас така го реков, можете стенограмот да го

земете и да го следите, а бев сигурен дека не ме следевте, за наша жал, имаме контра реакција. Турски има еден збор и се вели "ќешке да не е тоа така". Но, стравот што им се наметна конкретно и она што во практика се изведе со полицискиот поход во Гостивар, тие виделе, седмата сила тоа го прави, господа, за жал, јас можеби истапив за некого шегаџија, но пред себе дадов име, презиме, средства, куќа, број, улица, и така, а воедно имам и цела документација, друга. Јас сум сигурен дека на таков ниво на шегаџии не ќе можам да се упуштам иако ми се ценети и едниот и другиот, едниот е мој сограѓанин, Гостивар, а другиот малку поелегантно делува, симпатичен ми е. (од место пратеникот Даневски бара реплика)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не беше ова, не ве спомна воопшто господинот Харуни.

Има збор господин Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина е многу тешко да се испадне на говорница и да се изнајдат зборови по опширната дискусија и големиот број на факти што господинот Харуни ги изнесе денеска во својот говор.

Мојата дискусија ќе ја почнам со една реченица: Добро беше на 13 јули да се биде апбанец, што не може да се каже дека добро беше да се биде албанец и на 9 јули. На 13 јули знамето на Македонија гордо се вееше на Европското кадетско првенство кога златниот медал, го освои Фатон Хапику. Што освоија гостиварчани, тие знаат, нека зборуваат сами тие, меѓутоа побуден од тоа што сум сознал за Гостивар, мислам дека господинот Чокревски министер за внатрешни работи кого го ценам и со кого не сум имал на каков проблем, ниту тој со мене, мислам чисто од морални побуди тој треба уште денес да каже, ви благодарам за тоа, и вистинито и невистинито, ама јас од денеска не сум министер за внатрешни работи.

Јас сум потполно свесен дека работите што се изведени во Гостивар не биле под строга контрола на министерот, што е и нормална работа, да не можат да бидат, бидејќи работите во Гостивар ги изведувале луѓе како и сите луѓе, меѓутоа, кои за жал се разликувале со тоа што многу малку човечко имале во себе. Тоа е само разликата. И, од тие причини, јас и вчера во еден така неврзан разговор реков дека, не да можеш да ги раководиш твоите работници, туку не можеш и своите деца да ги раководиш, не додека се веќе одраснати, над 18 години, туку и додека се мали, не можеш.

Заради тоа ќе кажам дека чисто од тие побуди господинот министер треба да каже ви благодарам.

Јас незнам, своевремено се случи работата која за жал еве така ни се случува на нас албанците, може да броиме многу такви случаи. Се случи тоа со авионот, падна авионот, не беше виновен Пешев, тогашниот министер, ама чесно човечки си рече, догледање господо, ви благодарам на довербата, јас сочувствувам со ова и си одам.

Ова уште повеќе ако се има во вид дека господинот министер е човек кој што бил на заслужни места, познат правник, професор на правен факултет и од таа причина мислам дека одвишно е ако нешто повеќе зборувам.

Имам многу запишано да зборувам, меѓутоа само неколку работи ќе ги кажам бидејќи не сакам да бидам досаден.

По однос на информацијата, информацијата воопшто не може да биде прифатена како таква. Не е тоа информација која дава слика која што треба и се очекуваше овде, пред ова Собрание. Нејзе воопшто не и се приклучени работи кои треба да бидат уз информацијата. Еве на пример ако може со информацијата да бидат вклучени одредени, да кажам балистички работи, мене не ми се познати поимите, мислам дека ако правилно постапила полицијата, тогаш би требало да бидат приложени и други документи, кои што ќе ја прават оваа информација поверодостојна. А, тоа не се прави. Еве на пример: ако правилно постапила полицијата требаше да ни се даде Правилникот за работа на полицијата во вакви случаи. Тоа не ни се приложи.

Како може ние да одлучиме дека правилно постапила полицијата. Не можеме, го немаме тој правилник.

Второ, дали го имаме на увид конкретно планот за дејствување на полицијата кој, се знае, се пишува во писмена форма. Го немаме. Не можеме да знаеме. Во постапката во полицијата постојат и други работи. Дали ги имаме фотокопиите од инструктивните телеграми за издадените наредби во писмена форма. Ги немаме. Можеме нешто да одлучуваме. Не можеме.

Според тоа, ова и многу други работи кои што не ни се доставени, а има и доста контрадикции во информацијата, меѓи кои, еве што вели: на прва страна последниот ред вели: атмосферата на целосен мрак од една страна и реалните претпоставки и за оружен отпор од друга, не дозволува да се намали интензитетот на енергичното настапување на припадниците на специјалните сили. Статичката поставеност на неговите сили соодветна на светските искуства за постапувањето во вакви околности низ призмата на полициските кордони и стратешката лоцираниот на техничките средства да се обезбедат сите приоди кон овој простор помина без особени провокации или нарушувања на јавниот ред и мир" А, каква била тогаш претпоставката. Вели без нарушување, а од друга страна претпоставка дека ќе имало. Еве контрадикција, сам на себе.

Се набројуваат пластични коктели односно како се викаат тие, молотови коктели. Не знам дали можам да кажам, дали може во пластично шише да се прави молотов коктел, а се набројуваат пластични шишиња со молотов коктел, има и стаклени, ама и пластични. Ако е потребно да ви прочитам. Меѓутоа, мислам дека нема потреба. (реакции на некои од пратениците во салата). Не ве слушам, ако сакате помогнете ми, не ви замерувам.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:** (Продолжение)

Не ве слушам, ако сакате помогнете, но ни ви замерувам. (Му се обраќа на министерот Чокревски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место, ве молам.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Во пластично шише, колку СЈПТО сум слушал, неможе да биде направен Молотов коктел. Јас поставувам вакво прашање, ако може да биде, дозволете нека биде и мислам:такви работи не стојат. Тоа е еден момент за кој вие се согласувате дека не е реална информацијата.

Ќе ги испуштам другите работи, но ќе се задржам на едно посебно прашање. Мислам дека во однос на ова прашање, за кое ние вчера и денес дискутираме, а за кое сигурно ќе дискутираме и понатаму е прашањето на начинот на делувањето на сите нас, на сите структури: дали правилно постапивме во овој случај. Јас сум длабоко убеден дека неправилно постапивме сите од претседател на Републиката, претседател на Влада, Влада, Собрание и пратеници. За состојбите одредени работи ги знаете. Колку пати расправаше Советот за меѓунационални односи? Јас сум сигурен дека ниеднаш не расправаше а во членот 78 е кажано зошто расправа Советот за меѓунационални односи, немавме ли толку храброст па да седнеме? Јас овде му замерувам и на претседателот на Владата зошто не најде сила да ги викне и господин Арбен Џафери и господин Абдурахман Алити и сите

други, дајте да седнеме да го решиме случајот. Може ли да го решиме? Напорите изостанаа од сите и ние не бевме на висина на задачата, пас да седнеме овде како Собрание даречеме го имаме овој случај.

Уште во далечна 1982-1983 година, не ме држете за збор кога точно, бев директор на Земјоделски комбинат во Дебар. Имавме големи проблеми со сместување на стадата овци во Битолско. Тогаш се обратив до тогашниот секретар за внатрешни работи, господинот Љубомир Варошлија, сега наш советник тука. Му се обратив за помош да ми го реши проблемот, бидејќи ни ги рушеа шталите, односно натстрешниците што ги правевме таму. Господинот ми помогна тогаш, само ми кажа еден збор кој долго го памтам и нема да го заборавам: со полиција ќе ги решаваме ли случаите? Мислам дека ова не ни служи на чест нас никого воопшто. Не се исклучувам ни себеси, но сигурно вината повеќе ја носи зависно од тоа кој каква функција има и вината ќе биде поголема.

Едно прашање посебно сакам тука да истакнам. Овие два дена и она што се случуваше во Гостивар ги сметам како два фудбалски натпревари. Во едниот фудбалски натпревар учествуваше полицијата и Албанците во Гостивар, каде што се знае, Албанците изгубија. Вчера и денес што се случува во ова Собрание? Разговараат Албанците со Албанците. Каде се другите? Или пак може ли така да кажам, дека"пред фактите и во боговите молчат",или, што не би сакал да биде, "кучињата лаат, караванот врви".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**Т0МИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, прашање е која е целта на нашата анализа на оваа Информација и од тој аспект таа Информација може да се цени различно. Мислам дека во неа ние треба да посочиме три аспекти, а тоа е правниот, политичкиот и професионалниот. За да можеме да дадеме една зрела, непристрасна и објективна проценка што навистина ни се случуваше таму, за да биде Информацијата информација. Ние ќе ја промашиме и оваа седница и оваа тема ако конкретно во Информацијата бараме некои детални работи, ако во неа бараме по свој вкус видувања и ако априори однапред интервенцијата ја сметаме, како што многумина рекоа за варварска, со елементи на нацизам и слично, тогаш таа информација и не треба, таа е депласирана и безпредметна. Информацијата е само напишан текст, кој што се обидува, бидејќи датумот е 15 јули, во рок од неколку дена како што баравме тука, да добиеме некои првични информации. Сигурно дека вистинска информација и се она што значи аналитика на сето тоа верувам дека сеуште трае и можеби треба подолго време соодветно на она што значи и истражување, испитување и судски процеси, ако сакате, до докажувањето на вистинската вена, за да може потоа од една дистанца да се цени една ваква интервенција.

Објективно едно е евидетно. Евидентно е дека почна да функционира правната држава на целата нејзина територија, дами и господо, престана онаа можност дека постојано ќе бараме работи, ќе ги добиваме или самите ќе ги присвојуваме, постојано ќе бараме да одиме со повеќе чекори напред, знаејќи дека тоа е противзаконито, противуставно, неможно, нелегитимно, на крајот на краиштата не го дозволува ни меѓународната заедница и фактори, за да потоа, после вакви да ги речам многу важни и клучни моменти во зацврстувањето на самостојноста и независноста на оваа држава, повторно ќе почне

пазарењето, договарањето да се изнајде компромис од кој што секогаш по правило досега партиципиентите од албанците во Македонија профити рале во извршната власт во државата, по правило. И точно е дека она "кучињата лаат, караванот врви", има своја апликација и значење во оваа конотација што јас ја изнесувам.

Колкупати ние овде од оваа говорница во овие 5-6 години особено овие три години, ја трошиме третата година, укажувавме добронамерно во една многу убава атмосфера, невжештена, укажувавме на се она што ни се случува околу нас и можните последици од сето тоа. Не се веруваше дека е можно состојбите да ескалираат во нега- тивна насока на тие простори дотаму за да дојде до ова што дојде. Сигналите дека првичната еуфорија со самостојноста на Македонија гледаме дека веќе стануваат реалност, многу сурова реалност, дека веќе таа самостојност смета на сите соседи и сега се гледа и на многу фактори внатре во земјата и дека ќе треба сега да се најде одредено заострување, за да може потоа да се постави прашањето, ќе биде ли оваа држава самостојна и независна или нема да биде, ќе биде ли признат субјект респектабилен во меѓународната заедница или пак и нејзините внатрешни проблеми ќе треба да ги решава некој од надвор како што овие денови со право сите реагираме и им велиме, има извештаите и на тие експоненти дека прифаќаме мисија и на УНПРЕДЕП и на други асоцијации кога е во прашање она што значи статус, позиција, односи со соседи и реална опасност за пошироко нарушување на мирот. Меѓутоа, внатрешните прашања и проблеми ќе си ги решаваме како секоја самостојна независна и демократска држава, фала богу во институциите на системот и верувам дека тоа го правиме и вчера и денес и ќе го правиме овие денови.

Се оглушувавме, се оглушувавте дами и господа и присутн тука и тие кои што не следат дека да не се гласа Уставот во држава во која што

се живее, да не се гласа самостојност во држава во која што се живее, да се бојкотира попис под меѓународна контрола што е во интерес на оние кои што не веруваат во пописот. Дали тоа не беа доволно сигнали дека ќе се чека еден погоден момент за да потоа многу поагресивно и поинтензивно ќе се работи на она што веќе не е тајна и не е веќе дилема. Политичкиот аксиом дали тоа ќе биде во прва фаза федерализација, дали ќе биде кантонизација, дали регионално поврзување, дали Илирида за да се дојде до она сите Албанци да живеат во една држава или Голема Албанија, веќе никој не го прикрива. ако на сето ова слушаме интезивно, токму овие месеци, кога велиме дека со ладна глава треба да ги решаваме овие жешки работи, ако точно овие месеци слушаме таква навреда дека сме митски народ и митска држава, значи измислени сме, непостоиме, а тие субјекти живеат во таа држава која се вика РМ, тогаш неможеме ние полициската интервенција да ја вулгаризираме и да ја сместиме само во она што значат активности на 9 јули. Состојбите се многу пореални, многу се пофундирани и бараат анализи и мислам дека бараат веќе конечно и едно отворено размислување.

Што е тоа отворено размислување? Дали овие дискусии тука од коалиционен партнер не се можеби изместени или можеби требало да бидат во Кабинетот на Владата. Ние не ја составивме овде Владата со коалиционен партнер од ПДП. Ние не ги договаравме овде ресорите, никој нас не не праша тогаш како пратеници ниту како политички субјекти. Според тоа, зошто сега нам ни се пренесува една атмосфера од она што значи компетенции на највисоки субјекти во државата до она што значи елементарно вообичаено информирање.

Дами и господо, почитувани пратеници, конечно некој е изненаден и требаше еднаш да биде изненаден дека оваа држава ќе се брани со

сите средства на сите начини, кога беа исцрпени сите можности за сугестии, совети, договори, начини. Сите ние имаме информации, зошто тука да се однесуваме како да сме ја ставиле главата во песок. Сите имаме информации за интензивни контакти на највисоко раководство на државата, на соодветни ресорни министерства со градоначалниците на Тетово и Гостивар, да се спроведе одлуката на Уставниот суд, дури и пред да биде донесена таа одлука дека се покажа дека тоа истакнување на симболи на странска држава е незаконско и противуставно, затоа што имаме усвоено амандмани во 1989 година. Не почнува оваа држава господо и ова наше битисување тука и во оваа зграда од нас тука, ниту во 19 94 година ниту во 199 0 година. Постои еден континуитет, меѓутоа, некој с,е излажал во пресметките. За жал секогаш тие се по настрана, ќе ги експонираат луѓето, граѓаните, но од ова што го видовме, што го слушаме, сепак не се работи за малолетни деца, затоа што многу често слични конфликти и конфронтации на тие подрачја беа прогласувани и оквалификувани како детски игри. Како дел на несташност и нешто слично. Луѓе над 30 години учесници таму, гледаме и пензионерите нека ми извинат некои од дискутантите, меѓутоа видовме точно некој од тие изнемоштени старци како се обидуваат со бастумот или со стапот да удрат полицаец. Го видовме тоа. Према тоа, објективни треба да бидеме во сите наши дискусии. Нема причина да не веруваме во некои искажувања, ако се со име и презиме. За тоа си постојат ингеренции, си постојат компетенции и мислам^дека денеска ние ќе ја промашиме нашата расправа ако ние навлегуваме во компетенциите дали се прекорачени овластувањата на МВР и на сите субјекти за кои што тоа министерство е компетентно и со кој што раководи. Тоа е прашање кое што денеска никој не може да ни го пружи, ниту да ни го сервира.

Барањето на касети е барање на време, сеуште да се купи време, затоа што една е филмска сторија правена во статички објекти, домови на култура и културни институции, со сценарио и режија од професионалци, и правено во еден подолг временски период и сега се бара слично нешто за една сосема поинаква работа, за жал, не би рекол многу негативна, би рекол ни пријатна, каде што имаме конфликт, каде имаме оружен сукоб и кој што сукоб ние мораме ако сакаме на вистината да и погледаме в очи, во информацијата е благо оквалификуван.

Дами и господа, тоа е обид за оружен бунт и рушење на уставниот поред на државата. Секоја друга квалификација ќе биде и понатаму да биде во заблуди и ќе ни се случуваат вакви работи. Не мораме тоа да го констатираме. Зошто? Од многу и повеќе причини. Ако сопствениот симбол, знамето, ни значи повеќе од се, дури ќе го браниме и со крв, ако тој симбол особено ако за некого бил многу значаен, значи за нас другите државните симболи се негација, не се битни тие. Ние перманентно, особено од тој дел каде живееме, укажувавме и баравме интервенции од тие точно да ги речеме фактори, зошто не се преземаат мерки, да се вее знаме на странска држава, се пее химнас без обележје на државата во која тие активности се случуваат. Го потенциравме гледавме морбидни сцени. На отфрлање на државното знаме, во тие простории на званични собири, на манифестации од меѓународен карактер во тие единици на локалната самоуправа. Потполно игнорирање на симболите на државата во која што се живее, чии документи се поседуваат, чие државјанство се има, за кое државјанство се бориме сите да го добиеме во оваа држава. Парауниверзитет во Тетово, екцесни состојби, ние тој универзитет, дами и господо, кокошарник некој или полски тоалет. Високообразовна и легална институција. Живее тука покрај нас, се физиономира, ниеден

не излезе од претставниците на албанските партии да даде свое мислење и да даде свој став дека таквата институција е нелегална, но треба да се прави нешто за високо образование за националностите што и со Педагошкиот факултет и се постигнува. Никој од овие субјекти, фала богу сега за сега ги има неколку, кој што ги артикулираат интересите на етничките Албанци во Македонија, не излезе со соопштенија, со ставови кога се навредува државата, кога се понижува. Јас морам да ви кажам. Не ги прифаќам некои дискусии дека ние тука како пратеници сме имале издвоен однос, диференциран однос спрема она што значело навредување или други да ги речеме нелегитимни однесувања, ако се работело за македонците. Извинете, ние овде какви дискусии имавме по однос на аферата ТАТ, актери македонци. Градоначалник, овде од оваа говорница, сите политички партии во Македонија, можеби со мал исклучок го осудија однесувањето и настаните на Мечкин камен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (**Продолжение)

Однесувањето и настаните на Мечкин Камен го осудија сите. Каде беше некој владин претставник албанец на Мечкин Камен на кој што толку се повикувате дами и господо дека од Мечкин Камен имаме заедничка историја и учество. Не видов јас, бев таму, не видов владин претставник-албанец на Мечкин Камен. Не видов.

Значи, сакаме да партиципираме во Владата, сакаме да имаме министри, сакаме да имаме заменици министри, помошници, потсекретари, амбасадори, конзули, дипломати, сакаме да бидеме протежирани во бизнисот, кога ќе дојдат вакви потешки состојби, подгорни состојби, тогаш Владата не чини, по Владата дрвја и камења.

Па вие коалицирање во Владата дами и господа, одете од Владата, дајте оставка таму и нема што ние да расправаме тука за ваши односи во Владата. Тоа се односи меѓу два коалициони партнери. Имаше четврти коалиционен партнер, си отиде од Владата. Ја напушти Владата. тука сега, една состојба, да изигруваме некои "дворски будали". Сепак,

Сега овде не принудувате да бидете арбитри меѓу ПДП и СДСМ. Ниту сме учесници ниту знаеме, ниту се договараме. И, ни се наметнувате имаме некое воспитание, морал дека треба да земеме збор, Со право еден колега реагираше дека нема смисла само од едната националност да има тука дискутанти. Навистина така е. Но, сепак не повикувам на дискусија. Тоа се ваши односи ги решавате и ги ќе ги решите. Оставете го тоа за ваша домашна работа. Тоа е во вашиот дом, таму, во зградата што се вика Влада на Република Македонија. Ова е Парламент, дами и господа, ако сте ги измешале локациите.

Бараме максимум етнички права, максимум. Светски норми, европски, бараме нешто што нема никаде. Од друга страна воопшто не сакаме да размислуваме дека сме граѓани на оваа држава. Не сакаме да размислуваме. Поставуваме услови, ќе бидеме граѓани ако бидат исполнети условите.

Немојте луѓе. Заедничка држава велиме, кога ќе се оладиме освестиме, потоа се враќаме, малку ќе ретерираме назад, па видете заедно сме тука, заедно треба да живееме.

Е сега, кој е загрозен во оваа држава, јас ќе прашам сега, кој е тој обесправен, кој е сиромашен, кој е тој на тие простори чија безбедност е загорзена, за да мора полицијата да интервенира?

Ако, особено по еуфоричната победа во Тетово беше евидентно дека се создава еден простор за едно хомогенизирање и поврзување состојбите ескапираат дека веќе елементи на чекор до Голема Албанија се создадени и претпоставки. И, се ангажира исклучително успешно албанското лоби во светот. Тие невистини за обесправеноста да ги пласира многу успешно, организирано во светот. Додека, нашето лоби мирува. Нашето лоби не го чувствуваме. Да се разбереме, не е лоби актуелната власт, дами и господа. Сите ние треба да бидеме лоби во оваа држава, сите граѓани. Не може нас да не штити и да го бира во име на државата само претседателот и министер за надворешни работи и уште неколку луѓе.

Мора сите ние да лобираме, дека оваа самостојна и независна држава во која што мора да се почитуваат Уставот и законите и према секого ќе бидат преземени санкции.

Се спомнуваат неколку настани од поблиската историја. Извинете, во сите тие настани луѓето кои демонстрираа, манифестираа не беа вооружени. Не пукаа на полицијата. Извинете. Јас верувам на Информацијата во она што е напишано. Не навлегувам во деталите.

Верувам дека во 7,30 часот е првиот предизвик на полицијата со сила, со предмети и со оружје. Во 7,30 часот е тешко повреден првиот полицаец, барем така пишува. Нели е тоа доволен знак, сигнал за полицијата дека мора да се подготви за нешто посериозно?

Повикуваме на човечки права. Не е тука Андов, нема смисла што ќе употребам еден негов збор, многу ми е симпатичен, па добро бе луѓе тие полицајци не се човеци? не се ли тие луѓе? што се? Глинени голуби или подврижни мети таму па некој да извежбува таму кинеско или друго

оружје и димни бомби. Сега ќе се надмудруваме дали тие коктели можеле да бидат активирани или не?

Да се собере толпа од 80 илјади луѓе не може поинаку да се дефинира поинаку освен како организиран бунт. Нема друга квалификација.

Сега поставувам прашање зошто во Тетово полицијата не интервенираше? Го симнаа знамето, по начини и методи и нивни модуси за што ја плаќаме ние таа полиција за такви работи да биде оспособена, да биде обучена. Затоа што и во Америка и во Германија и во Франција и во Турција секаде гледаме слични такви интервенции на полицијата. Не видовме други интервенции, извинете. Се друго е она, нашата работа. Политиката, дипломатијата, гордо.

Во Тетово знамето се симна, не се организира толпа да интервенира, немаше инциденти. Уште истата вечер комуникации. Дента уште истиот тој ден ние тука имавме седница на Парламентот, кога се вративме Тетово си живееше нормален живот. Работеа сите кафани и кафулиња. Значи некој во Гостивар организираше вакво нешто. Изненадено или очекувано.

Ќе ве молам, полиција да се судри со вооружени чувари на општинските собранија со автоматски пушки знаете ли што е тоа? Кое е тоа изненадување за полицијата? Кого има сега од таа страна? Како треба да се однесува?

Видовме метални шипки, видовме камења, се. Зошто не преовладува разумот после првите конфликтни состојби помеѓу 7,30 часот и 9 часот масата да се разотиде и натаму да стапиме ние нормално како политички субјекти во државата. До толку повеќе што полицијата спроведува Устав и закони на оваа држава. И, не може поинаку да се однесува.

Ние, место сега да поздравиме сега дека имаме ефикасна полиција, полиција којашто заслужува она што го троши народот во сите овие држави што ви ги спомнав основно е даночниот обврзник, пара, када се трошат парите, зошто се трошат и како се трошат. Ако тие пари

се трошат за некои шетања, извинете а не за ефикасност, тогаш ожеме да реагираме.

Дали можеше овој конфликт да биде избегнат? Сигурно можеше. Гарантирам можеше ако малку повеќе го слушавте Томислав Стојановски - Бомбај, ако малку повеќе ги слушавте апелите на сите таму кои живееме дека таму се случува нешто крупно, многу значајно. Ако не ја изменевте територијалната поделба, дами и господа во втората фаза за да фаворизирате дека во Гостивар мора да бидат избрани градоначалници апбанци, не ќе имавме ваква состојба и не ќе беше ништо страшно ако во тие градови беа некои други луѓе градоначалници. Мислам дека ќе беше повредно да немавме жртви, да немавме повредени, да немавме ранети, а најважно ќе беше ќе сочувавме сепак едно толерантно ниво на меѓуетнички односи

Направивме, со сила дадовме нешто за да може некој да го злоупотреби. Се злоупотреби. Некои го експлоатира, да се занесе едноставно некој од тие луѓе. Па, вие, тие луѓе овде ги именувавте пред две-три години со некои имиња од животинскиот свет. Вие ги именувавте, асоцирајќи и на незрелост и на нешто друго. Вие самите кои денеска дискутирате многу поинаку. Немојте.

Страдаат невини луѓе. Од овде се многу опасни пораките дека нема да се заборави, дека Гостивар ќе се отсели. Каде бевте да реагирате кога на митинзи во Тетово, на три митинзи во континуитет гласно ечеше градот дека Тетово е албански град? Каде бевте колеги апбланци да реагирате. Дека, селете се од Тетово? Тогаш ги немавме овие настани. Тоа е февруари месец. Не беа овие настани. Што значеше тоа дека со сила треба ние да си одиме, притисокот е тука, нема што тука да се бара.

Сигурно дека меѓународниот фактор има свое влијание во сето тоа. Јас се прашувам сега, мноштвото на луѓе, видни луѓе во државава, на видни позиции од албанската националност што прават кога одат надвор од оваа држава на државен трошок и на приватен трошок кога слушате вакви зборови тука, овде пред нас? Можам да замислам како таму сега се пренесуваат невистините. Загрижен сум, да ви кажам како сето тоа

сега да се ублажи? Тоа е фрлање тешка вина врз државата и нејзините институции. Врз целиот овој поредок што го гради.

Тешко можеме тоа да го елиминираме со едно интервју, со една изјава или еден настап дури и на претседателот на Државата. Тие лични контакти, множество, мноштво, преку океанот се оди како да е тоа во Тетово, Скопје-Тетово. Се пренесуваат невистини. Се лобира.

За труењето јас барам информација има два-три месеци. Меѓународниот фактор кажа децидно дека нема никакви елементи на никакво труење. Јас барам информација за да видиме кој ги режираше тие труења, кој ги запади тие меѓуетнички односи и кој создаде една атмосфера на несигурност во Тетово во тие месец дена? Труењата траева 30-сетина дена. За, потоа да се докаже дека воопшто нема елементи на труење. Да ја видиме таа информација и кон виновниците да се преземат одредени санкции.

Не може едно демократско општество, господа дами и пратеници да се развива ако не постои правен поредок ако нема правен поредок. Илузорно е ние да бидеме во таква заблуда дека постои такво општество и дека може да се изгради.

Демократизацијата и санкциите одат рака под рака. Гледаме ние колку демократија има во тие интервенции. Видовме и за многу помалку значајни работи како сурово се интервенира ако се оквалификува против државата бунт, тероризам и тн. Се што е надвор од институциите спаѓа во таа категорија. Се е тоа заложба за сепаратизам, се е тоа заложба за прекинување на граници а тие работи треба ли веќе да ги повторуваме? Колку пати ги има меѓународниот фактор кажано и ни ги има и нам кажано: се ќе си правите во државата, ќе ги унапредувате и односите и демократијата и се, меѓутоа немој некој да смета дека може да се прекројуваат границите барем во Европа, затоа што знаат што тоа ќе донесе.

Прашањето на безбедносната компонента на целиот овој настан. Дали некој ќе посакуваше и ќе беше среќен ако интервенцијата на полицијата пропаднеше, ако не беше успешна, ефикасна и ако пред Собранието со претходна информација дека полицијата ќе интервенира,

се построеја 30-50-100 илјади луѓе и тогаш полицијата да интервенира и да симнува знаме? Кој умен тоа би си го дозволил, немојте така!

Бараме некои работи работи што одминуваат од тоа што значи информирање она што значи договарање. Си има и професионална одговорност. Јас реков, еден од аспектите е професионалната димензија на сето тоа. И, тогаш, дали ќе можеше да се направи нешто? И сега, дали тогаш не ќе беше понижена, полицијата најмалку, целата држава дека не може да спроведе ниту една одлука на Уставниот суд, па и на законодавниот дом.

До толку повеќе што со донесениот закон не се елиминира - употребата на знамиња, дури и на странски држави ако тоа го изберат, ако тоа го изберат луѓето од таа националност. Јас бев против тој закон и реков, повторувам, се што реков за жал излезе вистина. Не можат тие хибридни закони да функционираат. Ќе доведуваат до конфликтни состојби.

Ние имавме конфликт во Брвеница. Ќе мораме и за него да проговориме, на 2 август. Симнато и апбанското и македонското знаме, двете знамиња, заради мир во општината. Кој е оштетен сега јас ве прашувам? Ако Албанецот на тој празник не гледа нешто особено, а така беше по сите информации ние ги оштетивме граѓаните македонци, на 2 август - Илинден во таа општина не се вее македонско знаме. Зошто? Да не ни се случи Гостивар!

Не смеат да се случуваат ни Гостивар ни Брвеници. Треба да функционира правниот поредок. Не интерпелација за оставка на министерот, туку полна поддршка на министерот од мое лично име, од Демократската партија на Македонија и од сите граѓани во оваа држава, без оглед на нивната национална и верска припадност, кои сакаат да живеат, да работат и ја гледаат својата иднина и егзистенција во една самостојна, рамноправна, независна и демократска држава.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Тахири.

(пратеник бара реплика)

Не, не ве спомна господинот Стојановски.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Целата оваа расправа што ја водиме веќе втор ден денеска сметам дека не би имала никаква смисла доколку не се обидеме да извлечеме соодветни заклучоци од сето ова што се случуваше и да се обидеме да создадеме таква ситуација, односно таков начин на делување на нас како политичари и на институциите на системите на државата со што ќе спречиме такви настани какви имавме можност да проследиме во Гостивар.

Сметам дека, пред се, потребно е да се оценат причините што доведоа до трагичните настани во Гостивар. Во оваа смисла сметам дека г-динот Стојановски се надевам дека нема да ми замери што го спомнувам со име, даде една добра анализа на причините поради што може да дојде до такви состојби.

Непобитен е фактот, тука се согласуваме, дека ставот на албанските политички партии е дека овој Устав неминовно е да претрпи измени во некои сегменти, зацртани како пунктови што произведуваат конфликти. За жал, некои сегменти што ни се добро познати и што подолго време ги оптоваруваат односите беа причини што доведоа во Гостивар да се создаде таква ситуација и тоа пред се поради неодговорното однесување на одредени политички субјекти што на одредени прашања со голема тензија по однос на националните права се употребуваат за подобрување на својата политичка позиција и стекнување на одредени политички поени. Сметам дека во оваа смисла сите тие политички субјекти кои делуваат во таа насока треба да

извлечат соодветни заклучоци и да не дозволат во иднина такво или слично однесување.

Второ прашање. односно втор елемент важен да се извлече од целата оваа работа е важноста на постигнување компромиси по однос на прашања што не може да бидат решени по видување на едната или друга страна. За жал, компромисот што се постигна помеѓу два политички субјекти по однос на ова прашање не наиде на соодветна, односно целосна поддршка од сите политички структури во државата и како таков беше предуслов да се случи тоа што се случи во Гостивар.

Во одредена мерка треба да се извлечат заклучоци од одредени политички субјекти кои раководат со државата, кои што една ситуација што беше создадена се обидоа и ја искористија за подигање на својот политички рејтинг, со што директно ги загрозија демократските процеси во државата, ги дерогираа човековите права со несогледиви последици по стабилноста во државата.

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (продолжение)

Последици по стабилноста во државата

Јас се надевам дека се тоа што се случуваше го Гостивар нарочито делот на интервенцијата на полицијата, кој што може би се лажам но по се изгледа според моите сознанија може би прв пат така се случува едно еден налет, едно навлегување по домовите, по куќите, нарушување на приватноста на граѓаните без некој сериозен повод за тоа . Мислам дека треба да има свој судски епилог и имајќи го во предвид однесувањето на судовите во Република Македонија, нарочито тука се надевам дека Врховниот суд ќе може да го каже својот збор, кој што досега во одреден број на случаи се покажа како институција која што може да одговори на своите задачи, се надевам дека по однос на тоа што се случуваше во Гостивар одговорност ќе понесаст сите тие што дошле во судир со законите на оваа држава, пред се тука мислам на службените лица кои ги пречекориле своите овластувања. Во смисла на тоа јас се надевам односно укажувам на фактот дека во сегашниот момент кога Република Македонија е потписник на Европската конвенција за човекови права пред граѓаните на оваа држава, постои и институцијата - Комисија за човекови права на Европскиот совет и Европскиот суд за човекови права, пред кои исто така ќе можат граѓаните да се обидат да ги најдат своите права. Како такви институции овие Европски судови односно комисијата ќе може да дадат свои оценки за тоа што се случуваше во Гостивар, за разлика од настаните на Бит Пазар кои останаа нерасветлени поради тоа што немаше друг арбитар кој ќе може да се случи во расветлувањето на овие случаи.

Инаку, едно прашање кое барем овие денови додека се води расправата, мислам на одреден број македонци кои објективно гледаа на се тоа што се случуваше, сите поставуваат едно прашање, што се случуваше и во што е разликата за тоа што се случуваше во Република Македонија и во другите држави. Имено, вистина е тоа дека не само во Република Македонија туку и во многу други држави може да се случи интервенција на полицијата, често пати интервенцијата на полицијата излегува од рамките на тоа што значи службена должност, што значи

надлежност, но во прашање е односот на јавноста, односот на институциите на системот кон таквите пречекорувања. За жал од поднесувањето на пратениците, во овој парламент, од поднесувањето на јавноста може да се заклучи дека јавноста во РМ, за жал не е на висина на одговорноста, односно не постапува така како што би требало да постапи во случај кога се нарушени битно човековите права. Во таа смисла јас навистина упатувам сериозна забелешка на сите нас кои тука се обидува да изигруваме демократи, дека така лежарно се однесуваме кон едно тешко нарушување на човековите права што дојде со настаните во Гостивар.

Кон ова би сакал да додадам уште неколку настани кои се поврзани со поднесувањето на високи државни функционери на РМ, кои во целиот овој настан, може би, не се снајдоа баш најдобро, туку навлегоа со ентузијазмот дека, еве полицијата интервенираше многу успешно, ја заврши акцијата многу успешно и дури триумфално се однесуваат, па беа после наградувани полицајците за кои утре може да се докаже од судските органи дека ги пречекориле овластувањата, дека се виновници за губењето на животите на граѓаните итн. Сметам дека во таа смисла сите требаат да извлечат заклучоци и во вакви ситуации какви што ги имавме во Гостивар треба да се воздржат од изливи на емоции што може да придонесат кон зголемување на тензиите односно кон зголемување на недовербата кон институциите на државата и на системот.

Сметам дека , како што и повеќето дискутанти укажаа дека оваа информација не е целосна, не презентира одредени моменти кои се битни за да се утврди што се случувало точно во Гостивар, поготово во делот кој треба да се занимава со самото однесување на службените лица кон граѓаните. Во таа смисла сметам дека Информацијата треба да се врати до Министерството, треба да содржи елементи кои ќе укажуваат на однесувањето на полицајците при вршењето на својата должност и евентуално да лоцираат одговорност на лица кои придонеле да се случи тоа што се случуваше во Гостивар.

На крајот би сакал да коментирам неколку искажувања на пратеници како се однесуваат во целата оваа расправа . Имено зачудувачки е фактот дека одреден број пратеници со чудење ја следат оваа расправа и се прашуваат како можеме да расправаме за така

невидни работи како што се настаните во Гостивар, каде што одреден број на лица го изгубија животот, многумина се повредени и дека имаме многу поважни работи за расправа. Сметам дека се работи за едно многу чудно однесување. Имено, во секоја држава секој парламент расправа за однесувањето на полицијата, за однесувањето на силите кои располагаат со сила. Во таа смисла воопшто не би требало да изненадува фактот дека овој парламент или било кој друг институт на оваа држава расправа за однесувањето на полицијата, расправа за тоа на кој начин беа нарушени човековите права, односно на кој начин беа девалвирани човековите права во Гостивар, на 9 јули затоа што дефакто во тие моменти и не постоеја човековите права во Гостивар, во тие моменти. Сметам дека парламентот е обврзан да расправа за такви ситуации какви што беа создадени во Гостивар.

Во однос на некои коментари кои беа изнесени по однос на тоа какви права бараат албанците, дали се тие максимални, дали како такви постојат на друго место во светот, или еве пак само ние сме ги измислиле тие и само ние си ги бараме.

Јас сепак би потсетил и официјално може да се прочита од анализите што се прават по однос на квантумот на правата што албанците ги уживаат во РМ, па може да се заклучи дека сигурно албанците не го уживаат тој минимум односно не им се негирани правата како што им се негирани, да кажеме на Турците во Грција или на Турците во Бугарија или незнам каде. Но, во секој случај не може да се каже дека албанците во РМ, уживаат некој висок стандард на национални права. По однос на тоа мислам работите се сосема јасни и токму тука јас ја гледам една од причините што и во иднина, за жал ние многу лесно можеме да дојдеме до вакви конфликтни ситуации како што беше оваа, се разбира доколку нема готовност двете страни да се постигне компромис да се разберат двете страни односно да се надминат проблемите по мирен пат и со дијалог. Впрочем тоа е и определба на овој парламент на институциите на оваа држава, но за жал во клучните моменти она откажува и настапува нешто друго.

Слушнавме дека тука човековите права важат за полицајците и сосема е нормално дека тие важат и за нив. Точно е и тоа дека и полицајците имаат одредени свои права, но сметам дека на некој начин премногу се обидуваме да ги заштитиме полицајците од на самите.

Мислам дека полицијата треба да се надгледува директно, како што кажува еден мој колега тука, од цивилни сили кои ќе имаат увид во секој момент за тоа што се случува во полицијата. За жал полицијата во овие моменти, тоа се покажа во неколку наврати е институција која што е раководена од одредени сили кои што не директно можат да се раководат од страна на цивилите во државата односно, за жал се покажува дека, сепак, полицијата во одредени моменти е над општеството во РМ. За жал тоа се случуваше и во Скопје кога битпазарските настани кога полицајците директно стоеја над главите на судиите и диктираа што треба да се напише во пресудата. Според информациите што ги имаме, за жал тоа се случуваше и во Гостивар. Но, јас се надевам тоа не може да се случува во повисоките инстанци на судските органи во РМ, затоа што, доколку тоа навистина продолжи, практика во оваа држава тешко ќе ни биде на сите нас, а не само на апбанците во оваа држава.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници

Досегашнава па и вчерашната расправа по Информацијата на Министерството за внатрешни работи за настаните во Тетово и Гостивар од 9 јули годинава повеќе се задржува на последиците , на деталите од овој настан, без оглед на политичката и националната припадност, за нас сите сериозен настан, за деталите манифестирани на тој настан отколку за причините за причините за нивното настанување и за поуките никогаш повеќе да не се повтори ова во РМ.

Зошто некој ја зголемува тенденцијата во меѓусебното нетрпение и се е раздор. Зошто некој се е ветер, а сака да жнее магла. Веројатно причината за ваквиот однос лежи и во нашето собраниско непотребно одолговлекување на расправата за овој настан тој своевремено длабоко

ја потресе нашаста јавност и и се закани на безбедноста на нашата земја.

Ако мислевме дека со оладени глави, подалеку временски од настанот помудро и потрпеливо ќе размислуваме. Дебатата не демантира сите, бидејќи секогаш сум приврзаник на стојалиштето дека законодавната, извршната и судската власт а и политичките партии треба веднаш да реагираат и да бараат единствени решенија. Инаку, вчера и денес, често се поставуваат прашањата дали морало да дојде до интервенција на полицијата, дали беше исцрпен јазикот на аргументите за да настапи полициската сила, така барем повеќе од претставниците на политичките партии на апбанците го лоцираа проблемот. Јас мислам дека прашањето мора а се постави поинаку. Дали на политичката акција на некои апбански политички партии им требаше таква политизација и инструментапизација, со употребата на знамињата надвор од законската дозвола и со постојната регулатива, надвор од одлуките на Уставниот суд, надвор од една спремност наспроти мнозинските забелешки на македонската јавност да се донесе и посебен закон за знамињата на националностите во ваква форма каков што е донесен, да се манифестира сила. Така беше заканата дека знамето ќе се брани по секоја цена, изречена од видни луѓе во овие општини, а тоа значи отпор на правната држава, на нејзините уставни институции, на нејзиниот устав и државен интегритет.

Дајте отворено да им погледнеме в очи на настаните. Молбите, предупредувањата и незнам што претходно и претходеше на оваа постапка. Се сакаше а се направи сигурно тест дали правната држава во својата правна немоќ ќе прави отстапки до крај на штета на својот интегритет. Државата тоа не можеше да го направи зошто во прашање беше нејзината уставна положба, нејзиниот однос кон сопствените уставни и законски институции. Таа мораше да ги симне знамињата исполнувајќи една задолжителна уставна обврска од уставна институција. На таа мерка се соочи со отпор. Отпорот не можеше поинаку да се скрши освен со иста мерка. Акцијата на полицијата беше предизвикана. Оттаму поддршката на нејзините мерки.

Но, останува клучно прашање на кое сме должни да дадеме одговор а тоа е на каков начин во иднина ќе ги решаваме горчливите прашања на етничкиот соживот на овој простор.

Во изминатите денови во јавноста, а еве и овде беа изречени такви тешки оценки дека соживотот е неможн. Се прашувам, а што е можно, секој на свој нишан, секој на свој раскол. Па ние сме судбински врзани да живееме еден со друг на еден простор. И да војуваме пак остануваме овде. Излезот го гледам во животворување на нашата декларација која како да ја заборавивте, кога ја донесовме, за дијалогот, за отворените прашања, толеранцијата и меѓусебното разбирање за состојбите во меѓуетничките односи во Македонија. Но, притоа мора да биде начисто на самиот почеток, дијалог за отворените прашања. Ајде да ги нотираме и тие за кои сме должни ние како законодавно тело да ги донесеме законските акти, Владата да ги извршува. Еве да почнеме: Законот за високо образование; законот за празници, да нема нејаснотии ни кој празник се празнува како и со кои обележја; законот за грб; деловникот, за јазикот и сл. Ајде да се зафатиме да ги видиме законските регулативи, владините предуслови, да се покрене широка активност во разрешување на тековните економски прашања, социјалната издржливост, безработноста, кои подеднакво ги тиштат и Албанците и Македонците и Турците и Ромите и сите кои што живеат во РМ. Ајде да отвориме дијалог како да ги унапредиме демократските односи, малку повеќе а се чуе гласот на граѓанинот а не ние во негово име. Она за што нема потреба во овој момент и подоцна да се исцрпуваме. Тоа се оние прашања за кои одамна имаме одговори во нашиот Устав, во нашата определеност. Овој период низ вооружени востанија: Илинден, 11 октомври и највисоките акти на двата илиндена Крушевскиот манифест и АСНОМ-ските одлуки имаат направено историски договор за местото на националностите во македонската држава.

Овој народ со референдум се определи за суверена Република Македонија.

Ова Собрание во првиот плуралистички состав донесе граѓански устав со јасно дефинирани определби кон граѓанска еднаквост на своите државјани и посебно за националниот идентитет на националностите. Имајќи, една конкретна практика која ги надминува и декларациите и

актите на многу други земји, го признаваме ли тоа.

Значи ли неучествотро во референдумот и изгласувањето на Уставот да може поедини партиски лидери да ги политизираат своите неостварени и неприфатливи визии, да го инструментапизираат и злоупотребуваат човекот, да создаваат толку набој, толку вон законско, вон уставно и вон правно дејствување за да се исцинираат случаи за да се добие надворешна поддршка за некое глобално решавање на апбанското прашање. Тоа се прашања за чии последици треба да разговараме и да бидеме свесни при нивното донесување. Гостиварскиот случај ни е опомена и нам. Не треба да ги оставиме работите да тлеат, да се разгоруваат во пожар. Над жртвите сите ќе плачеме а вината е надвор од нив.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Еве веќе втор ден дискутираме за една мошне значајна тема во која што беа внесени голем број на емоции, на нервози, на темперамент. Јас лично верувајте имам можеби и респект и разбирање бидејќи видовме некои слики кои што се случија токму во нашиот простор кои за жал кој што се случија токму во нашиот простор кои за жал завршија и со убиства, со загинување и со понижување на некого. И се е убаво ако тие слики имаа една еволуција, меѓутоа познато е и во трикажите и во маркетингот дека кога гледате нешто еден исечок, се прашувате дали е тоа, тоа, дали е тоа вистинската работа што се случила, дали не постои некоја претходна еволуција. Многу од вас особено од пратениците албанци го опишуваа во детали настанот во Гостивар и кога присуствувате на тоа нормално, а јас сметам и кај моите колеги пратеници кои што да кажам покажаа одредена инертност бевме фрапирани можеби под влијание на таквите емоции, меѓутоа сепак ги респектираме тие меѓуетнички односи. Можеби не сакаме да ги навредиме, не сакаме никого да навредиме од нашите колеги, но исто така сакаме да ја знаеме вистината. За да се дознае вистината тоа сите го знаете од оние што се занимаваат со наука па до оние што се и на едноставни луѓе, секојдневните луѓе пред се треба да се знаат причините за нешто. Секој знае и да живее во село и во град дека секоја последица, дека зад секоја последица постои една причина.

И претходниот дискутант и многу други се прашаа зошто дојде до ова дали можеше да се спречи? На ова прашање ќе одговорам малку подоцна. Факт е дека овој настан се случи на Балканот и факт е ед дека се случи во доменот на меѓуетничките односи. Балканот кој што сме навикнале да го следиме со неговите традиционални хендикепи,

географски, историски па и меѓуетнички, меѓутоа кое што ни покажа дека од промените наваму дека ете секоја држава, секој народ си има сопствена држава и дека тој народ заедно со малцинствата може да живее, да егзистира, но истовремено етникуми кои долго време под стегите на комунизмот не можеа да ги изразат своите национални идентитети И за жал сите во еден миг со еден бран доживееа една национална ренесанса, една национална идентификација кој се изразуваше преку разни јас и минатиот пат зборував, не би сакал да се повторувам, меѓутоа преку разни иконографии, преку акцентирање на разни имиџи, некаде беше знамето, некаде беше униформата, де комити, де луѓе со црни кошули, де фолклорни мотиви, камбани што бијат дали посилно од џамиите на оџите кои што исто така настапуваат. Значи всушност почна еден ривалитет на иконографиите во нашето општество, во оваа мала Македонија како што рече г-дин Харуни. Меѓутоа, мала Македонија која што излезе од една многу поголема Југославија која можеше да дозволи знамето на албанците историското да се вее без да се плаши дека Југославија во тоа време ќе биде загрозена. Но, за жал, таа Македонија е толкава, таа не може да биде поголема, нема ни амбиции да биде поголема, бидејќи таа се наоѓа во актуелните граници во една мултиетничка средина и македонецот и албанецот под стегите и на негативните искуства од минатото беа соочени живеејќи едни покрај,други со тој нов феномен на националната идентификација и кај нив се создаде чувство прво на недоверба, на страв, чувство кое што се обидуваме сите ние кои што размислуваме покосмополитски да го надминеме со едно друго чувство, чувство на еден соживот, на респект на туѓата култура, или она што велат примена на европските идеи на нашите простори. Сепак, живееме во едно општество кое што често го нарекуваат посткомунистичко кое што е исполнето со аномалии. И некој претходно рече дека правата на албанците се навистина недоволни во

оваа држава. Меѓутоа, можеби во овој историски миг тоа се и можностите. Треба да бидеме реалистични. Посткомунистичкото општество во сите држави во посткумунистичка Европа се одликува со дефицит на демократијата и тоа е општо признато на секаде и ние не можеме да бидеме еден модел на демократија нов. Ние само можеби имитираме некое општество нешто аплицираме на нашата средина, но исто така тоа е општество кое се одликува со отсуство на традиција на политичката култура и на цивилното општество. И сега во таквиот контекст кога ќе ги додадете сите противречности меѓу мнозинството и малцинството меѓу нашите бакланскиi трустрации вклучувајќи ги и македонците и албанците. Еве констатиравме една држава, нормално за нас македонците таа е единствена држава која ја имаме и секоја, дури и инсимулација, секоја амбиција на некој да ја стави под знак на прашаше, не погодува. Некои реагираат многу потемпераментно некои реагираат многу попопулистички, но сите имаме еден заеднички интерес, имаме еден заеднички интерес таа држава да опстојува.

Ние изгласавме овде по пат на еден политички компромис меѓу умерените партии пред се заедно со ПДП, но исто и другите што гласаа Законот за употреба на знамето и што сметав дека е еден голем можеби во овој историски миг, голем поен за ПДП. Мислев дека сите умерени албанци требаше да бидат задоволни исто како и сите умерени македонци со цел да се избегне она што беше предизвик во Гостивар. Меѓутоа имаше екстремни и на едната и на другата страна кои што го негираа овој закон, кои што го напаѓаа овој закон од различни причини историски, политички и тн. Сепак, ривалитетите на двете социо- културни заедници продолжија да си постојат. Ние можеби ги потценивме овие ривалитети, а исто така пратечката иконографија почна исто така постојано да јакне. Настаните кои што ја одбележаа оваа националис-

тичка пролет и во Македонија, но исто така и во делови и од македонската средина и меѓу албанската националност ја зајакна недовербата, стравот, претпазливоста, пречувствителноста, ја загрози толеранцијата и речиси го загрози дијалогот кој што постоеше и кој што сеуште постои за среќа меѓу албанците и македонците. Почна едно иритирање непотребно , бевме сведоци овде се мавтаа и знамиња, мислам оние со поладни глави не реагираа, меѓутоа имаше луѓе кои што значително реагираа не заради стравот, не заради чинот, туку повеќе заради начинот на кој што тоа беше направено: Да го извадам знамето, мавтам и јас сум херој меѓу својата нација.

Многу велат дека за интервенцијата на полицијата та навистина беше брза, ефикасна, професионална, дека биле изненадени. Јас да ви кажам, иако не сум во Владата, ниту некој ми шепна за тоа, меѓутоа мислам дека сите имавме една доволно развиена интуиција да сфатиме дека ќе има интервенција. Не го знаев единствено денот кога тоа ќе се случи, затоа што очигледно беше дека од другата страна се одеше на конфликт. Меѓутоа, никој не веруваше во тоа. И сега таа интервенција доведе до хомогенизација на двете страни. Меѓутоа ќе цитирам еден мој колега албанец кој што нема да ви го кажувам по име, ја рече следнава реченица: "гледаш ли што ни направи твојот пријател Руфи Османи", првиот ден по интервенцијата. Мислам дека тоа всушност беше вистината, тоа беше вистинската причина зошто дојде до интервенција.

Карл Бон Клаузевиц, германски генерал и теоретичар има една многу значајна реченица која многупати го цитира, вели вака: "војната е само продолжување на политиката со други средства". Настанот во Гостивар беше само продолжување на неспособноста на политичарите со други средства. Гостиварскиот настан не беше ниту хендикеп на Балканот, ниту на Историјата и доста се повикуваме на тој Балкан

тоа беше резултат на неспособноста на визионерството на одредени политичари. Имавме едно раздвижено јавно мислење кое што постојано притискаше врз Владата, но исто така и политичари кои што не знаеа да заземат една поумерена стратегија во однос на ова прашање. Сите беа иритирани. Некои политичари од помали партии дури и се закануваа дека ќе направат некој марш, па се закануваа дека ќе ги симнуваат знамето итн. Во секој случај сега зборуваме пост фестум, во каква состојба се наоѓаме денеска. Јавното мислење на македонците се хомогенизираа така требаше, државата правилно постапи. Значи сакаше да докаже дека е држава и докажа. Јавното мислење на албнците исто така се хомогенизира од тоа дека требаше можеби да се чека уште да се најдат одредени методи, да се дијалогизира итн. Јас да ви кажам сум во дилема. Не заради интервенцијата на комисијата која што како чин ја оправдувам затоа што мораше да се интервенира. Меѓутоа, мислам дека политичарите не ги искористија сите можности за дијалог. Имам еден податок дека биле испукани 2.500 фишеци. Тоа се професионалци, тие што пукале тоа се луѓе професионалци. Јас можеби од 1000 фишеци еден ќе пгодам, меѓутоа тие луѓе се професионалци, тие по цел ден тоа им е занаетот. Веројатно трагедијата можела да бидеа многу поголема. Добро е што има револт и меѓу албанците и јас сум револтиран од настанот и што не смееме да дозволиме ниту да се малтретира, ниту да-се понижува особено не албанецот, па и македонецот нормално, меѓутоа во едно семејство традиционално каде патер фамилија да се тепа пред децата не знам дали е тоа точно и јас тоа би го осудил. Затоа велиме ќе создадеме некоја комисија доколку има докази и да се оди кон тоа. Ако имало грабеж од Полицијата исто така да се оди кој една судска постапка. Меѓутоа, Гостивар е едно голема опомена. Немојте да бидете разочарани ако не се смени министерот. Па што, министерот ли ке го

реши, оставката на министерот ли ќе го реши македонскиот,албанскиот проблем? Нема да го реши. Политичарите, народот, цивилното општество, поголемата демократизација, смислата за дијалог, смислата за умереност не со таков темперамент, со одредена тактика. Веројатно сеуште сме незрели како општество за некои ревандикации. Меѓутоа еден ден ќе дојде можеби кога нема во Македонија луѓето да се делат на Албанци, Македонци, роми, Срби и било што. Сите ќе бидеме жители на една држава, на граѓанска држава. И затоа апелирам имајќи предвид имајќи респект и за овие емотивни настапи на моите колеги Албанци пред се малку да закочиме сите, односно да имаме респект за оние вредност што досега не држеа заедно. Да не ги истакнуваме оние екстремни елементи бидејќи екстремисти има и меѓу Македонците и меѓу Албанските. Да зборуваме кога сме припадници на една нација за нашиот национализам, за нашиот екстремизам, дека ако сака да ни верува Македонецот јас ќе го критикувам сопствениот национализам, ако сакам да ми верува Албанецот, јас ќе го критикувам македонскиот национализам. Само со таков настап, а доколку го обвинувате овде министерот, доколку барате оставка, мислам дека се создава и меѓу македонското јавно мислење дека и се претерува со приказни дека всушност луѓево си е прашавме. дали ја кажуваат вистината.

И конечно Гостивар е една опомена и за Македонците и за Албанците и за другите националности, меѓутоа пред се опомена и за Македонците и за Албанците затоа што тој Гостивар не смее повеќе да ни се повтори. Да имаме малку разбирање. Јас воопшто на пример не сум задоволен од овој Совет за меѓунационални прашања, не знам што работат тие луѓе дури ни личностите не знам кои се, меѓутоа тој Совет зошто постои не знам? Или да создадеме некој нов совет овде.

Има мислам дека и меѓу вас пратениците од сите партии луѓе кои што се спремни отворено да стапат во дијалог, да разговараат како луѓе, не како припадници на националностите. Ќе имаме сите разбирање, ќе најдеме одредени заеднички елементи. Исто така, некој рече мислам во вчерашниот ден дека потребен е и можеби еден научен аспект, едно истражување. Ние имаме исто така еден центар за меѓуетнички истра-жувањеа, но или малку го користиме, да се вклучи една поширока маса на народ, каде се Албанците во цивилното општество, во невладините организации, зошто нив не ги извлечеме, зошто албанската жена не дој-деа на ... Имаме три-четири и тие ги знаеме и ги вртиме цело време и веќе станаа досадни, а верувам дека и меѓу колку што гледам барем на тој парауниверзитет има доста млади кои што се активни, кои што се интелектуалци. Зошто нив не ги внесеме овде во еден дијалог заед-нички да расправаат со своите колеги и тн.

И на крај сакам да кажам дека поминавме два дена мошне динамични. Мислам дека заедничката поука е следнава. Мораме со ладни глави да размислуваме за оваа работа. Гостивар помина, заврши. Јас им изразувам уште еднаш сочувство на сите тие луѓе што загинаа, меѓутоа верувајте дека и ова е еден чекор кон демократизацијата. Цела оваа седница, иако некој мисли дека се зборува залудно, дека едни се напаѓаат итн. И ова е еден чекор кон демократизацијата на Македонија. Можеби во една следна, недај боже следна можност таква многу повеќе ќе се размислува од двете страни. Инаку јас му давам поддршка на министерот.

**НАЗМИ МАЈБИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Оваа седница е посветена на една од, можам да кажам во

непотребно време за еден настан што се разбира остави трауми на сите граѓани во Република Македонија. Посветена е на една Информација од Министерството за внатрешни работи за настаните во Гостивар и Тетово на 9.07.1997 година, настан кој го поремети најважниот сегмент меѓу националните односи во Република Македонија. Настан што поставува големи бариери во визијата за спроведување на политика на соживот, меѓусебно разбираше, почитување, толеранција и за надминување на проблемите во форма на дијалог. Една декларација од таков вид беше донесена и од ова Собрание која беше добро примена како во земјата, така и надвор од земјата.

Почитувани колеги пратеници, што значеше за Владата оваа интервенција во која акција беше потценето достоинството на граѓаните. Со оваа акција на специјалните единици на МВР се обелоденуваат мислењата дека оваа политика ќе не води кон конфликтни состојби и никогаш не дава резултати за добра перспектива и ги доведува во прашање добрите традиционални односи меѓу Албанците и Македонците. Оваа Информација е некомплетна. Во оваа Информација недостасува број на малтретирани граѓани, злоупотребата, кражбата и она што беше најбитно недостасува одговорноста на полициските сили за трите жртви, за трите изгубени животи. Не е спорно да се сомнева дека се гради една политика на дел од граѓаните да им е сеедно за иднината.

**НАЗМИ МАЛИЌИ**: (продолжение)

Не е спорно да се сомнева дека се гради една политика на дел од граѓаните да им е сеедно за иднината, затоа што им е отуѓено правото да имаат чувство за подготвеност , за почитување на државните органи. Бидејќи во аферите и во политичките акции кои беа режирани против граѓани од албанско население , многу лесно овие сили ја прифатиле улогата на прекорачување на обврските без разлика на последиците што ќе настанат , а неретко тие акции се оценуваат и успешни, како што беше оценета и оваа акција.

Со оваа Информација не се добива впечаток дека оваа интервенција имаше за цел да се заштити суверенитетот, интегритетот на земјата, бидејќи такво нешто и не беше доведено во прашање. Туку се добива впечаток дека Владата и МВР со употреба на специјалните единици покажаа голем знак на нетолеранција и со тоа се појавуваат тенденции за доведување во прашање на градење на односи на долги стази, граѓаните на РМ , без разлика на национална припадност, навистина, да имаат една перспективна иднина. Со омрази не се градат добри етнички односи, туку се создава можноста за хронични конфликти. Тоа го кажувам затоа што ја имавме можноста да се увериме дека немаше потреба, никаква потреба за полициска акција во Гостивар.

Почитувани пратеници, ние неможеме да го избегнеме фактот што ова министерство формира специјални полициски сили без вработени албанци. А не дали по тоа дека вакви единици, според некои ситни ангажмани , главна намера им е да се употребуваат против граѓани од албанска припадност, граѓани- државјани на оваа земја. Граѓани кои не заслужиле секоја година да им се режираат конфликтни состојби, покрај многу животни проблеми, кои се соочуваат , се заборава на

нивни придонес во политички и во економски поглед. Граѓани кои на 1/3 судбината им е да печалат надвор од земјата, значи, придонесуваат со нивниот труд за оваа држава.

Конфликтните состојби што на жалост ги имаме скоро секој година, тоа е нехуман организиран притисок врз албанското население. Тие недоразбирања лежат во содржината на нерамноправност и лимитирање на правата на албанците да се чувствуваат слободно. Ова го кажувам затоа што полициската акција врз невиното население во Гостивар и Тетово се извршува во време кога најмалку имаше потреба, после донесување на закон за употреба на знамињата на националностите, а тоа значи немаше никаква потреба да се влезе во таква игра со резултат на нехуман и неморален чин на МВР. Убеден сум дека постоеше маневарски простор да се избегне полициска репресија, но за тоа немаше желба. Пак ќе потенцирам од Владата и Министерот за внатрешни работи по се изгледа со оваа акција се настојуваше да се покриваат некои гревови за тоа што не се употребени такви полициски сили за други многу поважни цели , поточно во нивната немоќ во битката против економскиот криминал, корупција и други незаконски работи, работења и во самата владина организација.

Се поставува прашањето колку припадници на полицијата или нивни претпоставени се земени на одговорност, кои ги повредиле правата на човекот при вршење на нивните задачи или кој дел, вод или единица на специјалните единици е распуштен, поради нечовечноста на нејзините однесувања. Она што го видовме на телевизиските снимци полицијата се загуби и не беше на висина на нивните задачи доверени со закон. Полицијата дејствуваше со пристраност, со многу злоупотреби, малтретирања на граѓани без никакви поводи, повреда на честа на граѓаните во Гостивар, се надевам не само во Гостивар туку секаде во

РМ и се надевам дека таа повреда на честа не ја чувствуваат само граѓани од албанска националност. Се отвора една дилема дали во Владата на РМ или дел на Владата функционира хиерархиската одговорност и дали делата или нечовечките и понижувачките однесувања остануваат само во делот на специјалните единици, на некој помошник министер или потсекретар, или како координирана работа во Владата или дел од Владата со министерот. Дали полициските сили добиле прецизни упатства кога треба да се употребува оружјето, или дали постоеше можноста да се изврши интервенција без употреба на оружјето. Што беше целта на интервенцијата? Да се симнат знамињата пред зградата на општина Гостивар или да се малтретираат граѓаните во градот. Која беше целта на симнуваше на знамињата со повеќе од 3000 полицајци. Со сето ова полициско насилство, со толкав број на полициски сили е последица на некоја произволна оценка од лоши известувачи од корумпирани луѓе на МВР, на кои изгледа им е сеедно за последиците кои настануваат во РМ и затоа и денеска пред нас ја имаме една Информација како да е подготвена од луѓе што овие настани ги имале забележани или набљудувани во некој настан надвор од земјата далеку од нас. Ова однесување на МВР, честитките на премиерот, министерот па во некоја мера и на претседателот на државата, такви однесувања беа против основната цел, уставната преамбула за националната рамноправност како и спротивно на основната темелна вредност на уставниот поредок на РМ за владеењето на правото кое начело подразбира еднаква примена на законските одредби према сите граѓани.

Без никаква деградација, оваа моја констатација се потврдува и со одредбите на член 9 став 1 и 2 од Уставот на РМ, за еднаквост на слободите и правата на граѓаните независно од расата националното потекло, политичко или верско уверување и сл. Овие принципи во

Гостивар не беа почитувани. Бруталните однесувања на полициските силни, нивни неконтролирани однесувања во разни политички кругови и во самата Влада н еможе да манипулира дека до тоа мораше да дојде. Уште еднаш ќе повторам немаше, недостасуваше желба да се користи, да се направи еден маневар и да се најде начин да не се употреби сила. Преземање на таква одлука од страна на Владата јас ја сфаќам како неспособност, непотребна плашливост кукавичлук бидејќи е прекината една можност за поуспешно и посмели политички потези кои ќе не водат кон една меѓусебна толеранција но такви чекори навистина не можат да превземат луѓе кои секоја година режираат афери и конфликтни состојби. Да се обидеме сите да имаме рамна претстава за акцијата на полициските сили, да се затвори кругот на оние кои ја злоупотребија функцијата и задачите и да се забележат со име и презиме раководителите во државата што допринеле за оваа состојба и да се прават максимални напори за враќање на довербата на граѓаните кон власта, но се разбира во таков потез најпрво се претставниците на Владата со почетни чекори, разрешување на министерот за внатрешни работи и разрешување на некои главни и одговорни а после тоа јавно извинување на премиерот, претседателот на државата на семејствата на загинатите и повредените па и на сите граѓани од албанска припадност, и овој настан да остане како настала во историја, настан кој бил предизвикан од една Влада со лоши проценувачи, со едно министерство, со дел од униформисани луѓе национално оптеретени и со една полиција само со припадници од една нација, бидејќи тоа е вистината иако што во Информацијата такви податоци не успеавме да ги прочитаме.

Во Информацијата може да се забележи ова: во раните утрински часови припадниците на специјалните единици и посебните полициски сили ги симнаа знамињата. Околу 7,30 часот се забележани првите

обиди за организирано мирно протестирање, мирно протестирање изразување на граѓанско незадоволство. Околу 15,00 часот по слободната полициска проценка, значи секогаш по слободна полициска проценка никогаш со точни податоци, бидејќи во Гостивар за тоа време немаше повеќе од 1000 луѓе, значи движење помеѓу 7-8 илјади лица, значи сепак со некоја слободна проценка. Со слободни проценки и со лоши проценувачи на тие проценки и го доведоа до употреба на полициските сили во Гостивар. За сето ова време од страна на полицијата наместо да се направат напори за стеснување на кругот на делување се забележува дека се добиени пак со некои произволни сознанија и тој круг се проширува што не му доликува на специјалните единици. Поточно, тоа значи неспособност или намерно проширување на активностите, бидејќи специјалните единици ја имаат таа можност да се изолира кругот на делување и да не оди на штета на сите граѓани, невини граѓани.

Во Информацијата стои дека е извршена идентификација на лицата и предметите со кои се атакуваше кон полицијата, дека постои богата аргументирана видео документација и се направени балистички вештачења и дека МВР презеде интензивни мерки за обезбедување доказен материјал за организаторите и тн. Јас мислам дека тоа се неубедливи постапки, што остава можност секогаш за манипулација.

И после сите овие трауми што се оставени во душата на граѓаните во Гостивар и Тетово, министерството својата ангажираност смета дека била во границите на постојната правна рамка и покрај се почести јавни обвинувања за многу конкретни примери за пречекорување на службените овластувања. Сега нормално остануваат некои дилеми и понатаму отворени. Дали се воспоставува редот и почитување на закон само со употреба на полициска сила? Дали е добро да се злоупотреби власта, бидејќи тука е злоупотребена? Дали Владата треба да поседува и да се раководи од морални особини? Дали е вистина дека Владата им

е на располагање на оние кои нечесно се збогатуваат? И дали Владата треба да има за цел реваншизам по било која цена? И на крајот, како одеднаш државното раководство заборави на значајните напори за внатрешната стабилизација, на напорите за членство во Европската унија и НАТО, тоа се цели за кои секогаш имаше широк консензус, за кои е забележано дека е направен и значителен прогрес во таа насока, напори кои се идентификувани и во структурата на НАТО и Европската унија и беа избегнати мрачните прогнози за Македонија. Република Македонија за својата внатрешна стабилност е тесно поврзана со една долгорочна визија. И покрај тоа, иако се наоѓа во кризен регион, бидејќи тоа останува во оценките на Советот за безбедност при 00Н, а особено како главни забелешки и грижи за Македонија се контекстот на можен меѓуетнички конфликт и состојбата на северната граница. Ако се мисли на зајакнувањето на позициите на Македонија за Европски и Евроатлански структури , за отворање на перспектива, тогаш треба да се затвори патот на поединци кои раководат со одредени служби внатре во државната администрација и да им се скрати правото да прават експерименти со граѓани бидејќи такви експерименти ќе не водат кон нестабилност, режирање на афери отворање на конфликтни состојби и отвора простор за неодмерени дејствија и толеранција.

Република Македонија, ако сакаме да биде современа правна држава, очигледно е дека наша основна ориентација определбата за развој на Македонија како мултикултурна, мултинационална заедница заснова се разбира врз еднаквоста на сите граѓани. На сите нас ни е јасно дека ниедна држава не може да постои, барем засега, без два основни столба. Тоа е полицијата и војската. Тоа значи со нивна главна улога заштита на граѓаните, законитоста и Уставот. Но тие сили никогаш не смеат да подлегнат на искушението карактеристично за некои режими, дел од граѓаните да се чувствува несигурен од тие сили заради

нивната национална припадност и несоодветната застапеност на албанците во овие две структури, и не само во овие, отвора можност за манипулација и со набројување на многу аргументи за дискриминираност, обесправеност и недоверба, како што е и за составувачите на оваа Информација од МВР за актуелните состојби во Гостивар и Тетово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЈ1И РАМАДАНИ:**

Денес, како пред секоја расправа и во овој контекст и по оваа точка, барем во овој законодавен дом треба да ни послужи како фундамент темелниот правен акт на секоја држава, значи Уставот на РМ, каков таков, потоа прописите кои се однесуваат на вакви и слични случаи како и меѓународните конвенции, кои се составен дел на нашиот правен систем, кои се предложени од Владата на владеачката партија и кои се исто така ратификувани во овој законодавен дом . Додека како материјал за оваа расправа, за оваа точка пред нас е Информацијата односно дезинформацијата каква таква, како што ни е претставена и за која веќе не- колку дена расправаме. Да не реплицирам поединечно со секакви излагања и вчера и денес, меѓутоа, на крајот ќе го кажам и тоа нешто генерално. Се зборуваше се и сешто, а најмалку онака како што требаше навистина да личи на еден ваков висок законодавен дом Не затоа што имавме некои забелешки на одделни излагања уште од вчера и кои следуваа и денес, сепак се подготвив уште пред да дојде Информацијата, кога требаше да се стави на дневен ред оваа точка, значи една колку толку скромна научно-правна анализа, а после доставувањето на информацијата каква што е, секако требаше еден осврт и затоа веќе имам нешто и на ред. Затоа намерно се откажува за да не должам од повеќе од половината од моето излагање подготвено

уште пред месец и половина. Во оваа прилика само нешто накратко, а поконкретно за Информацијата односно тоталната дезинформација која ни е доставена и за која се води ваква расправа, во која за жал сме поделени најмалку во два табора: На едната страна се албанците, како што беше речено скоро било тоа и формално и заради познати причини по овој повод хомогенизирани, а од друга страна какви-такви колку зедоа учество и македонците кои можеби на некој начин , како што велат некои, јас не верувам исто така, се хомогенизирани, меѓутоа во негативната смисла на зборот-

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

По оваа точка поднесувам само едно кратко резиме и конкретизирање во врска со Информацијата односно дезинформацијата на МВР односно на Владата на РМ за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово, додека автентичниот и авторизираниот текст во целина го прилагам како составен дел на записникот односно стенографските белешки за оваа 74-та седница на Собранието на РМ.

Многу кратко за прекршување на Уставот и законот. И во случајот на Гостивар и Тетово итн., уште еднаш е прекршена и Преамбулата на актуелниот Устав на РМ што се однесува до националната рамноправност односно нерамноправност. Прекршени се на нај-бескрупулозен и на најдрастичен начин основните одредби на членовите 2 став 2, членот 8 став 1, точките 3,6,8,9 и 11 и став 2 од Уставот кои се однесуваат на суверенитетот и темелните вредности на уставниот поредок на РМ вклучувајќи си ја и локалната самоуправа и почитувањето на меѓународните правни акти. Повредени се и основните слободи и права на човекот и граѓанинот. Во овој случај слободите и правата на Албанците санкционирани во членовите 9, став 1, 48 став 1 и 2, 51 став 1 и 2, член 54 став 3,-68 став 1 точка 2,3,14, 15 и 17, член 88 став 2, член 91 став 1 точка 1, 92 став 1 и 2, 93 став 1 и 2, 94 став 1 и 2, членот 108,110 став 1 точка 1,3,4, 5 и 8, членот 114 став 1, 115 став 1 итн. кои се однесуваат на еднаквоста и рамноправноста, идентитетот и особеностите, почитувањето на Уставот и законите, недискриминацијата, толкувањето на одредбите, надзорот на Владата и нејзината одговорност, правата и обврските на Уставниот суд, те локалната самоуправа т.е. општината и нејзиното загарантирано право и обврска.

Во случајот на Гостивар, Тетово итн., на најдрастичен начин се прекршени одредбите на Повелбата на организацијата на Обединетите Нации и сличните меѓународни правни норми и конвенции како што се Преамбулата и членовите 4 став 1, 5 став 1, 6 став 1 и 2 и членот 7 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства во случајот на Албанците во поавансирана форма, те Преамбулата и членовите 4 став 2, 7 став 1 и членот 11 од Европската Повелба за локална самоуправа.

Што се однесува до Уставот, значи веќе укажувам дека некои работи ќе бидат доставени и приклучени на записникот, туку само да наведам нешто што се однесува до Уставниот суд, конкретно. Дека на неуставен и незаконски начин Уставниот суд на РМ донесе одлука додека МВР односно Владата на РМ на ист начин ја спроведоа истата, зборуваат и овие аргументи.

Прво, врз основа на тогашниот важечки устав од 19 63 година Собранието на СРМ во тој состав 1983 година донесе закон за употреба на знамињата према кои во членовите 6 и 7 и националното знаме на Албанците се употребува "во сите случаи во кои е предвидена употребата на знамето на СРМ" член 6 став 1 и член 7 став 1"при празнување на државните празници и прослави и свечености покрај знамињата на СРМ и СФРЈ можат да го истакнуваат и знамето на народноста".

Второ, ако врз основа на кои амандмани и Уставот на СРМ од 1989 година се амандманите, овие одредби се ставени вон сила. Одлуката на Уставниот суд на РМ не може исто така да се засновува на овие амандмани затоа што со донесувањето на Уставот од 1991 година и овие амандмани заедно со Уставот од 1974 година се ставени вон сила и не важат, па во таа смисла или е во сила Законот за употреба на знамињата од 1983 година или и овој не важи воопшто и во оваа свера т.е. не

постоеше воопшто закон и основа за оваа одлука, господа. Односно при донесувањето на Одлуката на Уставниот суд требаше да се засновува на одредбите на актуелниот устав на РМ со кој е дозволена употребата и на националното знаме на Албанците што се покажа и потврди со донесувањето на закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во РМ го изразуваат својот идентитет и националните особености од 8 јули 1997 година, кој беше објавен веднаш и стапи во сила во 00 часот на 9.07.1997 година, т.е. пред да се симнат знамињата во Тетово и Гостивар што е случај без преседан во аналите на светската јуриспруденција воопшто. (кратам исто). Меѓутоа, го прашувам министерот за правда, министерот за внатрешни работи и целата Влада на РМ по кој основ врз основа на кој член од Уставот или Законот е симнато националното знаме на Албанците во Гостивар, Тетово, Дебар, Зајас, Рефе односно Осломеј и другите општини во Западна и Северозападна Македонија. Значи до Липково. Односно прашувам.

По кој основ се преземени вакви репресивни мерки, убиства во обид, малтретирања, лишувања од слобода, грабежи итн. над невини граѓани Албанци во Тетово, Гостивар итн. Одговор, другари, господа во нашава норматива и регулатива каква таква немате. Одговорот е само во неконтролираните страсти, криминалните дејанија и низантропската омраза према Албанците во РМ и воопшто. Т.е. во вашата фобија е одговорот, во конкретниот случај албанофобија. Секому, па и на Уставниот суд и на МВР и на Владата, на владеачката партија на РМ треба да ни е јасно дека критичниот ден т.е. на 9 јули 1997 година не важеа амандманите на Уставот на СРМ од 1989 година ниту антиуста: ната и антизаконската одлука на истиот суд од 21 мај 1997 година инт. туку токму тој ден од 00 часот важеше новиот закон за употреба на знамиња и немаше никаква уставно-правна и законо-правна основа да се симнуваат знамињата и тоа на чист дискриминаторски начин, само едно знаме. (кратам повторно).

Врз основа на член 108 од Уставот на РМ Уставниот суд има обврска да ја штити уставноста и законитоста. Меѓутоа одлуката на овој суд за поништување на членот 140 од Статутот на општина Гостивар слично и во Тетово не само што нема врска со заштитата на уставноста и законитоста затоа што истата е и противуставна и противзаконска бидејќи и према првиот и према другиот и употребата на националното знаме на Албанците колку да е рестриктивна е дозволена и напротив, тој суд требаше да ги штити истите. Тоа е правата вистина, не може со ништо, од никого и никогаш да се негира. Тој суд постапувал спротивно и со членот 110 став 1 точките 1,2,3,4,5 и 8 од Уставот бидејќи не одлучувал за согласноста на законот со Уставот туку ги прекршил нивните одредби како и другите прописи, точка 1.

Тој суд со оваа одлука не само што не ги заштитил слободите и правата на човекот и граѓанинот и забраната на дискриминацијата на граѓаните по основ на верска, национална и политичка припадност точка 4, туку напротив истите ги загрозувал вклучувајќи ги тука и нивните животи.

Уставниот суд наместо да се врати да следи, внимава и решава за евентуалните судири на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа точка 5, тој навлегува најсбескрупулозен начин против уставно и против законско во ограничувањето на автономноста на единиците на локалната само-управа, односно општините загарантирани со Уставот, законот и меѓународните правни норми и конвенции.

Со укинувањето односно поништувањето на поедини одредби на односните општини статути, член 112 од Уставот став 2 Уставниот суд немал никаква правна основа дека истите не се во согласност со Уставот и законот затоа што со првиот беа во согласност, и тоа потполна

согласност додека стариот закон за време на донесувањето на одлуката бил делумно дерогиран или пак хаотичен, како што призна и премиерот, додека за време на погрешното извршување од страна на МВР веќе бил донесен и бил во сила нов закон со кого беше дозволено веќе исто така употребата на националното знаме на Албанците. Навистина врз основа на став 3 од истиот член "одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни" меѓутоа, тоа важи само тогаш кога таквите одлуки се донесени врз основа на уставните и законските одредби, а не против нив. Затоа што и судот сноси, не само морална туку и кривична одговорност за злоупотреба на службената должност и за прекршување на уставните и законските одредби, за нивно неприменување односно злонамерно и пристрасно применување за кои ќе бидат разрешени не само поедини судии на чело со претседателот, познат како најекстремен албанофоб туку треба да се најдат во наскоро време на обвинителната клупа. Прескочувам Повелбата, прескочувам европската повелба за локална самоуправа, некои други меѓународни конвенции, некои контрадикторни изјави преку некои масмедии, те контроверзни ставови и на првите поглавари во државата, на Владата и премиерот, во изјавата на поглаварот ни збор за законот итн. и доаѓам поконкретно до оваа информација, односно дезинформација.

Во моето досегашно излагање како и во мојата статија од една ипол страница објавена во скопскиот дневен весник "Флака" на 5.08.1997 година под наслов"Тотален промашај и на партиите и на Албанците" со 7 поднаслови имате и добар дел на објавен одговор на Информацијата односно дезинформацијата на МВР за актуелните состојби во општините Гостивар. и Тетово од 15 јули 1997 година доставено до Собранието на РМ во писменото барање на пратеничката група на демократската партија на Албанците од 9 јули 1997 година.

Оваа Информација односно дезинформација од 12 страници не само што не е објективна, не е точна, не е потполна туку е апсурдна, чудна бедна и смешна како и измислена инконструирана, инсценирана фарса, деструктивна, површна, со опишување на лошо насликани фалсификувани состојби од свој сопствен агол. Еднострано и субјективно, контрадикторно и повеќе личи на вештачење и тоа лошо злонамерно и погрешно вештачење отколку на информација која треба да се заснива на аргументи и реални состојби. И, поради овие причини од научно политички аспект оваа информација односно дезинформација не само што не заслужува посебно внимание и осврт туку и никакво затоа што е такво и нивото на нејзината содржина. Меѓутоа, поради вистината, потенцирам и потребата треба да се каже и нешто поконкретно, за жал.

Прво, имено "МВР на РМ на 9 јули 19 97 година презеде мерки за спроведување на Одлуката на Уставниот суд У.бр. 5297 од 11 јуни 19 97 година за симнување на нелегално поставените знамиња пред општинските совети на Тетово и Гостивар. Точно е тоа дека постоеше таква одлука. Меѓутоа, таа одлука иако беше донесена од страна на Уставниот суд немаше, да потенцирам, никаква правна ни уставна, ни законска основа, туку беше тенденциозна, па затоа не само што не се пролонгираше толку туку и од првиот човек на Владата беше јавно речено дека постои правна празнина и тоа е многу релевантно околу употребата на сите знамиња и дека се очекува правна регулатива, како што дојде подоцна.

Второ, токму поради овие причини и од фактот што за време на наводно извршувањето на одлуката беше веќе во сила Законот за употреба на знамињата на националностите што значи дека и во оваа смисла веќе не беше во прашање нелегално поставените знамиња како

што дезинформира информацијата, туку тоа веќе беше легализирано и со најновиот закон. Тука веќе може да се стави точка и нема потреба за никаков друг коментар.

Меѓутоа, иако се исклучува сама по себе, со безброј контрадикторности оваа Информација треба да се дисквалифицира, тотално. Дека се беше противуставно, противзаконско и тенденциозно, се признава дури во самата информација затоа што и самата е контрадикторна. "Во раните утрински часови припадниците на специјалните единици и посебните полициски сили ги симнаа знамињата, извршија претрес и поставија физичко обезбедување на овие објекти". Со шо бомби, со звучни светлосни ефекти.

Прво, се поставува едно имплицитно прашање зошто ги симнаа знамињата во раните утрински часови односно поточно во ноќно време после пола ноќ во 01,30 часот.

Второ, дали во редовите на тие специјални единици и посебни полициски сили имаше и Албанци, било тој да е и само еден.

Трето, дека имаше полиција од странска земја, што не беше речено воопшто во овие два дена тужа, не е спорно, туку е спорно и треба да се констатира бројот, колку беше поголем од македонската полиција, дали се познавале меѓусебно, кој го одобрил тоа и дали го одобрил? Колку е тоа тајно, колку е наметнато, колку одговорни државни органи односно лица тоа го знаат итн.? Јас за тоа имам аргументи, лични опсервации, ако некој сака, можам да му поднесам.

Понатаму, не е спорно тоа, ниту е важно дека "при деталниот преглед на просториите на двете собранија пронајдено е огнено оружје." Голема работа. Службените избрани или поставени органи имаат право да носат, држат оружје и во себе и дома, а камо ли во службените простории на општините и додека поседувањето на легалната

документација се подразбира во самиот факт што тие се легални органи на локалната власт, а некои од нив имале и посебни дозволи за носење оружје.

**САЛИ РАМАДАНИ:(**Продолжение)

МВР признава дека при совладувањето на заклучените врати е користена физичка сила. Аферим. Дури и огнено оружје и дека е, цитирам: "Предизвикана материјална штета", а не признава дека и за тоа немаше никаква потреба и дека за тоа се одговара и кривично, што мора да следи ако се почитуваат законите^ на оваа држава и ако одиме кон декларираното за правна држава. Додека се претпоставило погрешно за некаков оружен отпор, исто така _ отпаѓа, затоа што граѓаните цело време својот револт го демонстрирале на многу мирен начин, токму врз основа на законот за јавните собири, кој беше донесен од овој Парламент и за кого, како ретко кога, гласав и јас. Дури, информацијата во еднаш прилика е принудена да признае дека, цитирам, "сите приоди кон овој простор поминаа без' поголеми провокации или нарушувања на јавниот ред и мир",но во продолжение измисли, драматизира, искривува и на патолошки начин халуцинира "имало обиди за употреба на правото на организирано мирно протестирање", наводно без никаков повод, група од 200 граѓани со употреба на физичка сила, разни опасни орудија и хемиски средства ги нападнаа статистичките поставени полициски позиции и го нарушија во поголем обем јавниот ред и мир во градот. Колку има мртви? Тоа е чисто измислено и не одговара воопшто на вистината. И првата толпа на граѓани, организирајќи се спонтано да реагираат против една таква протиуставна и протизаконска одлука и акција противеден таков криминален чин на непоканети чинтиели, дури и од странска држава беше многу мирна, се однесуваше многу културно. За тоа сведочат и самите ТВ снимки на државата, без никакво сомнение дека не беше употребена никаква физичка сила, никакво орудие или хемиски средства од страсна на толпата. Напротив, информацијата признава, цитирам, "полициските сили возвратија во

употреба на хемиски средства АФ и АГ - 1 (тоа е солзавец), гумена палка и физичка сила". Браво. И тоа без никаков повод! Не само да се провоцира толпата и да не остане сценариото недовршено и да се оправда доаѓањето од разни страни, па и странски држави односно странска држава, и во мирниот Гостивар кој по овој повод, најризичен повод се определил за разрешување на мирен начин и на најболната точка на својата програмска определба.

Понатаму, информацијата ја крие тотално бројката на специјалците и посебните полициски единици, дали беа околу 5.000, според мас медиумите, или 10 иљади, туку ја драматизира толпата околу 15 часот дека се движеше меѓу 7 и 8 иљади лица, додека самата шпекулација за бројот на загинатите, повредените и приведените лица. Самата информацијата манипулира дека се претпоставило дека ќе се манипулира со толпата, дека ќе бидат употребени "молотови коктели врз полицискиот кордон и возилата" и тн., се заснова на претпоставки, предвидувања, можности и до крајот се останува на тоа, ништо не се употребувало, ако нешто се имало, бидејќи со ништо не е докажано, поточно дека своето е покажано за туѓо, значи фалсификување. Со ништо не е докажано дека од 5 лица лишени од слобода во 14,30 часот, 3 државјани на РМ додека јас имам сознанија дека еден добар дел на граѓани, посебно оние од Гостивар и Тетово кои работат во Република Албанија имаат двојно државјанство, додека во толпата можеле д асе приклучат и случајни туристи, случајни лица и од Америка и ли било која друга земја.

Дека се извикало "Босна, Босна", со ништо не е докажано дека сакаат воена катастрофа како во Босна, туку на полицијата најсериозно да и се обрне внимание, како и другите чинители на криминални дејанија, да не поттикнуваат војна, за да не биде втора Босна и тн. Исто така со

ништо не е покажано дека во 15 часот и 35 минути и 8 секунди е фрлена првата, а само секунда подоцна и втората димна бомба и дека наводно екстремистите отворија огин од автоматско оружје врз полициските единици. И тоа е измислено, затоа што не само што не беше убиен ни еден полицаец, господа, ако и тоа е случајно не се крие, туку еден единствен е наводно потешко повреден, зошто не е пренесен во болницата во Гостивар или Тетово, па да ви се верува, каде е поблиску и каде има одлични специјалисти хирурзи Албанци и да го оперираше лакарот Албанец па некако да се поверува, туку е пренесе во Скопје. Доказите со ТВ снимки го потврдуваат обратното. Полицијата во атмосфера на интензивна едночасовна оружена престрелка, цитирам, "без никаков повод при убиствата на двајца и ранување на стотина граѓани Албанци"може да погоди и еден свој колега без или со намера. Сосема е нормално што родителите на убиените деца не им дозволија да се врши обдукција од страна на убијците, затоа што со тоа ќе се манипулираше уште повеќе и со телата на нејзините мртви граѓани Албанци. МВР не го почитувал туку го прекршил и членот 35, на кој се повикува, од Законот за внатрешни работи, па дури шпекулира и во основните правила за употреба на сила и огнено оружје од страна на со закон овластените лица усвоени на 8-от конгрес на 00Н за превенција на криминалот и третманот на сторителите на кривичните дела, одржан во Албена од 2.08. до 9.08.1990 година.

Информацијата е со полно невистинити и во дел внесени или само предочени прилози за балистичко вештачење, како и фото-документацијата со бескрупулозни и флагрантни шпекулации на илустрации на демонстрирања на сопствена сила нас полициските единици, оружје V техника од една страна. Меѓутоа, со ништо не е докажано дека некој од толпата се обидувал да употребува било каква

физичка сила, туку на против или демонстрира мирно и тоа на едно место или се наоѓа во бегство, додека врти се употребува физичка сила и многубројни пукања. За констатација за овој наш наод се многубројните живи докази со кои располага и мојата партија. Мојата парламентарна група на Демократската партија на албанците и јас лично, сведочат и емитуваните снимки на ТВ А1 - Скопје дека и од едната, од најголемите простори од која се пукаше од сите видови на оружје, проследени со службени камери, беа цивилни полицајци, Македонци, што беше и многу невешто исценирано, а потоа и претставено како да беа Албанци. Да речеме дека полицајците не гаѓале цело време кон толпата, што беше и тука изнесено, затоа и нема повеќе убиени, бидејќи немало ни повод ни причина, ниту беа мотивирани. Тогаш ако би гаѓале Албанците и толку голем број простории и од таква близина, каде се убиените полицајци. За тоа Албанците имале и повод и причина и мотивирање. Можеби би Албанците не се добри стрелци, нели? Тоа не може да биде така и секоја нелогичност од едната, мора д има логика за другата страна. Дека се пронајдени или подметнати револвери од оваа или онаа марка, модел или калибар од Исток и Запад или други средства, што е исто така можно фалсификување, исто така нема никаква релевантност.

Важно е тоа дека овој пат толпата не употреби никакво оружје, па ниту орудија, дури ни во одбрана, а како се однесуваше полицијата и према ранетите, со каква бруталност и омраза се гледаше јавно и не треба коментар.

И според самата информацијата, односно дезинформација произлегува дека немаше ниту "основани сомненија за поднесување на кривични пријави за наводно извршени кривични дела против државата,

правосудството, јавниот ред и мир, ниту за поведување на прекршочни постапки", ниту за задржување на 318, а лишени од слобода 18 лица само првиот ден, ниту за извршување претрес дури во службените простории на органите на локалната власт и за поништување на општествената сопственост, додека во приватните станови и куќ, освен малтретирањето и ограбувањето и на најскапоцени семејни и лични предмети и сопственост, што беше тука и документирано од одделни пратеници - Албанци.

Сценариото и на оваа информација се открива и зборува само по себе кога се произнесува: "во Кабинетот на претседателот на општинското собрание во Гостивар (место градоначалникот - моја забелешка) покрај другото пронајдена е документација која во целост се однесува на т.н."кризни штабови, замислени да делуваат на насилно симнување на албанското знаме" наводно за"оружен отпор". Тоа исто така е измислено и апсурдно.

Прво, не е наведено зошто е напишано дека треба да се основаат такви кризни штабови, иако локалната власт има право да има и "кризни штабови" и во случај на елементарни непогоди и други случаи, вклучувајќи го и случајот на воената опасност.

Второ, тие штабови беа само на хартија, што уште не значи ништо како корпус деликти и да имале друга цел:

Трето, генијалната личност на градоначалникот на општина Гостивар, неминовниот господин Руди Османи и кога би имал такви партии од таков карактер, не би ги "чувал во неговиот кабинет во просториите на општина Гостивар",затоа што не е толку наивен, *уку напротив.

Кои се екстремистите и криминалците зборуваат сами по 6е и овеи докази од самата информација: "од 9-11 јули се регистрирани 6 прегледани, а 49 хоспитализирани пациенти во Гостивар, на 9 јули

7 повредени побарале помош на хируршките клиники при хируршкиот центар во Скопје, а 9 хоспитализирани во Воената болница во Скопје". Голема бројка. И овој пат како и неколкупати досега, наместо не одложнат констатација и за "пречекорувањата на, наводно, службените овластувања", поднесување на кривични пријави против сторителите на кривични дела, во информацијата се шпекулира и понатаму наводно дека овие пречекорувања ќе ги истражувало посебно тело за чии сознанија наводно јавноста ќе биде информирана.

Информацијата на МВР односно на Владата на владеачката партија на РМ не само како непотполна, туку и невистинита, не сериозна, измислена, деструктивна и тенденциозна не ја прифаќам и нема да гласам, односно ќе гласам против, со најостро протестирање, односно со најенергично барање, односно Руфи Османи, Рефик Даути, Алаедин Демири, Вехби Беџети и другите да се ослободат веднаш од обвинението и политичкиот монтиран процес.

Во извештајот на демократскиот форум за одбрана на човековите права и слободи во Македонија со седиште во Гостивар во врска со состојбите на 9 јули 19 97 година во Гостивар и Тетово само малку ќе кажам. Не се памети за некој закон донесен од Собранието да влегува во сила веднаш по неговото донесување, скратувам. Полицајците употребија огнено оружје вдо правец на толпата која почнала да бега спрема градските улици за да се спасува. Во овие моменти специјалните полициски сили гаѓаа од автоматско оружје, додека скриените полициски сили, сместени во зградите на разните објекти гаѓаа со снајпери. Понатаму, токму тука, македонската специјална полиција ја покажува својата ѕверска бруталност. Оваа бројка е многу поголема бидејќи ранетите од страв не се пријавени во државните болници, туку тие побарале лекарска помош туку во приватните амбуланти  дома. Оваа бројка може да биде и над илјада.

Бруталното навлегување на полицијата имало за цел и грабеж. Така на пример Имер Зекири при враќањето од Германија, дома во Гостивар овие сили му одзедоа 20 илјади ДЕМ, на Сали Али Гега, 600 германски ДЕМ, на Вадетин Рамадани, кого го лишуваат од слобода пред банката и откако го малтретираат му земаат 2 илјади ДЕМ кои ги носел со себе, и тн. што беше тука веќе презентирано од колегата Сејфедин Харуни.

Вака не се работело ниту за време на инквизицијата. Овој неполн извештај на овој форум е испратен до сите релевантни европски и светски организации и одговорни лица за информирање, со предлог за посета на лице место и преземање на соодветни мерки. Овој извештај на овој форум му го приложувам исто така во целина на стенографските белешки на Собранието на РМ.

Од многубројните докази кои беа изнесени и тука и кои ги имаме колку сакате само од "Флака", значи весникот на албански јазик во Скопје од 25.7.1997 година, се гледа или не, тука еден човек, полицајци од сите страни, ова е токму тој што после ден почина, тоа е спокојниот од Добри Дол Миљаим Даути. Вака како се малтретира цела полиција нема ни резистенција, ниту народ, ниту Албанци, тоа го видовме сите, само еден случај, да видиме колку полицијата беше силна.

На крајот да ви кажам една работа. Немилите настани на Бит пазар, Радолиште, Мала речица односно универзитетот во Тетово, ТАТ-Битола, Гостивар, Тетово и сега покажаа и докажаа дека во РМ апсолутното мнозинство на Албанците како и апсолутното мнозинство Македонците и апсолутното мнозинство на другите национални колективитети се за РМ, за суверенитетот на Македонија, за нејзиниот територијален интегритет и да се брани оваа земја, додека против се заради вистината, ви одговара или не, актуелната Влада на РМ,

која не работи за Македонија, туку за туги интереси и за лични интереси, владеачката партија на СДС без она М, не е за Македонија (смеење во салата) - да, точно е тоа, немојте да се смеете, второ, сите челници на сите парламентарни и вонпарламентарни опозиции, вклучувајќи си ја мојата партија на Демократската партија на Албанците, сега ДПА, поединци, потоа и првите главари: точно е тоа свесно или несвесно и тројката, актуелната тројка Глигоров,Црвенковски, Чокревски не работи за Македонија, туку е против Македонија, свесно или несвесно. Докази имам колку саскате. Значи, токму овие со нивните неумерени изјави, контрадикторности, шпекулации, маркетинзи, работат против граѓаните на цела Македонија, наместо тука да се занимаваме со социјалата, со бедата, со невработувањето, со егзистенцијалните проблеми на сите граѓани на оваа РМ, ние се занимаваме со такви ситни смешни чудни работи, а за жал и со убиства, терор и ова што се случи во Гостивар, Тетово и тн.

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Затоа овие два дела, да не ги оштетувам и моите апбанци, и тоа е вистината, два табори сме. Барам во Парламентот. На една страна македонците, на друга албанците.

Се или не се албанците хомогенизирани во Парламентот? Некои мои сонародници и тие најмалку на два табори се поделени и се поделија денеска. Зошто?

Ве молам, многу се зборуваше како можело да не се случи ова во Гостивар? Дали можеше? да! Тоа беше решено, речено и докажано дека немаше потреба да се интервенира на ваков начин. Како што реков, против уставно и противзаконски. Меѓутоа, дали можеше токму во тие драматични и ризични моменти некој да дејствуваше на лице место? Можеше и те како и тројца загинати, на кои ние со толку задоцнување им изразуваме повторно најдлабоко сочувство, можеше ако члниците на сите партии па макар и на албнаците, а имале време до 15,30 часот колку сакате од пола ноќ, во 7,30 беше собрана веќе првата толпа во Гостивар да демонстрира мирно, нормално, а до 13 можевме дури и ние пратениците, иако нашата должност е тука, во такви ризични состојби во Парламентот, затоа што не можат тука да дојдат партиите, членството, избирачите и другите од градовите и селата, туку токму да бевме поканети, да бевме известени. А, ние бевме во неизвесни состојби.

Затоа побаравме веднаш и мојата парламентарна група, веднаш информација, толку колку знае МВР што ни беше набрзина вербално поднесена, но не ни беше речено ништо. И тоа без дискусија. Ни се заклучија врати да не можеме ниту да поставуваме прашања. Па да се информиравме. Ние се информиравме дури вечерта во емисијата на Албански јазик од канцеларијата горе во 18,30 часот. После и на Македонската. Ние како парламентарна група презедовме во тие последни моменти нешто, макар што беше многу доцна, дури бевме и до Тетово, па некое ембарго на некого кој требал да биде на лице место

дали бил или не, главно постојат грешки и кај партиите и во мојата партија, мислам не во членството далеку од тоа, туку кај челниците.

А сега, овие мој сограѓани играат херојски. Многу добри информации дадоа некои. Многу аргументирани. Денеска се претставија, па и вчера како да не се пратеници на Партијата за демократски просперитет, туку заради вистината ќе го кажам и ова, како да бидат пратеници на Демократската партија на Албанците. Влезете, повелете на оваа страна. Да, тоа е точно.

Меѓутоа што? Ја критикуваат Владата, Министерството, министерот, што кажаа некои други пратеници, дека тие се самите составен дел на Владата. Ве молам, дали знаат што е тоа коалиција, или не? Дали знаат што е тоа брак или не? Тој брак и вакви тешки зборови што беа на место, нема тука што, се точни. Меѓутоа не се реални во однос на нивниот статус што го имаат привремено сега во оваа Влада.

Значи, што треба, ние сме подготвени во секое време, него и тие, моите колеги пратеници, некои од нив многу ценам и многу објективно беа тука претставени, треба со нивните министри и не само министри туку и со судиите во сите, во Врховниот, во Републичкиот совет и Уставниот суд итн, веднаш да дадат оставка. Тогаш ќе биде криза во системот и те каква, а не сега кога веќе сме при крајот на мандатот, кога веќе ќе бидат предвремени избори било во април или мај и сега маплку ќе одиме ние со Албанците, ќе бидеме по патриот, па да добиеме избори па повторно со СДС. Не. Нема тоа веќе. Тоа да го знаете. Тоа не оди, другари.

Денеска треба да ги расчистиме сите дилеми и сите проблеми. Затоа мислам оваа Информација, бидете толку машки, барем вие од СДС, немојте да ја прифаќате, да ни дојде друга информација, објективна, што ќе одговара на вистината и не само Чокревски да даде оставка. Ние затоа имаме интерпелација. Подобро нека даде денеска, затоа што во идната среда ќе дава сигурно и тоа мора, тешко со нас и со мене веќе да се соочи уште некој пат како некои министри кои отидоа, па нека оди, само се знае каде ќе оди потоа, затоа што денеска, како што реков, оваа тројка и така слично и меѓу вас има и други тројки, може многу лесно да се дојде да се одговара како за време на Гебелс, Химлер, Хитлер. Не би сакал јас да ви кажам искрено.

Влагодарам.

(Пратеникот Сали Рамадани приложува дискусија)

**САЛИ РАМАДАНИ:** ( Приложена дискусија на 74-та седница на Собранието на РМ, одржана на 28 август 1997 год.)

**Информација на Актуелните состојби во Општините Гостивар и Тетово**

И во Преамбулата на Уставот и основните одредби (член 1 и 8) и второто поглавје: основни слободи и права на човекот и граѓанинот (чл. 9-60) се скоро целосно, т.е. буквално пренесени од Повелбата на Организацијата на Обединетите нации и другите меѓународни правни норми и конвенции кои делумно а повеќе пати погрешно и злонамерно адаптирани на нашите прилики и околности.

Уште полошо овие основни правни одредби никако не се спроведуваа во практичниот живот односно се спроведуваа крајно дискриминаторски.

Каде е "Националната рамноправност" и "слободата" со Албанците и другите предвидено уште во Преамбулата на Уставот? Во оваа прилика во врска со употребата на Националното знаме на Албанците санкционирано врз основа на Уставот и во најновиот Закон за употреба на знамињата?

Како се "обезбедува мирот на Македонскиот народ со националностите" како што пишува во Преамбулата на Уставот, кога од страна на МВР односно Владата на РМ. Прекршувајќи ги уставните и законските одредби? - Превземаа такви драстични репресивни мерки према цел еден народ и со убиства на невини граѓани - Албанци, поттикнувајќи си ја војната со можно трагични последици, не само во РМ туку и на Балканот воопшто?

Бидејќи во "РМ суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните" (чл.2 став 1), а бидејќи и Албанците се граѓани на РМ и тие се носители на суверенитетот, па како такви, ни МВР на Владата на владеачката партија на РМ, истиот нема на уставно ни законско, ни морално право да им го ограничува и загрозува, него сами тие сочуваат на најдоследен начин.

Со ваквото волонтаристичко однесување на МВР и Владата на РМ, на највулгарен начин се повредени "Темелните вредности на уставниот поредок на РМ", према чл. 8 ст. 1. точка 3, 6, 8 ,9 и 11 од Уставот кога критичниот ден во Гостивар, па и во Тетово, не "владееше правото", него хаосот и неправото, кога не се "заштитуваше правната сопственост", него

истата беше загрозена до најскандалозни екстремни дејанија и со поништување, загрозување, кршење и грабежи од страна на оние кои требаше да ја заштитуваат.

Наместо "Хуманизмот" и "Солидарноста", како едни од темелните вредности на Уставниот поредок на РМ (чл.8став.1точка 8) односно аптруизнот, МВР и Владата на РМ и во Гостивар се определија за мизантропизмот,, дехуманизмот и антисолидарноста, т.е. омразата и фобијата, во конкретниот случај албанофобијата.

Истите актери ја повредија и одредбата од точка 9 од истиот став и член која се однесува до темелните вредности на локалната самоуправа, заедно со законските прописи од иста материја, како и сличните на меѓународните конвенции од оваа врста кои ги предлагаше истата Влада и ги ратификуваше овој законодавен дом! ( и точка 9 и 11 од истиот став и член).

Тоа што е санкционирано во членот 8 став 1 од Уставот не само што беше дозволено према Законот за употреба на знамињата од 1973 година него беше слободно и предвидено и према најновиот Закон кој, иако на апсурден начин и без преседан влезе во сила истиот ден кога и беше веднаш во ноќно време и објавен, на самиот критичен ден, т..е. на 9.07.1997 година, а во исто време не беше и забрането, него напротив, дозволено истакнувањето и на Националното знаме на Албанците токму и пред зградите на општините Гостивар и Тетово од кои на противуставен и противзаконит начин, во ноќно време, еднострано и вандалски беше и симнато од оние органи кои требаше да го чуваат и заштитуваат истото знаме!

МВР и Владата на владеачката партија на РМ на најбескрупулозен начин ги прекршија и одредбите на членот 9 од Уставот кои се однесуваат на рамноправноста и еднаквоста на припадниците на националностите и граѓаните (став 2), бидејќи и во Гостивар, Тетово и другите градови и општини во западна, северозападна и југозападна Македонија и на 9 јули 1997 година беа не само на најбрутален начин дискриминирани, него невини граѓани - Албанци и убиени, додека на само три недели потоа на 2 Август "Ќе Гури и АРУШЕС" - на Мечкин камен во легендарното Крушево, не само што не беше употребено, и добро е што нее употребено, сила, при многу поостра форма на протестирање на граѓани - Македонци, па дури и за газење и валкање на

знамето на владеачката партија на РМ, кога се чистеа и кондурите него истата владеачка партија, заедно со нејзината Влада и со министерот на МВР, нејзиниот премиер и Претседателот на државата - односно на истата партија, ја скратија славата, се откажаа од коктелот: јадењето и пиењето и со "опашката под нозе" побегнаа од својот сопствен Македонски народ пред времето и се спасија од најлошото!

Дека на неуставен и незаконски начин, Уставниот суд на РМ донесе одлука, додека МВР односно Владата на РМ на ист начин ја спроведија истата, зборуваат и овие аргументи:

1) Врз основа на тогашниот важечки Устав, (од 1963); Собранието на СРМ од 1973 го донесе Законот за употреба на знамињата, према кои во членовите 6 и 7 и Националното знаме на Албанците, се употребува, цитирам: "во сите случаи за кои е предвидено употребата на знамето на СРМ", (член 6 став 1); те, член 7 став 1: "... при празнување на државните празници и при прослави и свечености, покрај знамињата на СРМ и СФРЈ, можат да го истакнуваат и знамето на народноста"...

2) Ако врз основа на некои амандмани на Уставот на СРМ од 1989 година, овие одредби се ставени вон сила, одлуката на Уставниот суд на РМ, не може исто така да се засновува на овие амандмани, затоа што со донесувањето на Уставот од 1991 година и овие амандмани,, заедно со Уставот од 1974 година се ставени вон сила и не важат, па, во таа смисла или е во сила Законот за употреба на знамињата од 1973 година; или и овој не важи воопшто и во оваа сфера, т.е. не постоеше воопшто закон и основа за оваа одлука, односно при донесувањето на Одлуката на Уставниот суд, Је да се засновува на одредбите на актуелниот Устав на РМ, со кои е >лена употребата и на Националното знаме на Албанците што се покажа потврди со донесувањето на Законот за употребата на знамињата преку припадниците на националностите во РМ го изразуваат својот идентитет жалните особености (од 8 јули 97, кој беше објавен веднаш и стапи во од ноќ на 9.08.97 година, т.е. пред да се симнуваат знамињата во и Тетово, што е случај без преседан во аналите на светската 1уденција воопшто!

Имено критичниот ден, важеше иако рестриктивен овој закон донесен врз основа на членот 48 став 1 од уставот на РМ, додека, понатаму, во став 2, се допрецизира таксативно.

"Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите".

Значи, врз основа на членот 48 став 1 од Уставот н РМ и членот 5 од најновиот закон за употреба на знамињата на националностите, иако во ограничен и дискриминаторски обем и рестриктивно, е дозволено употребата и истакнувањето на националното знаме на Албанците:

"Во единиците на Локалната самоуправа во кои припадниците на една националност се мнозинство од населението..."

Меѓутоа, го прашувам министерот за правда, министерот за внатрешни работи и цела Влада на РМ:

"По кој основ, врз основа на кој член од Уставот или законот е симнато Националното знаме на Албанците во Гостивар, Тетово, Дебар, Зајас, Рете (Осломеј) и другите општини во западна и северозападна Македонија?

Односно прашувам: по кој основ се преземени вакви репресивни мерки: убиства, убиства во обид, малтретирања, лишување од слобода, грабежи итн. над невини граѓани - Албанци во Гостивар, Тетово итн?

Одговор, другари господа, во нашава правна норматива и регулатива, каква - таква, немате!

Одговорот е не само во неконтролираните страсти, криминалните дејанија и мизантропската омраза према Албанците во РМ и воопшто!

Тоест во вашата фобија, во конкретниов случај: албанофобија!

Секому, па и на Уставниот суд, и на МВР и на Владата на владеачката партија на РМ треба да им е јасно дека критичниот ден, т.е. на 9.07.97 година не важеа амандманите на Уставот на СРМ од 1989 година, ниту антиуставната и антизаконската одлука на истиот суд од 21 мај 1997 година итн. него токму тој ден од 0,00 часот важеше новиот закон за употребата на знамиња и немаше никаква уставно правна и законо правна основа да се симнуваат знамињата и тоа на чист дискриминаторски начин!

Значи конкретно, иако членот 51 став 2 од Уставот го обврзува секого, Уставниот суд, МВР и Владата на Владеачката партија на РМ не "го почитувале Уставот и законот".

Понатаму, иако и членот 54 став 3 обврзува, истите актери, не само што им ги ограничувале слободите и правата на Албанците, "по основ и на вера, национално... потекло...", него и без никакви причини употребија и огнено оружје, убиваа тројца, ранеа и малтретираа без број од нив, влегувајќи и во нивните работни простории, станови и куќи, загрозувајќи им ги нивните животи, сопственост итн.

уставниот суд, МВР и Владата на владеачката партија на РМ, ги прекршија најдрастично и членовите 114 став 1 и 115 став 1 и 2 од Уставот кои се однесуваа на единиците на локаната самоуправа односно општините.

Имено, иако со првиот член на граѓаните им се гарантира правото на локалната самоуправа, со таквата противуставна и противзаконска одпука, истите се суспендирани во обавувањето на својата дејност, која по детапно е предвидено во соодветните одредби на Законот за локапната самоуправа.

Со овој недозволен акт, не само што сна "граѓаните непосредно и преку претставници" не им е овозможено да "учествуваат во одлучувањето..." него истите се убиени, ранети, малтретирани и ограбени (член 115 став 1);

Иако, према став 2 Општината е самостојна во вршењето на надлежностите..." таа односно тие општини во кои живеат во мнозинство Апбанци, со употреба на измама, манипулирање, мајолизирање, изненадување и на крајот и со употреба на сила се ставени под перфидно тутурство односно под некаков протеторат суи генерис, злоупотребувајќи ги до невидена крајност нивните програмски определби за мирно разрешување и на највиталните проблеми.

Врз основа на членот 108 од Уставот на РМ уставниот суд има обврска да ја штити уставноста и законитоста.

Меѓутоа, Одлуката на овој суд за поништување на членот 140 од Статутот на општина Гостивар, слично итн, не само што нема никаква врска заштитата на уставноста и законитоста, затоа што истата е и тивуставна и противзаконска, бидејќи и према првиот и према другиот, и

употребата на Националното знаме на Албанците, колку да е рестриктивна, е дозволена и напротив тој суд треба да ги штити истите,.

Тоа е правата вистина, која не може со ништо од никого и никогаш да се негира. Тој суд постапувал спротивно и со членот 110 став 1 точка 1,3,4,5,8 од Уставот, бидејќи не одлучувал за согласноста на законот со Уставот, него ги прекршил нивните одредби како и другите прописи (точка 1).

Тој суд со оваа Одлука, не само што не ги заштитил слободите и правата на човекот и граѓанинот... и забраната на дискриминацијата на граѓаните по основ на верска, национална и политичка припадност (точка 4), него напротив: истите ги загрозувал, вклучувајќи ги тука и нивните животи.

Уставниот суд, наместо да ги прати внимава и "решава" за "евентуалните судири на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа" (точка 5) тој навлегува на најбескрупулозен начин, против уставно и противзаконско во ограничувањето на автономноста на единиците на локалната самоуправа односно општините, загарантирани со Уставот, Законот и меѓународните правни норми и конвенции.

Со укинувањето односно поништувањето на поедини одредби од односните општински статути (член 112 став 2), Уставниот суд немал никаква правна основа дека истите не се во согласност со Уставот или законот, затоа што со првиот беа во согласност, додека стариот закон за време на донесувањето на одлуката бил делумно дерогиран или пак хаотичен, додека за време на погрешното извршување од страна на МВР, веќе бил донесен и бил во сила нов закон, со кого беше дозволен веќе исто така употребата на Националното знаме на Албанците.

Навистина, врз основа на ставот 3 од истиот член: "Одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни", меѓутоа, тоа важи само тогаш кога таквите одлуки се донесени врз основа на уставните и законските одредби, а не и против нив, затоа што и судот сноси не само морално, него и кривична одговорност за злоупотреба на службената должност, за нивно неприменување, односно злонамерно и пристрасно применување, за кое ќе бидат не само разрешени поедини судии, на чело со претседателот, познат како најекстремен апбанофоб, него треба да се наоѓаат во најскоро време на обвинителската клупа!

По членот 88 став 2 "своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите".

Меѓутоа, и во случајот на настаните во Гостивар, Тетово итн., во врска со употребата на Националното знаме на Албанците, некои црни сили од страна преку Уставниот суд и МВР се поставија над Владата на РМ и сите заедно свесно или несвесно ги прекршија најдрастично уставните и законските одредби.

Владата на РМ во овој случај, не само што не "ја утврдуваше политиката на извршувањето на Законот, како што е предвидено во член 91 став 1 точка 1 од Уставот, него треба да "одговара" за неговото погрешно "извршување".

И овој случај, по член 92 став 1 "Владата и секој нејзин член за својата работа одговараат пред Собранието" и како таква треба да дава оставка без никакво одлагање односно врз основа на став 2 "Собранието" (треба) да изгласа недоверба на Владата".

Иако е многу јасно дека во овој случај се применети погрешно законските одредби кои беа ставени вон сила, т.е. непостоечки, а се дејствувало во спротивност со новиот, тек што е донесен Закон за употреба на знамињата на национапностите , сепак, врз основа на членот 68 став 2 од Уставот , Собранието на РМ треба под итно да "дава автентично толкување на Законот", па и на законите и да се огради од нивнот прекршување од страна на МВР и Владата за да се ослободи од дел на својата одговорност, те, према точка 17 да навистина "врши политичка контрола и надзор над Владата..."

Во оваа смисла, на ова Собрание може да му послужи како повод и Интерпелацијата по член 72 став 1 поднесена од Парламентарната група на ДПА која е на дневен ред како прва точка на наредната, 75-та седница, а која треба да се проширува и на целата Влада на РМ.

Во "случајот" Гостивар, Тетово итн, на најдрастичен начин се прекршени и одредбите на Повелбата на Организацијата на Обединетите Нации и сличните меѓународни норми и конвенции.

Вака, на пример, иако привремено и се додека не се санкционира и во Уставот сличен статус како во Швајцарија, Белгија, Канада итн., иако треба да се применува многу поавансирано, во случајот на правата на Албанците воопшто, а во врска со знамето посебно, прекршени се и одредбите на Рамковната конвенција за заштита на Националните малцинства, иако тоа ни Албанците во РМ дефакто не сме ... , а која Конвенција, Владата на РМ ја предлагаше, додека ова Собрание ја ратификуваше.

Вака, уште во Преамбулата се вели и ова:

"Државите членки на Советот на Европа и другите држави, потписнички на оваа Рамковна конвенција... решени да го заштитуваат - постоењето на националните малцинства на нивните територии"..., дека тоа "е од суштинско значење за стабилноста, демократската сигурност и мирот на континентот";

- Оценувајќи дека едно плуралистичко и вистинско демократско општество, мора не само да го почитува етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на секој припадник на националното малцинство, туку и да создава услови за изразување, соочување и развој на тој идентитет..."

Во "случајот на Гостивар, Тетово итн, се прекршија на најенклатантан начин овие одредби, него и оние истите и сличните кои се пренесени делумно и во Уставот и во Законот за употребата на знамињата на националностите.

На ист начин се повредени и членовите 4 став 1, 5 став 1, 6 став 1 и 2, членот 7 итн од оваа Конвенција, кои се однесуваат на еднаквоста пред законот, забраната на дискриминацијата, специфичните услови, идентитетот, традицијата, толеранцијата, заканите, непријателствата, насилството, мирното собирање, изразувањето итн, итн, на што поопширно упатувам на целиот контекст и стенографските белешки односно записникот, како составен дел и на моите претходни излагања да не ги повторувам или пак потенцирам во оваа прилика.

Како се прекршени и одредбите на Европската повелба за локална самоуправа, пренесувам дословно само еден многу краток дел од нив:

ЕВРОПСКА ПОВЕЛБА ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Во Преамбулата се вели и ова:

"... Локалната власт е една од главните основи на секое демократско уредување"...

"...тоа подразбира постоење на локални власти кои поседуваат демократски избрани органи за донесување на одлуки и висок степен на автономија..."

Во членот 4 став 2: "локалните власти... имаат полно дискреционо право да ги спроведуваат своите иницијативи во врска со сите прашања што не се исклучени од нивната надлежност..."

Член 7 став 1: "Условите за работа на избраните локални функционери мораат да бидат такви што ќе овозможат слободно вршење на нивните функции"

Член 11: "Локалните власти имаат право на правни средства заради обезбедување на слободното вршење на нивните функции и на почитувањата на начелата на локалната самоуправа.."

И овие фрагменти зборуваат сами по себе и во "случајот на Гостивар, Тетово итн, и нема веќе потреба за никаков коментар!

НЕКОИ КОНТРАДИКТОРНИ ИЗЈАВИ ПРЕКУ НЕКОИ МАСС МЕДИИ

1. Не Албанците, туку МВР и Владата "си играат со фитилот"!

Скопскиот весник "Вечер" на 16 јули 1997 година преку цела своја четврта страница објави статија со над наслов "Тирана Центар на дестабилизација на Балканот" и наслов, Албанците си играат со фитилот*.

Нема потреба да се ставим во одбрана на Тирана, бидејќи тоа може да го направи сама, него имам должност, како и секогаш, да ја наведувам вистината, дека не се Албанците тие кои "играат со фитилот на Балканот", него тоа се МВР и Владата на Владеачката партија на СДС на РМ и нивните хитови на кои се обидуваат да им служат верно, али на штета и на македонскиот народ, на овие простори на регионот!

Тирана до неодамна беше центар на сопствена дестабилизација во која беа, и уште се, инфилтрирани некои црни сили со познато сценарио од токму од некои балкански земји.

Во "случајот" на Гостивар, Тетово итн., не "станува збор" за заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ, за спроведување на Уставот и законите и владеење на правото, како

пишува "Вечер", него напротив, со овие репресивни мерки и насилства над невините граѓани - Албанци, од страна на МВР и Владата со поттикнување на меѓуетничките тензии и нарушување на односите на истите, со имплицирање на можни и страни струи и сили, токму на овој начин се загрозува суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ, кои треба да го заштитат кои други него самите први и прави носители на истите, а тоа се во прв ред најголемите национални колективитети на РМ, значи и Албанците.

Весникот "Вечер" лродолжува: "Тирана... реагира... употребата на нејзиното државно знаме имплицира и територијални претензии спрема РМ".

Тоа нема никаква врска со стварноста!

И Тирана, и било кој друг, има право да "реагира".

Меѓутоа, и со донесување и на најновиот закон за употреба на знамињата, беше санкционирано такво право на употреба, бидејќи тоа е во прв ред најголемо национално знаме на Албанците, додека само коенцидентно и државно знаме на Р. Албанија, а истото сега и подоцна може да биде и државно знаме и на било која држава.

Наводното "имплицирање и територијалните претензии спрема РМ", исто така нема никаква врска, затоа што Албанците и пред, за време и после Крушевската Република и рамноправното застапување на Албанците, а како и за времето на Втората световна војна и Албанците се бореа со своето најголемо национално знаме, меѓутоа не загрозија никого па ни РМ, за чие ослободување го дадоа и својот допринос.

Употребата на најголемото национално знаме на Албанците исто така нема никаква врска со евентуалната федерализација и бинационалност на М. а уште помалку со "насилна", ниту пак со некакво "уривање на нејзиниот уставен поредок" бидејќи и знамето е дозволено како и порано, иако многу по рестриктивно.

Значи и "Вечер" и по овој повод дезинформира, шпекулира, манипулира, поттикнува и што се не...

Само што не ја изнесува вистината!

## 2. Контроверзни ставови и на првите поглавари

### 1. На Владата и премиерот

Под притисок и на вонпарламентарната македонска опозиција и разни претставници на Владата и пред и после пронаонсирањето на Уставниот суд на РМ, после неколку дилеми околу изгледот и формата на знамињата на националностите, посебно за националното знаме на албанците, МВР односно Владата се изјасни и јавно дека нема да се изврши Одлуката на Уставниот суд до донесувањето на новиот закон за употребата на знамињата - на националностите.

Тоа го призна и премиерот на Владата на владеачката партија на РМ, Бранко Црвенковски и за Македонското радио, цитирам,: "Навистина имаме во овој дел една правна празнина - и во делот на употребата на државното знаме на РМ, и во делот на употребата на националните симболи и обележја, во случајот националните знамиња на националностите на РМ"...

Бидејќи е факт дека во овој дел немаме правен акт со кои што ќе се регулираат различните можни ситуации во употребата на знамињата на националностите...

Меѓутоа, контраверлзноста помеѓу ставот, Одлуката и извршувањето на против уставен и против законски начин се обелоденија веднаш, едно шест часа после донесувањето на исполнувањето на оваа правна празнина, со стапувањето ад хок во сила на Законот за употреба на знамињата на националностите на 9.07.1997 година дури и со крвави последици во Гостивар.

### 2. Во изјавата на поглаварот ни збор за Законот?!

Првиот актуелен човек на државата за време на настаните во Гостивар и Тетово беше вон земјава, а со тоа и вон состојбите, за кои тек беше информиран од другите како им одговараше.

На првата изјава на мас-медиумите зборуваше генерално, обидувајќи се да се придржува на дел од Уставот и понатаму на негов својствен начин.

Зборуваше за почитувањето и обврските кон државата, вклучувајќи ги и симболите кои го изразуваат територијалниот интегритет на РМ", додека ни збор за тоа дека само 5-6 часа пред да се симнуваат на противуставен и против законски начин знамињата во Гостивар и Тетово, во негово отсуство и без негов потпис беше донесен и веднаш објавен и веднаш влегол во сила Законот за употреба на знамиња на националностите со кои истите се дозволени од страна на Собранието на РМ, додека од ресорното министерство на Владата како предлагач на тој ист закон ставено "ембарго на највулгарен, најапсурден и крвав начин!

Првиот човек беше принуден да признава дека, цитирам,: "Тој настан е - удар во меѓунационалните односи", меѓутоа, наместо да го именува правиот виновник, тој ја обвини, како и постојано, жртвата, па дури и со претњи дека тоа има и позитивна страна, ако "се повлече поука, но негативна ако "се направи некаква паралелна власт во земјата" па во стилот на неговиот познат демагошки пристап апелирам "да се премине на мирен граѓански живот кој ќе го градиме сите заедно, додека испушти да додава: со помошта на силата и оружјето на едните, а на штета и со парите на другите.

Тоа е неговата "еднаквост", "рамноправност" и "сожителство?!"

**САЛИ РАМАДАНИ**:( Приложена дискусија на 74-та седница на
на РМ одржана на 28.VIII.
1997 година)

**Кратка анализа на Информацијата (односно дезинформацијата) на Министерството за внатрешни работи за актуелните состојби во општината Гостивар и Тетово од 15 јули 1997 година донесено до Собранието на Република Македонија по писменото барање на Пратеничката група на Пратеничката група на ДПА од 9.07.1997 година.**

Во моето досегашно излагање, како и во мојата статија од страница ипол, објавена и во скопскиот дневен весник "Флака" на 5.08.1997 година подналслов "Тотален промашај и на партиите на Албанците" со седум поднаслови, имате и добар дел на објавен одговор на Информацијата) односно дезинформацијата на МВР за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово од 15 јули 1997 година, доставено до Собранието на РМ, по писменото барање на Пратеничката група на ДПА од 9.07.1997 година.

Оваа информација од 12 страници не само што не е објективна, не е точна, не е потполна, туку е и апсурдна, чудна, бедна, и смешна како и измислена, иконструирана, инсценирана, фарса, дескритивна, површна, со опишување на лочо насликани и фалсификувани состојби од свој сопствен агол, еднострано и субјективно, контрадикторно и повеќе личи на вештачење и тоа лошо, злонамерно и погрешно вештачење, него на информација, која треба да се заснива на аргументи и на реални состојби.

И поради овие причини од научен-политички аспект, оваа Информација односно дезинформација не само што не заслужува посебно внимание и осврт, него и никакво, затоа што такво е и нивото на нејзината содржина.

Меѓутоа, поради вистината и потребата, треба да се каже и нешто поконкретно:

1. Имено, цитирам: "МВР на РМ, на 9 јули 1997 година презеде мерки за спроведување на Одлуката на Уставниот суд У.Бр.52/97 од 11 јуни 1997 година за симнување на нелегално поставените знамиња прет општинските совети на Тетово и Гостивар".

Точно е тоа дека постоеше таква одлука, меѓутоа, таа одлука, иако беше донесена од страна на Уставниот суд, немаше никаква правна, ни Уставна и законска основа, туку беше тенденциозна, па затоа не само

што се пролонгираше толку, туку и од првиот човек на Владата беше јавно речено дека постои правна празнина околу потребата на сите знамиња и дека се очекува правна регулатива.

2. Токму поради овие причини и од фактот што за време на, наводно, извршувањето на одлуката, веќе беше во сила, Законот за употребата на знамињата на националностите, што значи дека и во оваа смисла веќе не беше во прашање "нелегално поставените знамиња", како што дезинформира информацијата него тоа веќе беше легализирано и со најновиот закон?!

Тука веќе може да се стави точка и нема потреба за никаков друг коментар!

Меѓутоа, иако се исклучува сама по себе, со безброј контрадикторности, оваа информација треба да се дисквалифицира тотално.

Дека се беше против уставно, против законско и тенденциозно се признава дури и во самата Информација:

"Во раните утрински часови, припадниците на специјалните единици и посебните полициски сили ги симнаа знамињата, извршија претрес и поставија физичко обезбедување на овие објекти"... со "шок бомби", со "звучни и светлосни ефекти"...

Прво, се поставува едно имплицитно прашање: Зошто ги симнаа знамињата во раните утрински часови, односно поточно: во точно време, после пола ноќ во 01,30 часот?!

2. Дали во редовите на тие "Специјални единици и посебни полициски сили имаше и Албанци, било тоа и само еден и

3. Дека имаше полицајци од странска земја не е спорно, туку е спорно и. треба да се констатира бројот, колку беше поголем од македонската полиција, дали се познавале меѓусебно, кој го одобрил тоа, и дали го одобрил, колку е тоа тајно, колку е наметнато, колку одговорни државни органи односно лица тоа го знаат итн.

Понатаму, не е спорно тоа, ниту е важно, дека, цитирам:"При деталниот преглед на просториите на двете собранија, пронајдено е огнено оружје".

Службените избрани или посебни оценки имаат право да носат, држат оружје и во себе, и дома, а камо ли во службените простории на општините, и додека поседувањето на легалната документација се

подразбира во самиот факт што тие се легални органи на локалната власт, а некои од нив имале и посебни дозволи за носење оружје.

МВР "признава дека, при совладувањето на заклучените власти е користена физичка сила", дури и "огнено оружје" и дека е "предизвикана материјална штета, а не признава дека и за тоа немаше никаква потреба и дека затоа се одговара и кривично што мора да следи, ако се почитуваат законите на онаа држава и ако одиме кон декларираното за "правна држава".

Додека се претпоставило погрешно за некаков "оружен отпор", исто така отпаѓа , затоа што граѓаните за цело време својот револт ја демонстрираа на многу мирен начин токму врз основа на Законот за јавните собири кој беше донесен од овој Парламент и за кого , како ретко кога, гласав и јас.

Дури Информацијата во една прилика е принудена да признава, дека цитирам: "сите приоди кон овој простор, помина (а)?), без поголеми провокации или нарушувања на јавниот ред и мир", но во продолжение измисли, драматизира, искривува и на патолошки начин халуционационира: имало "обиди за злоупотреба на правото за организирано мирно протестирање" наводно, без никаков повод, група од 200 граѓани, со употреба на физичка сила, разни опасни орудија и хемиски средства, ги нападнаа статистички поставените полициски позиции и го нарушија во поголем обем јавниот ред и мир во градот.

Тоа е чисто измислено и не одговорно воопшто на вистината.

И првата толпа на граѓани, организирајќи се спонтано да реагираат против една таква против уставна и против законска Одлука и акција, против еден таков криминален чин на непоканети чинители, дури и од странска држава, беше млада мирна , се однесуваше многу културно, за кое и самите ТВ - снимки на државната ТВ сведочат без никакво сомнение дека не беше употребена никаква физичка сила, никакви орудија или хемиски средства.

Напротив, Информацијата признава дека, цитирам, "Полициските сили возвратија во употреба на хемиски средства АФ и АГ - 1" ЦФ.е. солзавец), гумена палка и физичка сила".

Изборот без никаков повод, него само да се провоцира толпата и да не остане сценариото недовршено и да се оправда доаѓањето од разни страни, па и странски држави и во мирниот Гостивар, кој и по овој

најризичен повод се определил за разрешување на мирен начин и за најболната точка на својата програмска определба.

Понатаму: Информацијата ја крие тотално бројката на "специјалците" и посебните полициски единици, да ли беа околу 5000 према мас-смедиумите или 10.000, него ја драматизира толпата "околу 15 часот дека "се движеше помеѓу 7-8.000 лица" додека самата шпекулација за бројот на загинатите, повредените и приведените лица.

Информацијата сама манипулира дека се претпоставило" дека ќе "се манипулира со толпата", дека "ќе бидат употребени молотони коктели" врз полицискиот хордон и возилата" итн., се, засновала на претпоставки, предвидувања, можности и се останало на тоа до крајот, ништо не се употребувало, ако се нешто имало, бидејќи со ништо не е докажано, што по точно дека "своето е покажано за туѓо"!

Со ништо не е докажано дека од пет лица лишени од слобода во 14,30 минути, тројца државјани на Р. Албанија", додека јас имам сознанија дека еден добар дел на граѓани, посебно оние од Гостивар и Тетово, кои работат во Р.А. имаат двојно државјанство, додека во толпата можеле да се приклучат и случајни туристи и службени лица и од Америка и од било која друга земја!

Дека се извикало "Босна", "Босна", со ништо не е докажано дека сакаат војна и катастрофа како во Босна, него да им се обрнува најсериозно вниманието на полицајците и другите чинители на криминални дејанија, да не поттикнуваат војна, да не биде втора Босна, итн.

Исто така со ништо не е докажано дека "во 15:18:38 часот, ...е "фрлена првата, а само секунда покасно и втората димна бомба и дека, народно, "екстремистите отворија оган од автоматско оружје врз полициските позиции."

И тоа е измислено, затоа, што не само што не беше убиен ниеден полицаец, ако и тоа случајно не се крие, него и еден едини наводно, потешко повреден, зошто не е пренесен во болница Гостивар или во Тетово, каде е поблиску и каде има одлични специјалисти хирурзи - Албанци и да го оперираше лекарот - Албанец, па некако да се поверува, него е пренесен во Скопје!

Доказите со ТВ снимки го потврдуваат обрнутото полицијата во атмосфера на интензивна едночасовна оружена престрелка", без никаков повод при убиствата на двајца и ранување на стотина граѓани - Албанци, можела да погоди и еден свој колега, без или со намера!

Сосема е нормално што родителите на убиените деца не им дозволија да се врши обдукција од страна на убијците, затоа што со тоа ќе се манипулираше уште повеќе и со телата на невините мртви граѓани Албанци!

МВР, не го почитувал, него го прекршил и членот 35 од Законот за внатрешни работи па дури шпекулира и во Основните правила за употреба на сила и огнено оружје од страна на со закон овластените лица", усвоени на Осмиот Конгрес на ООН за превенција на криминапот и третманот на сторителите на кривичните дела, одржан во Хавана од 2.08.до 09. 1990 година."

Информацијата е со полни невистини и во делот внесени, или само предочени прилози за балистичко вештачење, како и фото-документацијата со бескрупулозни и флагрантни шпекулации на илустрации на демонстрирање на сопствена сила на полициски единици, да оружје и техника од една страна, меѓутоа, со ништо не е докажано дека некој од толпата се обидувап да употребува било каква физичка сила туку напротив: или демонстрира мирно и тоа на едно место, или се наоѓа во бегство, додека врз нив се употребува истата.

За констатација на овој наш наод сем стотина илјада живи докази со кои располага и мојата партија, мојата парламентарна група на ДПА и јас лично, сведочат и емитуваните снимки на ТВ - А1 - Скопје, дека и од едната од најголемите простории од која се пукаше од сите врсти на оружја, попратени и со службени камери, беа цивилни полицајци - македонци, што беше и многу невешто инсценирано, а потоа, и претставено како да беа Албанци!

Да речеме дека полицајците не гаѓале за цело време према толпата право и затоа нема повеќе убиени, бидејќи немале ни повод, ни причина, ниту беа мотивирани, тогаш, ако би гаѓале Албанците и од толку голем број на простории и од таква близина, каде се убиените полицајци, за кое Албанците имале и повод, и причини и мотивирање!.

Може би Албанците, не се добри стрелци!

Не, ли!

Тоа, не може да биде така! И секоја нелогичност за едната мора да има логика за другата страна!

Дека се пронајдени, или пак подметнати револвери од оваа или онаа марка, модел и калибар, од Исток и од Запад или пак други средства, што исто така можно фалсификување, исто така нема никаква релевантност.

Важно е тоа дека овој пат, толпата не употреби никакво оружје, па ниту ни орудија, дури ни во одбрана а како се "однесуваше" полицијата и према ранетите, со каква бруталност и омраза се гледаше јавно и не треба коментар.

И према самата информација односно дезинформација произлегува дека немаше ниту "основани сомненија за поднесување на кривични пријави - за наводно извршени кривични дела против државата, правосудството, јавниот ред и мир, ниту за "поведување на прекршочни постапки", ниту за задржување 318, а лишени од слобода 18 лица само првиот ден, ниту за извршување претрес дури во службените простории на органите на локалната власт и за поништување на општествената сопственост, додека во приватните станови и куќи сем малтретирањето и ограбување и на најскапоцени семејни и лични предмети и сопственост.

Сценариото на оваа информација се открива и зборува само по себе кога се произнесува:

"во Кабинетот на претседателот на општинското собрание во Гостивар (место градоначалникот - моја забелешка), покрај другото, пронајдена е документација која во целост се однесува на т.н. "кризни штабови, замислени да делуваат во услови на насилно симнување на албанското знаме"... наводно за "оружен отпор".

Тоа исто така е измислено и апсурдно!.

Прво, не е наведено, зошто е напишано дека треба да се основаат такви кризни штабови, иако локалната власт има право да има и "кризни штабови" и во случај на елементарни непогоди и други случаи, вклучувајќи и во случај на воена опасност;

Второ, тие штабови беа само на хартија, што уште не знначат ништо како корпус деликти и да имале друга цел;

Трето, генијапната личност на градоначалникот на општина Гостивар, невиновниот г-дн Руфи Османи, и кога би имап такви хартии од таков карактер не би ги "чувап во службениот негов кабинет во просториите на општина Гостивар, затоа што не е толку наивен, него напротив...

Кои се екстремистите и криминалците, зборуваа сами по себе и овие докази од самата информација:

"од 9 до 11 јули се регистрирани 196 прегледани, а 49 хоспитализирани пациенти во Гостивар. На 9 јули 7 повредени побарале помош на Хируршките клиники при Клиничкиот центар во Скопје, а 9 хоспитализирани во Воената болница во Скопје"

И овој пат, како и неколку досега, наместо неодложната констатација и за "прекорачувањата на, наводно, службените овластувања", поднесување на кривични пријави против сторителите на кривичните дела, во Информацијата се шпекулира и понатаму, наводно, дека овие предчекорувања ќе ги истражувал посебно тело, за чии сознанија јавноста, наводно, ќе биде информирана!.

И на крајот и оваа информација на МВР односно на Владата на владеачката партија на РМ, како, не само непотполна, туку и невистинита, несериозна, измислена, деструктивна и тенденциозна, не ја прифаќам и нема да гласам, односно ќе гласам против и тоа со најостро протестирање, со најенергично барање: Руфи Османи, Рефик Даути, Алаедин Демири, Вехби Беџети и другите да се ослободуваат веднаш од обвинението и политичкиот монтиран процес.

**САЛИ РАМАДАНИ: (**Приложена дискусија на 74-та седница
на Собранието на РМ одржана на
28. VIII. 1997 год.)

## Најконцизен и најобјективен одговор
## Од извештајот на Демократскиот форум за одбрана на човековите права и слободи во Македонија (со седиште во Гостивар) во врска со состојбите на 9 јули 1997 год. во Гостивар и Тетово

"За применување на одлуката на Уставниот суд, према изјавата на Министерот за правда, Владата решила да ова прашање не го разрешува насилно, него со посебен закон за употреба на знамињата на националностите, таму каде што животот во мнозинство. И така се догоди...

..."Не се памети да некој закон, донесен од Собранието да влегува во сила веднаш по неговото донесување..."

..."Во отсуство на претседателот Киро Глигоров, кој беше на службено патување, овој закон се прогласува и потпишува од претседателот на Собранието, Тито Петковски. Се поставува дилемата: дали бил овластуван претседателот на Парламентот да во исто време да гласа во Парламентот за донесувањето на овој закон и да го пригласува истиот?! Оваа дилема треба да ја изјаснува Уставниот суд. Ние цениме дека тој го немал тоа право за да се претставува во исто време во двојни високи функции во Републиката. Само шест часа по донесувањето на законот, односно во 01 часот и 30 минути, специјалните македонски полициски единци, ги отсимнаа знамињата на Албанците и Турците во општините Гостивар и Тетово.

"Според неслужбените податоци, а по нашиве проценки, беа ангажирани околу 5000 полицајци - специјализирани за интервенции од оваа врста со автоблиндирани средства, наоружани до заби, со најсовремено оружје, вклучувајќи тука и снајперското наоружување..."

..."Од моментот на лишувањето на горенаведените претседатели (т.е. на Руфи Османи и Рефик Даути - моја забелешка) се лишуваат од слобода над 200 активисти на Демократската партија на Албанците, а и другите, и се упатуваат према непознати правци. Во исто време започнува постапката на претресот на куќите, попратно со вандализам и малтретирање на членовите на нивните семејства. Према случајните сведоци, со кои имавме можност да контактираме за време на попладнево, полицијата започнала со најбруталните напади. Важно е да

се напомне фактот дека протестантите побараа од полицијата да му овозможуваат а градоначалникот г. Руфи Османи да и се обрати на масата. Според податоците со кои располагаме, полицијата тоа не го одобрила..."

..."Од 15 часот и 20 минути овие специјални полициски сили, наоружани до заби, секако добиваат наредба да ја напаѓаат толпата, од прво фрлајќи солзавец, а по тоа употребувајќи и огнено оружје. Од кога е отворен еден прав хаос, полицајците употребија огнено оружје во правец на толпата, која почнала да бега према градските улици за да се спасуваат. Во овие моменти специјалните полициски сили, гаѓаат од автоматско оружје, додека скривените полициски сили, сместени во зградите на разните објекти, гаѓаат со снајпери. Во почетокот беа ранети многу граѓани од рафалите на автоматите.

Според некои службени изјави ранети беа над 500 граѓани, додека лекарска помош побараа над 210 во болница - Гостивар.

..."Од напаѓањето на специјалната полиција над народот со голи раце, падна и првата жртва. Од автоматските куршуми го убија Назми Сапиу, 31- една година од с. Турчани и Вогел, татко на две деца. Според некои случајни сведоци, покојниот погоден со снајпер од станот на еден полицаец. Додека, др. Шпенд Хисани од село Фарино е убиен од снајпер, исто така на цивилен полицаец и исто така од истата зграда...

Од задобиените тешки рани на 9 јули, почина и Милаим Даути, 52-годишен, на 14 јули оваа година. По масакрот од рафалите на специјалната полиција, продолжува акцијата на лишувања од слобода и претреси на околните куќи и станови. Токму тука македонската специјална полиција ја покажува својата ѕверска бруталност. Влегува по куќите на невините граѓани, мава, малтретира, без разлика на старост, пол, по кој повод го уништуваат куќниот инвентар, опљачкаат пари и скапоцени предмети на жени...

Бројот на притворените поминува над 500 лица, за кои беа резервирани места и објекти, каде ќе се задржуваат и масакрираат од страна на полицијата.

За два дена, на 9 и 10 јули во Здравствениот центар во Гостивар се примени 210 граѓани, со тешки телесни повреди, од кои и тројца починаа,

25 се упатени на лекување во скопските болници додека еден дел се задржани во болниците на Гостивар и Тетово.

Оваа бројка е многу поголема, бидејќи ранетите од страв не се пријавени во државните болници, него тие побараа лекарска помош во приватните амбуланти и дома. Оваа бројка може да биде и над 1000...

...Бруталното навлегување на полицијата имала за цел и грабеж. Така на Имер Зеќири при враќањето од Германија дома, во Гостивар, овие сили му одзедоа 20.000 ДМ., на Сани Али Гега... 600 ДМ и на Ваедин Рамани, кого го лишуваат од слобода пред Банката и од кога го малтретираат му ги одземаат 2.000 ДМ, кој ги носел во себе...

Вака не се работело, ниту за време на инквизицијата...

Овој неполн извештај им е испратен до сите најрелевантни европски и светски организации и одговорни лица за информирање со предлог за посета на лице место и за преземање на адекватни мерки.

Овој извештај на овој форум му го приложувам во целина на стенографските белешки на Собранието на Република Македонија.

Сот,

Денеска од моето опширно излагање по оваа точка, пренесувам само едно кратко резиме и конкретизирање во врска со Информацијата односно Дезинформацијата на МВР односно на Владата на РМ за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово, додека автентичниот и авторизираниот текст во целина го прилагам како составен дел на записникот односно стенографските белешки за оваа 74-та седница на Собранието на РМ.

## ПРЕКРШУВАВЊЕ НА УСТАВОТ И ЗАКОНОТ

И во случајот на Гостивар,Тетово итн, уште еден пат е прекршена и Преамбулата на актуелниот Устав на Р,М, што се однесува до националната рамноправност односно нерамноправност.

Прекршени се на најбескрупулозен и на најдрастичен начин основните одредби на членовите 2 ст,1, членот 8 ст,1, точките 3, 6, 8, 9 и 11 и ст, 2; од .Уставот, кои се однесуваат до суверенитетот, те темелните вредности на Уставниот поредок на РМ, вклучувајќи си ја и локалната самоуправа и почитувањето. на меѓународните правни норми.

Повредени ое и основните слободи и права на човекот и граѓанинот, во овој случај слободите и правата на албанците, санкционирани во членовите 9 ст.1; 48 ст.1 и 2; 51 ст,2; 54 ст.3; 68 ст,1 т. 2. 13. 14. 15, 17; чл.88 ст. 2; 91 ст,1 т,1; 92 ст,1 и 2; 93 ст 1 и 2; 94 ст,1 и 2; чл.108; чл . 110 ст.1, т.1, 3, 4, 5. и 8; чл, 114 ст, 1; 115 ст,1 и.т.н., кои се однесуваат на: еднаквоста и рамноправноста и идентитетот и особеностите; почитувањето на Уставот и законите, недикриминацијата, толкувањето на одредбите, надзорот над Владата и нејзината нормативна одговорност, правото и обврските на Уставниот суд, те локаната самоуправа, т,е општината и нејзиното загарантирано право и обврска.

Ва "случајот". на Гостивар, Тетово итн, на најдраетичен начин се прекршени и одредбите на Повелбата на ООН и сличните меѓународни правни норми и конвенции, кано што се: Преамбулата и членовите: 4 ст.1/5 ст.1/6 ст. 1 и 2 и членот 7 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, во случајот на Албанците во поавансирана форма,те Преамбулата и членовите: 4 ст. 2/7 ст. 1; и членот 11 од Европската повелба за локална самоуправа ,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Исмет Рамадани има збор, па после ќе прекинеме со работа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Добро се знае дека со барањето на пратеничката група да имаме една Информација во врска со трагичните настани во Гостивар и претходеа разни изјави и активности што навистина можеби даваат едно од отсликувале на сето тоа што се дискутира во овие два дена во Парламентот.

Уште еднаш морам да констатирам дека од дискусиите на моите колеги успеавме некако да го надокнадиме тоа што на почетокот на седницата, односно расправата по оваа точка барав да се гледаат ТВ-касети, односно виодео-касети.

Пред себе имаме Информација. И имаме и немаме. Знаевме дека Министерството за внатрешни работи никогаш и знаеме никогаш нема да имаме таква информација што ќе ги задоволи потребите на добра информираност. Затоа што имаме искуство и од порано и од настаните на Бит Пазар дека, ако се почне информацијата со тенденција, ама баш секогаш априори полицијата да не биде виновна, тогаш заклучуваме дека најдоброто што може да го направи МВР, а јас би рекол дел од нив, го направија на 9 јули тогаш, во Гостивар. А, тоа нивното "најдобро" испадна дека за нас е најлошото што го направија.

Се вртеше една теза и во медиумите и во изјавите на првите луѓе, првиот човек на МВР "во Гостивар се бранеше Уставот, се бранеше Македонија итн."

Не, господа. Во Гостивар се убиваше човекот, се тепаше, се малтретираше затоа што уставот има и членови, од 9 до 29, корпус на одредби односно "Право на човекот". "Животот на човекот е неприкосновен" пишува во членот 9.

Во членот 11 пишува дека се забранува мачење на човекот. Таму имаше и убивање и мачење, мачење на човекот.

Сега се поставува прашањето дали се бранеше Уставот кога дел од Уставот и многу значаен е корпусот на правата на човекот.

Сите вие, непосредно вмешани, како повод а не како последица во оваа трагедија на Гостивар, кои од овој Гостивар, еснафски град направивте една "арена на гладијатори", до вас и со благослов на Господ казната ќе стигне. До сите тие ќе стигне казната.

И, вие господа, не припаѓате на човечкиот сој затоа што убиените сега почиваат во мир, но за вас, вашата душа и совест, ако ја имате, нема да има мир. Независно од тоа дека сте обичен или супермен полицаец или прв човек на полицијата, или први луѓе на партии, јас ви велам сите пред храмот на срамот. Затоа што, додека вие се прашувате во себе дали постапив добро и дали дадов патриотска изјава, детето, братот, сестрата, мајката прашуваат - каде ми е таткото, каде ми е братот, каде ми е синот?

Јас ви велам, наведнете ја главата и бегајте некаде далеку од јавноста да не нанесувате уште некој таксират на невини луѓе, па макар и да се со апбанска припадност.

Господа,

Од вашите постапки сега се срами поголемиот дел и од вашата институција. Затоа јас никогаш не би зборувал за Министерството за внатрешни работи дека ама баш сите се виновни во сето ова. Јас сега комуницирам со тие што претходеа да се случи ова, тие што учествуваа да се случи сето ова, што многу пластично и многу опширно и многу децидно беше кажано од сите.

Затоа што сакам да верувам дека поголемиот дел на полицијата односно МВР се срами од тоа што се случи таму. А, сигурен сум, многу сигурен дека и поголемиот дел од јавноста било да е тоа македонска или албанска јавност.

Се поставува едно многу просто прашање, никогаш не сум го слушнал овде, дали кај убиените имаше оружје? Дали тие имаа оружје при себе? Сите наши сознанија кажуваат дека немале никакво оружје при себе.

Како се убиени? Која е нивната вина? Еклатантен пример како не требаше да се дејствува во овој случај.

Како политичка партија се доведува до таква ситуација преку жртви да прави политички маркетинг за да ги добие изборите, тоа е голема човечка трагедија. Тие челници, реков пред малку што подалеку од јавноста, што подалеку од нивните функции. Затоа што еве и се враќа тоа со бумеранг, токму тие челници денеска добиваат шамар, добиваат лекции и од далеку и од горе, добиваат од ОН, добиваат од Европската унија, добиваат шамар од Советот на Европа, од ОПСЕ, од САД. Тие добиваат. Не велам за партија тука, не велам за институција. Велам за луѓе кои се покриваат или прикриваат во партии и институции а склони се да создаваат ситуации за кои жестоко расправаме и срам ни е колега во колега да погледаме во очи. Дури и вчера ни беше целта да гледаме ТВ-касети, еден до друг седнати, да гледаме што се случуваше таму.

И тие постапки, нормално и се разбира дека во најтешка состојба и позиција ја ставија мојата пратеничка група односно мојата партија. Затоа што има неодговорни кои површно викаат: па, ако е така што бара ПДП понатаму во Владата, што бараат да имаат министри и др. Меѓутоа, зошто не се продолжи па ако нема во институциите од апбанците, што е другата алтернатива?

Која е другата алтернатива. Или Ако бараат другите да не сте, денеска од пратеник македонец од Тетово се кажа, па до кога ќе ги слушаме ние кавгите што ги имате во таа Влада како ПДП тука?

Ќе ги слушнеш кавгите. Но, нема, нема да го дочекаш Албанецот да биде вон тоа што се случува во Република Македонија. И вон институциите во државата. Да биде пасивен човек, да те гледа тебе како му крои судбина. Тоа не.

Се повторуваше неколку пати зборот оставка. Тежок збор, тешка одлука, но многу човечка одлука може да биде и во ситуации кога мене ми е јасно, не може премиерот да бара оставка и разрешување од министерот за внатрешни работи кому лично честитал пред таа полиција и дека акцијата била успешна, а истовремено даречеме со барање или притисок на ПДП, како што знаат другите да кажат да го разреши истиот

министер што го фапење и го фали. А, министерот да го каже тоа - па, како ќе решат тие од Владата, односно како ќе рече премиерот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Професоре, немојте да барате и чекате да ви ја олесни работата премиерот. Едно такво олеснување барајте си од себе. Олеснувањето е во таа морална обврска. Има жртви. Вие сте човек кој меѓу првите, после измените во системот се боревте за човекови права и навистина немојте да се најдете во ситуација сега да очекувате некој друг да бара од вас оставка. Тоа најдобро вие можете да го направите. А јас, навистина уште се надевам и уште очекувам дека таа оставка министерот за внатрешни работи ќе ја имаме и нема да биде никакво изненадување. Навистина, никакво изненадување, затоа што после сето ова навистина нема, ама нема никакво оправдување и понатаму да се остане на чело на ова Министерство, затоа што гостиварските настани и понатаму ќе бидат тема, дали на разни комисии, владини или собраниски итн. Јас знам дека силата на аргументите дали во овој случај и во тој случај никогаш не може да биде тоа што ќе издејствува за вашата оставка, но тие аргументи во себе во вашата душа ги носите вие сами и останува вие да си одлучите. Јас и ние да ви држиме лекција за тоа што е човечко, мислам дека пионери сме за тоа.

По некогаш се прашувам односно паметам еден случај тука во Собранието кога Руфи Османи жестоко ве нападна, повторувам жестоко ве нападна, повторувам дека претеруваше, повторувам дека не ми беше добро како човек со еден таков тон и со такви зборови кога Ви се обрати и денес може да помисли некој дека, еве, можеби професорот, министер за внатрешни работи е во ситуација кога може да ве нарече некој и злопамтило. Затоа, јас мислам дека треба д се ослободите од оваа функција, дали бевте или не бевте виновни ќе покажуваат понатаму, и наодите и заклучоците кои ќе дојдат од тие комисии кои, веројатно, и ќе бидат формирани и секогаш имате можност и шанса да го кажете тоа дека некој друг бил виновен.

Јас г-дине претседателе не знам каква ви е намерата, дали денеска ја прекинувате само расправата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ако ја прекинувате расправата ќе продолжиме веројатно со одредени заклучоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да.

Има збор г-дино Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас бев прозван како пратеник од Тетово. Ќе го потсетам почитуваниот колега пратеник, а верувам дека сите ќе се сетите. овој парламент кога ја избираше првата влада во декември 1994 година јас бев против тоа да нема министри албанци туку да има министри албанци од редовите на партиите кои што сочинија коалиција. Дури поименично именував личности кои ги познавам, ги познава и целата држава, од Дебар, од Тетово, од Гостивар, од Скопје. Според тоа никогаш не сум рекол дека ќе кројам на некому судбина. Меѓутоа, право е на премиерот, на коалициона групација дали ќе мора да зема министри од некоја друга етничка партија или ќе зема од националностите, но од партиите кои што имаат еден поинаков однос и третман. Се виде едно такво затварање до каде не донесе.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри.

И јас сакам да се вклучам во расправата по информацијата иако веќе два дена расправаме тука. Но, одредени дискусии просто ме натераа да се јавам овде на говорница.

Сакам да кажам неколку збора во врска со настапите на колегите албанци.

Јас мислам дека воопшто немаше да има потреба од информација за настани во Гостивар ако овие дискусии што денес се водат и од едната и од другата страна на ПДП и ПДП-а итн., ако не беа, даречеме првите задачи на градоначалниците во Тетово и Гостивар и другите општини каде што градоначалниците се луѓе од ПДП и ПДП-а, шоготово од ПДП-а, мислам дека до ваква информација немаше да дојде. Сакам да речам дека ова е само последица, а причината е основна, колеги пратеници албанци што навистина ве почитувам до крај.

Имаше некој предлог да се гледаат касети. Јас ќе бев многу задоволен ако гледав касети веднаш после донесувањето на одлуки јас собранијата на општините Тетово и Гостивар и другите општини како наши колеги апбанци се запагаат да не дојде до тоа овие одлуки да се спроведат. Што сакам да кажам. Донесени одлуки, веднаш на јарболите застави. Дојде до Одлука на Уставен суд, дојде дури одлука, одлуката на Уставниот суд да се спроведе. Молени се политичките партии албански а никој не стана поединец и партија да ги посоветува таму овие градоначалници или овие советници дека ова е против законски, треба да се почека во крајна линија законот за употреба на симболите и тогаш ако законот кажеше дека треба ќе се поставеше не едно, две и не знам какво знаме. Значи така како што ќе се каже во законот како што се кажа со законот што го донесовме некаде на 9 или 10. Сакам да речам дека многу е прозирно. Навистина човек дури да се згрози од поедини дискусии, како да некој чекал да се случи такво нешто и да правиме еден атак врз полицијата која секојдневно ја бараме да ни помогне.

Јас пак ќе речам, може би имало одредени пречекорување. Може би велам, меѓутоа, сигурно има начини и институции како тоа да се решава. Ве молам, дали ќе има само превентива во праксата. Дали не требаше превентивно да дејствуваат овие политички фактори што денес лелекаат и плачат. И мене ми е многу жал за жртвите и јас сочувствувам со нив, меѓутоа се знае кој придонесе да дојде до ваква интервенција во Гостивар.

Од друга страна, видете, колку, според мене е паметно постапено. Се настапува во еден ипол часот полноќ кога се очекува дека таму нема луѓе. Се доаѓа и се симнува знамето. Што е повеќе направено од тоа? Наредниот ден, сега, не може да биде тоа спонтано, можеме да

разговараме за спонтано собирање кога тука се нашле 10 или 20 луѓе, а толку народ да се собере одеднаш, тоа не е спонтано.

Уште еднаш повторувам, тешко е, јас ги разбирам колегите, меѓутоа, навистина мислам дека оние паднаа на испитот. Ако бараме виновник, виновници се тие што ги донесоа тие одлуки, виновници се тие кои на некој начин не сакаат да спроведат одлука на Уставен суд а сега можеме да расправаме до утре сабајле и уште пет дена, од една страна се кажува друго. Јас воопшто не сакам да влегувам во тоа како било и што било, незнам ако сме ние суверена држава, ако сме граѓанска држава, ако сме правна држава, логично е законите кои постојат во оваа држава дека треба да се почитуваат додека не се изменат. Може би и не се добри. меѓутоа. додека не ги измениме треба да ги почитуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам сега да ја прекинеме седницата.

Продолжуваме на 3 септември во 11,00 часот

По завршувањето на оваа седница ќе продолжиме со 75-та седница.

(Седницата заврши во 16,40 часот)